Р Е В

# ВАШАТА
# ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

## Моќта на дарежливоста

О Л У

ГЕРИ КИСИ

Ц И Ј А

Драги пријатели во Христос,

Наша молитва е поучувањето во оваа книга да ви биде на благослов и охрабрување! Слободно споделете го овој материјал со вашите пријатели, вашето семејство и вашата црква. Исто така, посетете ја страницата на FLNFree.com за бесплатно преземање на дополнителни копии, како и за повеќе други материјали за почување на вашиот јазик!

Бог ве љуби и Тој има прекрасен план за вашиот живот! Сознанието како функционира Божјото Царство ни го промени животот на подобро, и веруваме дека ќе го стори истото и за вас!

Со љубов во Христос,

Гери и Дренда Киси



П.С. Не заборавајте да ја посетите нашата веб страница FLNFree.com за бесплатно преземење на дополнителни материјали за поучување на вашиот јазик!

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

Моќта на дарежливоста

ГЕРИ КИСИ

**Your Financial Revolution**
**The Power of Generosity.** Macedonian. By Gary Keesee
Copyright © 2023 by Gary Keesee

Originally printed in English
ISBN: 978-1-945930-52-2

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

This book is a free gift from the author and is NOT FOR SALE

You can reach Faith Life Now Ministries on the Internet at **FaithLifeNow.com**

More resources by the same author are available for free download at **FLNFree.com**

**Вашата Финасиска Революција**
**Моќта на дарежливоста.** Македонски. Од Гери Киси
Авторски права © 2023 од Гери Киси

Првично издадена на англиски јазик
ISBN: 978-1-945930-52-2

Faith Life Now
P.O. Box 779
New Albany, OH 43054, USA

Оваа книга е подарок од авторот и НЕ Е ЗА ПРОДАЖБА

Службата на Faith Life Now е достапна онлајн на: **FaithLifeNow.com**

Дополнителни материјали од истиот автор се достапни за бесплатно преземање од страницата на: **FLNFree.com**

**Издава: Евангелска Црква во РМ**
**Ф.Рузвелт 16**
**Скопје**

**Превод: Игор Панов**
**Лектура: Емилија Златкова - Анастасова**
**Графика и дизајн: Елисавета Галева**
**Печати: Ирис – Струга**
**Тираж: 2000**

Во оваа книга авторот има користено стихови од различни преводи на Библијата. Сите стихови, кои се поклопуваат со стандарниот македонски превод на Библијата, во издание на Библиското здружение на Р. Македонија, Скопје, 2007, се користени од тоа издание на Библијата. Дел од стиховите се извадени од динамичниот превод на Новиот завет, во издание на ХБЦ „Радосна Вест", Скопје, 1999. Сите останати стихови се парафразиран и динамичен превод на англиските преводи на Библијата.

# ПОСВЕТА

Оваа книга е посветена на мојата прекрасна сопруга Дренда со која сум во брак 40 години. Таа е најдарежливата личност што сум ја сретнал. Таа секогаш мисли на другите и ме учи како да ги сакам луѓето, за што сум засекогаш благодарен!

—Гери Киси

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**........................................................9

**ПРВО ПОГЛАВЈЕ:** Моќта на дарежливоста..................17

**ВТОРО ПОГЛАВЈЕ:** Одговорот: Благодат.......................33

**ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ:** Дали ги исполнувате условите?........61

**ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ:** Чии се парите?...............................77

**ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Ви треба партнер! ..........................93

**ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ:** Тајната на десетокот..................107

**СЕДМО ПОГЛАВЈЕ:** Ви треба торба: прв дел...............125

**ОСМО ПОГЛАВЈЕ:** Ви треба торба: втор дел................155

**ДЕВЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Законот на мерката..................165

**ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:** Дарежливиот цар........................179

**ЕДИНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ:**
Ветувањето за оние кои се дарежливи.......................197

# ВОВЕД

Кога Бог нѐ повика со Дренда да започнеме ТВ служба, морам да признаам дека не размислував претходно за тоа. Штотуку се вратив од Албанија, каде што одржав пет сесии за Божјото Царство и споделив за тоа како Дренда и јас се ослободивме од долговите следејќи ги законите на Царството.

Ако сте ги прочитале моите претходни книги, можеби ќе се сетите како сината магла на Божјата слава ја исполни дневната соба во домот на мисионерите ноќта кога ја одржавме последната сесија. Таму Господ ми рече: *„Те повикувам да ги поучиш народите на Мојот завет за финансиски благослов. И каде и да те испратам, ќе платам за тоа“.*

Таа ноќ ми се промени животот. Сепак, немав поим што точно Господ сакаше да каже со Неговите зборови: *„Те повикувам да ги поучиш народите“*.

Подоцна дознав дека телевизијата беше средството што Господ го имаше на ум. Повторно, тоа не беше нешто што јас сам би помислил да го правам или дури би сакал да го правам. Едно нешто што го знаев со сигурност беше дека имав страст да им помагам на луѓето да го откријат она што Дренда и јас го откривме - Царството Божјо.

Цели девет години живеевме во големи долгови, во позајмици и борба против исцрпувачки панични напади. Антидепресивите што ми ги препишаа лекарите не помогнаа. Почнав да се повлекувам од животот, а темнината на стравот како да навлегуваше во секоја моја мисла. Бев толку обземен од страв што дури почнав да

се плашам да ја напуштам мојата куќа, што очигледно не беше добро за мојот бизнис. Брзо тоневме во банкрот, а јас бев немоќен да го спречам тоа. Срамот ми стана начин на живот, и се чувствував како голем неуспех. Најмногу ми беше жал за мојата прекрасна сопруга и децата. Освен што не успеав да ги снабдам парите што ни беа потребни, во тој период не бев ниту добар татко или сопруг.

Преживеавме живеејќи во стара куќа од 1850-тите, каде што сè беше расипано. Прозорците ги лепевме со селотејп. Тепихот на подот го најдовме покрај патот во ѓубре. Душеците во собата на нашите синови ги најдовме фрлени во домот за стари лица. Автомобилите што ги возевме беа во ужасна состојба. Нашите животи беа исполнети со постојани повици за наплата од адвокати, банки, и компании за заем на кои им должиме пари.

Бев без надеж! Да, јас бев христијанин кој Го сакаше Бог. Одев во црква и бев крстен во Светиот Дух. Имав диплома за Стариот Завет и завршив едногодишно библиско училиште, но сепак нешто беше ужасно погрешно!

Во очај еден ден, извикав кон Бога, и Тој веднаш одговори. Не велам дека не се молев во текот на тие девет напнати години; се молев. Но, овој пат, *знаев* дека мора да слушнам одговор од Бог.

Претпоставувам дека до тогаш мислев дека можам да се извлечам од финансиската дупка што сам ја ископав правејќи нешта со свои сили. Но, тоа утро знаев дека не можам повеќе. Имав земено позајмици од сите свои пријатели, имав позајмено десетици илјади долари од нашето семејството, така што немав повеќе каде да се обратам за нови позајмици.

Кога се молев тоа утро, бев очаен, а сепак изненаден што толку брзо слушнав одговор од Бог. Во мојот дух слушнав како Бог го цитира Филипјаните 4:19:

> *„Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус.“*

Му реков на Господа: „Господи, го знам тој стих, но не гледам дека тоа се случува во мојот живот“. Тој повторно

ми се обрати и ми рече дека причината поради која се наоѓам во овој хаос е затоа што немам научено како функционира Неговото Царство. Не знаев што сакаше да каже со тоа, но јас и Дренда бевме решени да дознаеме.

Еден од првите стихови што ни го покажа Бог беше Лука 6:20:

> *А Тој, откако ги подигна очите кон учениците Свои, им говореше: „Блажени сте вие, сиромашните, зашто ваше е царството Божјо!“*

Царството Божјо беше нашиот одговор?! Повторно, навистина немавме поим што сака да каже со тоа, но знаевме дека треба да откриеме.

Ќе зборуваме повеќе за Царството подоцна, но дозволете ми да ви кажам каков беше резултатот.

Светиот Дух почна да ни покажува работи во Библијата што никогаш претходно ги немавме забележано. Применувајќи го она што Господ нѐ поучува за Царството, можевме целосно да се ослободиме од долговите за две и пол години. Почнавме да плаќаме во готово за нашите автомобили и 55 хектари земја, земја полна со прекрасна шумичка и мочуришта каде што можев да ловам и да ги одгледувам моите деца на голем отворен имот.

И една од моите најголеми радости во животот беше да гледам како Дренда го дизајнира домот од нејзините соништата, кој исто така го поседуваме без долгови.

По она што го преживеав и откако видовме дека Царството Божјо функционира во нашите животи, живеевме во состојба на славење *секој ден*. Впрочем, забавата не престана. Сè уште го славиме Царството секој ден. Преминот од барање залутани ситни парички под каучот за да им купиме на децата сендвич до живот ослободен од долгови и можност да даваме стотици илјади долари како помош во ширењето на евангелието низ светот, дефинитивно е причина за славење.

Дренда и јас имаме голема ревност да им кажуваме на луѓето за Божјото Царство. Токму и затоа отидов во Албанија.

Како што спомнав, кога Господ ми зборуваше во Албанија дека ќе им служам на народите, бев збунет. Што значеше тоа? Во тоа време јас бев пастор на црквата што со Дренда ја започнавме десет години претходно. Дали требаше да се откажам од црквата и да почнам да патувам?

Преку повеќе насоки оркестрирани од Бог, Дренда и јас имавме прилики да се запознаеме со луѓе кои се занимаваат со телевизија и со компании што работеа со ТВ продукција. Јас не барав такви средби; Господ едноставно ги носеше тие луѓе на нашиот пат. Повторно, воопшто немав интерес да се занимавам со телевизија, но се сетив на една визија што ја имав неколку години претходно. Се молев на една од нашите црковни богослужби кога, одеднаш, Господ ми рече дека ќе бидам на ТВ и радио. Не размислував многу за тоа, бидејќи тогаш навистина немав интерес ниту за едното, ниту за другото, но тоа ми го привлече вниманието и затоа ги споделив тие зборови со Дренда.

Да ја скратам приказната, Бог отвори неколку неверојатни врати и донесе неколку неверојатни луѓе на нашиот пат што нѐ охрабрија да започнеме со ТВ програма, но ние не знаевме ништо за ТВ. *И кога велам ништо, навистина мислам ништо*. Но, сметавме дека треба да продолжиме да го следиме она што ни го покажува Бог.

Немавме опрема и не ни знаевме каква опрема е потребна за да почнеме со ТВ програма, но луѓето што ни ги донесе Бог знаеја. На крајот, дојдовме до местото каде што требаше да донесеме одлука. Една телевизиска продукциска куќа ни понуди договор да имаме ТВ програма по намалена цена. Пресметувајќи го времето за емитување и сите трошоци вклучени за всушност да започнеме со емитување, сфативме дека ќе бидат потребни околу 300.000 долари. Во тоа време немавме 300.000 долари. Но, откако се молев и се борев со Бог за тоа, конечно реков да. (Секако дека никој не може да го победи Бог во борење).

Така, продукциската куќа дојде во градот (тие беа со

седиште во Тексас), и почнавме да ја снимаме нашата прва ТВ емисија. Бидејќи немавме студио, во основа целата прва сезона ја снимивме во нашата дневна соба пред каминот. Имав голема трема пред почетокот на снимањето на првата емисија. Не знаев што да очекувам. И немав трема само поради снимањето на емисијата, но морав да ја смислам целата содржина и во основа да ја составам целата програма, се разбира со придонесот на Дренда. Продуцентскиот тим ни даде одлични совети и нѐ обучи, но сепак не се чувствував удобно.

Ве молам, разберете дека по природа не сум дружељубива личност, така што телевизијата беше целосно надвор од мојата комфорна зона. Освен тоа, продукцискиот тим беше крајно растревожен на денот на снимањето. Шефот на тимот си заминал среде ноќ бидејќи неговиот млад син починал откако соседот го удрил со автомобил на нивниот паркинг. Го дознав тоа утрото непосредно пред да снимаме. Решив да ѝ кажам на Дренда дури по снимањето. Леле, тоа беше тешко.

Потоа, непосредно по снимањето, еден од нашите вработени се возеше со планинскиот мотоцикл на мојот син Тим и се удрил некаде. Тим дотрча во куќата викајќи дека Дејвид е мртов. Тој не беше мртов, беше само во бесознание, но каков почеток на ТВ службата.

Ја преживеавме неделата на снимање, а емисијата се емитуваше на локална станица. Продолживме да снимаме една недела месечно, но дури и после два месеца снимање нештата не стануваа полесни; се борев со чувства на неспособност и паника во исто време. Конечно му реков на сопственикот на продукциската куќа дека не можам повеќе да снимам. Тој се загледа во мене за момент и рече: „НЕ! Мора да снимате емисии!“

Потоа ми рече да седнам бидејќи сакаше да ми покаже нешто. Го вклучи телевизорот и ги вртеше христијанските ТВ канали. Да бидам искрен, навистина никогаш не гледав многу христијанска телевизија, но ми се слоши од она што го видов тој ден и ме натера да размислувам дали воопшто сакам да сум вклучен во ТВ служба.

На една програма, продаваа „свето маслиново масло“

за кое тврдеа дека ќе донесе поголемо помазание за напредок. На друга, проповедникот продаваше „помазани наполитанки", тврдејќи дека ќе добиете ново откровение со секој залак. На една друга емисија тврдеа дека ако луѓето дадат во следните три минути, ќе добијат тројно помазание за да напредуваат. Во друга, нудеа замрзната храна. Се чинеше дека секоја емисија нудеше некаков чуден поттик за да ги натера луѓето да дадат.

Но, забележав дека недостасуваше некој да им каже на луѓето како да го добијат она што им треба – како всушност функционира Царството. Им велеа дека треба да посеат семе, но јас знаев дека некој треба да им каже на луѓето како да ја *соберат жетвата* од тоа семе!

Имаше многу делови од сложувалката што луѓето требаше да ги научат за да бидат успешни. Со самото тоа што учеа како луѓето да даваат, а не како да жнеат, знаев дека ќе се разочараат од Бог и ќе помислат дека Тој ги изневерува кога работите нема да се случат онака како што тие очекувале.

Луѓето требаше да ги знаат законите на Царството и зошто давањето е толку витален дел од изобилниот живот на Царството овде на земјата. И повторно, уште поважно, требаше да знаат што да прават *откако ќе дадат.* Требаше да знаат како да го пожнеат она што им треба од Бог.

Открив дека и јас имам улога во мојата жетва — првата улога беше да научам што е вера и зошто ни е потребна. Требаше да научам како Светиот Дух ме води до мојата жетва и колку се важни времето и деталите за жетвата. Открив дека има духовни закони што треба да се научат и применуваат, како и закони кои ја регулираат природата што можат да влијаат на жетвата.

Сите овие ТВ емисии оставаа впечаток дека парите сами ќе се појават во вашето поштенско сандаче.

Ќе се согласам дека понекогаш парите *може* да се појавуваат во вашето поштенско сандаче, но ако внимателно ги испитате тие случаи, ќе најдете духовни индиции за тоа зошто и како се појавиле.

Гледајќи неколку од тие емисии, се засрамив од она

што го видов. Не е ни чудо што светот не обрнуваше внимание. Но и јас бев лут. Во тој момент сфатив дека сум потребен, дека имам што да кажам.

Решив да продолжам со ТВ емисии бидејќи имав приказна што требаше да ја раскажам. И продолжив да снимам емисии во последните 14 години и сведок сум на десетици илјади луѓе кои дознаа за Царството – не за религија туку за Царството – и тие ги имаа истите резултати како јас и Дренда.

Знам дека и вие ќе ги имате истите резултати.

Оваа книга, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на дарежливоста*, е петта и последна книга од серијалот за Финансиска Револуција. Возбуден сум за целиот серијал и возбуден сум поради оваа последна книга.

—Гери Киси

ПРВО ПОГЛАВЈЕ

# МОЌТА НА ДАРЕЖЛИВОСТА

Една вечер целото семејство бевме на вечера во еден од нашите омилени локални ресторани. Келнерката што нѐ служеше беше млада дама која беше бремена. Кога се подготвував да ја платам сметката, одеднаш почувствував поттик да ѝ дадам поголем бакшиш од вообичаените 22-25% од вкупната сметка, па оставив 100 долари плус од износот на сметката. Таа ја зеде потпишаната сметка без да ја погледне и тргна назад кон кујната.

За една минута, се врати со солзи по лицето. Дојде да ни се заблагодари. Ни кажа дека се наоѓа во тешка финансиска ситуација прашувајќи се како ќе го помине месецот. Имавме можност да Го споделиме Христос со неа и да се молиме пред да заминеме.

Бевме само дарежливи, а со тоа ја отвориме вратата за евангелието на нејзиното срце.

*„Или, пак, го презираш богатството на Божјата благост, стрпливост и долготрпеливост, не разбирајќи дека Божјата благост те води кон* ***покајување****?“*

—Римјаните 2:4

Во еден друг превод на Римјаните 2:4 пишува дека Божјата добрина нѐ води кон покајание.

**Да се биде дарежлив значи да се однесуваме како Бог.**

Во Матеј 5:45 пишува:

*„За да бидете синови на Вашиот Отец Небесен; зашто Тој го остава Своето сонце да грее и над лошите и над добрите, и им праќа дожд и на праведните и на грешните.“*

Бог е добар, и Тој е дарежлив! Ние сме Негови деца, а нашата нова природа во Христа е исто така дарежлива. Како и во приказната погоре, да се биде дарежлив значи нашето срце да чука за луѓето на ист начин како Божјото. Како кога пиете голтка ладна вода на многу топол ден, така дарежливоста носи олеснување и надеж во свет кој се наоѓа во пустината на сиромаштијата.

Влијанието на бесплатното давање јасно се гледа во упатството на Павле во 2 Коринтјаните 9:10-15, напишано до црквата во Коринт:

*„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.*

*Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други. <u>А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар</u>!“*

Вашата дарежливост прави луѓето да Го фалат Бог и да бидат благодарни!!! Забележете дека Павле вели дека

дарежливоста е наша *служба* пред Бога.

Зборот служба е дефиниран како: *Вршење на работа или должност за претпоставен или како слуга*.[1]

Дел од вашата должност во Божјо име, овде во земното царство, е да го покажете Неговото срце и грижа за луѓето. Резултатот е јасен – допира до срцата на луѓето и ги отвора да Го примат Христос.

Мислам дека сите можеме да се сетиме колку ни значела помошта што сме ја добиле кога сме имале потреба за тоа.

Се сеќавам дека должев 4.000 долари на УЈП на почетокот од нашиот брак и немав поим каде ќе ги најдам парите. Поминав многу непроспиени ноќи во страв од ситуацијата во која се наоѓав. Во тоа време живеевме во Тулса и планиравме да одиме во Охајо за празниците.

Кога татко ми ме праша како одат работите, му кажав за сметката за данок. Тој ми рече: „Па, тоа лесно може да се среди", ми даде чек за целата сума. Неговата експресна дарежливост во тој момент во мене разбуди уште поголема љубов за него. Зашто во тој момент го видов неговото срце за мене.

Татко ми често го криеше срцето. Никогаш не ги покажуваше своите емоции отворено на луѓето, дури ни на мајка ми. Колку што се сеќавам, сè до тој момент тој никогаш ми немаше кажано дека ме сака. Само еднаш кога мајка ми му рече да ми каже дека ме сака, тој конечно го кажа тоа, и тоа после многу драма. Се сеќавам на тој ден како да беше вчера. Мама го убедуваше, велејќи: „Не можеш да му кажеш на својот син дека го сакаш?" Но, тој остана тивок.

Конечно, кога ги виде солзите на образите на мајка ми ми кажа дека ме сака. Но, никогаш не го броев тој момент кога ми рече дека ме сака затоа што беше принуден да го стори тоа.

Наместо вербално да ни каже дека нè сака, имаше моменти кога татко ми ни купуваше нешто посебно, и мислам дека сите четири деца знаевме дека тато нè сака. Најчесто го гледав срцето на тато според она што го

---

[1] The American Heritage® *Речник на англиски јазик, Петто издание*

правеше, а речиси никогаш според она што го говореше. Тие моменти ми беа драги бидејќи се истакнуваа како светлина во темна ноќ.

Денот кога ми даде чек за долгот на УЈП, срцето ми се исполни со благодарност. Во солзи, го прегрнав и му се заблагодарив. Не го очекував неговиот одговор. Тој рече: „Сè додека сум во можност, сакам да помогнам".

Сигурен сум дека имате спомени од нечија великодушност како што имам јас, моменти што ви го привлекле вниманието. Затоа, запомнете го ова:

**Дарежливоста им го покажува на луѓето вашето срце и Божјото срце за нив.**

Дарежливоста е толку моќна. Ги надминува зборовите и оди директно во срцето. Неверојатно е како можеме да се сетиме на комплиментите или даровите што луѓето ни ги даваат.

Кога бев во шесто одделение мислам дека за прв пат видов што има во срцето на татко ми. Мојот братучед и јас сакавме мини ракети во тоа време, а јас купив една ракета со проѕирен врв во кој можеше да се стави разни предмети и така ги лансиравме кон небото.

Тој ден, мојот братучед и јас сакавме да ставиме жаба во конусот на носот и да го залепиме, така што ракетата требаше да се урне наместо да го отвори својот падобран. Намерата беше да видиме што ќе се случи со жабата, така што мислам дека можете да го замислите потенцијалниот исход.

Така, ја лансиравме ракетата и, на наш ужас, татко ми излезе надвор да гледа. Знаевме дека нема да биде задоволен што планиравме да ја убиеме жабата.

Ракетата се вивна кон небото, според очекувањата, а кога го достигна врвот почна да паѓа со носот право кон земјата. Кога отидов да ја земам, видов дека врвот од ракетата беше скршен и жабата беше мртва, како што очекував.

Кога ја земав ракетата, брзо ја фрлив мртвата жаба настрана за да ги сокријам нашите вистински намери од

татко ми. Тој дојде и ја побара ракетата. Сè уште можам да се сетам на неговата вистинска грижа за нашата ракета. Додека ја држеше во раце, почна да ми кажува како можам да ја поправам и колку му е жал што се урна. Потоа детално ми објасни како можам да ги обновам скршените делови. Вистинската грижа во неговиот глас и љубезност ме осуди за моето погрешно постапување. Тој воопшто не знаеше за жабата, но никогаш не ја заборавив неговата грижа за мене и мојата ракета. Во тој момент сфатив дека тој навистина се грижи за мене.

Има моменти кога Бог користи луѓе кои ние не ги ни знаеме за да нè охрабрат и да ни помогнат.

Посебно незаборавно време за мене беше кога Дренда и јас бевме на лов на фазани со едни наши пријатели. Дренда и јас штотуку се венчавме и живеевме во Тулса. Еден од моите цимери живееше во Канзас и нè покани да му се придружиме на годишниот лов на фазани на денот на отворањето на ловот. Бев многу возбуден.

Возевме пет часа до Канзас, имавме одличен лов бидејќи успеавме да уловиме толку птици колку што дозволува законот на државата Канзас. Но, кога се враќавме кон Тулса, моторот на автомобилот на нашиот пријател доживеа крах. Бевме среде пустелија, на земјен пат и неколку часа од дома. Ако некогаш сте биле во Канзас, тогаш знаете колку е пусто.

Веќе беше темно и можевме да видиме само едно светло во далечината. Отидовме до домот на земјоделецот и му кажавме за нашата ситуација. Бев целосно шокиран кога тој рече: „Па, ќе ве одвезам до дома вечерва. Ќе го ставиме автомобилот на мојата приколка и ќе ве однесам дома навреме за стигнете на работа во понеделник“. (Дренда требаше да започне со нова работа со скратено работно време во еден ресторан, и беше многу разочарана што можеби ќе треба да се јави и да им каже дека нема да стигне на првиот работен ден.)

Неверојатно, овој човек, кој никогаш порано не сме го сретнале, нè возеше пет часа до нашиот дом во Тулса, а потоа го возеше истиот пат назад до Канзас истата ноќ, пред утрото. Човекот возеше цела ноќ!

Никогаш нема да го заборавам тој несебичен чин на добрина. Тој не сакаше да земе ни пари за гориво. Секогаш ќе му бидам благодарен на тој човек. Кога мислам на него, секогаш мислам на неговиот дар со благодарност.

Кога луѓето ќе помислат на вас, тие ќе Му се заблагодарат на Бога за вашата дарежливост.

Сигурен сум дека можете да се сетите на вакви ситуации во вашиот живот. Ќе се сетите колку сте биле благодарни за грижата и сочувството што некој ви ги покажал. Па, токму тоа Павле се обидуваше да ѝ го пренесе на оваа црква – нивната дарежливост допираше до луѓето со Божјото срце и ги поттикнуваше луѓето да бидат благодарни и да Го слават Бог за применатa дарежливост.

**ЛУЃЕТО ЌЕ МУ БЛАГОДАРАТ НА БОГА ЗА НЕВЕРОЈАТНАТА БЛАГОДАТ ШТО ИМ ЈА ДАЛ НА ОНИЕ КОИ СЕ ДАРЕЖЛИВИ!**

Кога поверував во Христос, забележав дека моето срце е помеко и дека навистина се грижам за луѓето. Кога ќе забележев некаква потреба, секогаш сакав да помогнам, но бев многу фрустриран што обично не можев да го правам тоа бидејќи немав пари.

Забележав дека така се чувствуваат и повеќето луѓе. Само побарајте на глас насоки, и ќе видите десетина луѓе кои сакаат да ви помогнат да стигнете таму каде што сте тргнале.

Но, како што открив во Библијата, дарежливоста е помоќна отколку што можев да претпоставам. Читајќи го 2 Коринтјаните 9 открив закон за Царството што го промени мојот поглед на дарежливоста:

*„Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на*

*Евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други.*

*А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*

—2 Коринтјаните 9:12-15

Луѓето ќе Му благодарат на Бога за неверојатната благодат што им ја дал на оние кои се дарежливи!

За вистински да го разбереме она што Павле го кажува овде, треба да ги дефинираме термините.

Надминување значи: од голема количина или висок степен; надминати, извонредни или невообичаени: *структури со неверојатна величественост.*[2]

Што е тоа што ќе биде ваше во огромна количина? Што е тоа што ќе биде извонредно и ќе ја надмине величественоста во вашиот живот? Божјата благодат!

Добро, сега ни треба дефиниција за благодат.

**Благодат** значи *незаслужена Божја наклоност.*

Ова е вообичаената дефиниција за благодат, но не ја доловува вистинската суштина на благодатта. Дозволете ми да ви дадам подобра дефиниција.

Следува цитат од Википедија за Божествената благодат:

*„Вообичаеното христијанско учење е дека благодатта е незаслужена милост (наклонетост) што Бог му ја даде на човештвото испраќајќи Го Својот Син да умре на крст, при што обезбеди вечно спасение. Сепак, оваа дефиниција сама по себе не може да ги опфати сите употреби на терминот во Светото Писмо. На пример, Лука 2:40 (Кинг Џејмс верзија): „И детето растеше и се зацврстуваше во духот, исполнето со мудрост, и Божјата благодат беше врз Него“. Во овој пример, погоре спомenатата дефиниција за благодат како незаслужена наклонетост нема смисла затоа што на безгрешниот Христос тоа не Му требаше.*

*Џејмс Рајл предложи: „Благодатта е оспособувачкото*

[2] Dictionary.com

*присуство на Бог што ви овозможува да бидете луѓето кои Тој ве создал да бидете и да го правите она што Тој ве повикал да го правите". Исто така, Бил Готард предложи: „Благодатта ни ја дава желбата и моќта што Бог ни ја дава да ја вршиме Неговата волја". Овие две дефиниции даваат добро објаснување на зборот благодат низ Библијата."*[3]

Значи, гледаме во овој пасус дека Павле зборува за благодатта, или оспособувањето да се напредува. Овој дар, дарот на благодатта, беше прославуван затоа што им даваше моќ на луѓето да напредуваат. И бидејќи тие за возврат беа дарежливи, задоволувајќи ги потребите на другите, луѓето Го славеа Бог за тоа.

Павле ја завршува својата дискусија со: **„Му благодарам на Бога за Неговиот неискажлив дар!"**

Добро, уште една дефиниција. Зборот „неискажлив" значи, како што зборот јасно укажува, дека не постојат зборови што можат адекватно да опишат нешто.[4] Така, Павле вели дека дарот на благодатта е, *неопислив,* а особено за оние што примиле финансии што биле снабдени преку благодатта.

Еве ја моќта што може да ве ослободи од финансиското ропство. Оваа моќ, Божјата благодат, е достапна за секој верник.

Но, овде е предизвикот. Можеме да поминеме многу време зборувајќи за она што Павле вели да го правиме — *да даваме*. Но, ако не ја разбираме благодатта, моќта да напредуваме со Божјата сила, ја пропуштаме жетвата што Бог ја одредил за нас. Тоа е како да ја засадете вашата градина во шума под сенката на некое големо дрво – нема сонце, нема моќ да го донесе посакуваниот резултат.

Дренда и јас ги читавме случките во Библијата каде што се пројавува Божјата сила и околностите целосно се променија на добро. Морам да признаам дека речиси воопшто не слушавме такви приказни во црквата каде што растевме. Освен во спасението, никој навистина

---

[3] https://en.wikipedia.org/wiki/Divine_grace

[4] American Heritage® *Речник на англиски јазик, Петто издание*

никогаш не зборуваше за тоа како практично да се исползува благодатта во дадена ситуација.

Да, разбирам дека нашето спасение е најважно. Но, како што само спомнав, ми требаше истата благодат за да функционирам во *секоја* област од мојот живот, но не знаев за тоа. И поради моето незнаење бевме скршени, болни и депресивни. Знаевме за спасението – тој дел за вечното спасение го имавме искусено – но не знаевме или не разбравме како секојдневно да го искусиме Небото во нашите животи и да ја манифестираме Божјата моќ. Како што веќе кажав, бевме во ужасна финансиска состојба!

Но, еве што ми кажа Господ тој ден кога ми зборуваше за Царството: *„Ти си во овој хаос затоа што немаш научено како функционира Моето Царство!“*

Со други зборови, Тој велеше дека не знам како да го ослободам авторитетот на Царот овде на Земјата. Не знаев како се прави тоа, ниту, пак, знаев дека такво нешто воопшто е можно. Немав идеја како да ја искористам благодатта, моќта Божја.

Патем, имаше повеќе во тој разговор во денот кога Бог ми зборуваше за Царството. Тој уште ми рече: *„„Мојата црква живее исто како што живееја синовите на Израел кога беа робови, правејќи тули за фараонот. Тие се робови! Мојот народ е во долгови, а Јас сакам тие да бидат слободни!“*

Дозволете ми кажам една вистина: Никогаш нема да бидете слободни доколку не сте финансиски слободни. И како што говориме Дренда и јас во последните 30 години, никогаш нема да откриете кои сте навистина и нема да можете да ја живеете духовната цел за вашиот живот сѐ додека финансиски не си го средите животот.

И дозволете ми да ја истакнам оваа поента: **МОЖЕТЕ ДА БИДЕТЕ СЛОБОДНИ!**

Јас сум доказ дека функционира, а има уште илјадници други. Божјата благодат е тука за да ви помогне. Има работи што Бог ве повикал да ги правите и кои никогаш нема да можете да ги постигнете ако останете робови. Мора да бидете финансиски ослободени не само за себе и за вашето семејство, туку и за луѓето да го видат Божјото

Царство како функционира во вашиот живот и, како овошно дрво полно со зрели плодови, тоа ќе ги привлече луѓето кон Царството.

**ЛУЃЕТО БАРААТ ОДГОВОРИ. БАРААТ НЕШТО АВТЕНТИЧНО. ТИЕ ИМААТ ОЧАЈНА ПОТРЕБА ДА ГО ВИДАТ ЦАРСТВОТО, А НЕ САМО РЕЛИГИЈА.**

Луѓето бараат одговори. Бараат нешто автентично. Тие имаат очајна потреба да го видат Царството, а не само религија.

Дозволете ми да ви кажам за разговорот што го имав со една медицинска сестра пред некој ден. Всушност со две медицински сестри.

Мајка ми има 88 години и се снаоѓа доста добро, но ѝ треба помош да се движи, како што можете да замислите. Така, тој ден, требаше да ја однесам на неколку лекарски прегледи.

Додека разговарав со медицинската сестра за време на првиот преглед, таа почна да ме прашува со што се занимавам. Ѝ кажав за нашата црква и за мојата консултантска компанија во сферата на финансиите и за тоа како им помагаме на луѓето да се ослободат од долгови. Тоа ѝ го привлече вниманието. Таа потоа ми кажа дека е во голема неволја, со големи долгови, и дека нема поим како ќе преживее.

Кога отидов на вториот преглед тој ден, го имав речиси истиот разговор со медицинската сестра таму. Таа всушност со солзи во очите ми раскажуваше за нејзината финансиска состојба.

Пријатели, тие не се единствени. Така живее Америка денес.

Мојот копнеж и страст се да им помогнам на луѓето да разберат дека постои подобар начин да се живее — начинот на Царството.

Кога Дренда и јас почнавме да учиме за Божјото Царство и почнавме да го применуваме она што Бог

нѐ учи за Царството, нашите животи драстично се променија. Почнавме да гледаме како благодатта за која Павле зборуваше се манифестира во нашите животи.

Една ноќ, сонував дека треба да започнам сопствен бизнис помагајќи им на луѓето да се ослободат од долговите. Тоа е лудо, нели? Мислам, класичниот пример за тоа како не треба да раководите со парите сега води консултантска компанија советувајќи ги луѓето како да се извлечат од долговите. Само Господ го може тоа, нели?

Можеби се прашувате: „Како се случи тоа? Како знаеше да се ослободиш од долговите за да можеш да им помогнеш на другите да се ослободат од нивните долгови?“ Тоа е одлично прашање!

Да не должам многу, Светиот Дух ми покажа како да го направам тоа.

Се разбира, морав многу да научам за светот на финансиите, а потоа морав да одам на обуки за основање компанија, но Светиот Дух ги насочуваше моите чекори и ми даваше уникатни стратегии и методи што ги користевме за да им помогнеме на луѓето. Таа компанија започна одлично и всушност така дојдовме до нашата финансиска слобода.

Патем, знам што мислите: Сигурно сме наплатувале многу пари за услугите ако така ги имаме обезбедено сите потребни финансии за да ги вратиме сите долгови.

Не. Како што реков, Светиот Дух ни даде многу уникатен деловен модел, еве го: **Работиме со нашите клиенти БЕСПЛАТНО.**

Како можам да му наплатам на некој кој веќе се бори да ги плати сметките за да му помогнам да се ослободи од долговите? Не, едноставно не можам да го сторам тоа. Бог ми даде поинаков начин на финансирање на мојата компанија. Никогаш не наплатувавме и никогаш нема да наплатуваме за консултантски услуги на нашите клиенти. Мојата компанија е специјализирана да им покаже на клиентите како да се ослободат од долговите за помалку од седум години, вклучувајќи ја и нивната станбена хипотека, обично без промена на нивниот приход.

Ние не сме поддржани од нашите клиенти, туку

од десетици компании, продавачи и професионалци кои ги избравме за да им пружат решенија и опции за реструктуирање на нашите клиенти. Тие нè плаќаат што им кажуваме на нашите клиенти за нив.

На пример, во нашиот процес на реструктуирање, ако знам дека некоја компанија може да ја намали сметката за осигурување на мојот клиент на половина, ќе им кажам на клиентите да ја разгледаат таа опција. Моите клиенти можат сами да разговараат со другата компанија и да одлучат самостојно дали се заинтересирани за поевтините стапки на новата компанија како дел од нивниот план за реструктуирање или не.

Значи, за клиентите, сè е бесплатно. И сигурен сум дека ова беше главен фактор што придонесе за извонредниот раст на нашата компанија. Проверете ја нашата компанија на forwardfinancialgroup.com.

Им помагаме на луѓето да го откријат она што јас го нарекувам безбедно инвестирање. Тоа е како што звучи: инвестирање без ризик од пад на пазарот и губење на нивните скапоцени пари од пензискиот фонд.

Ви го кажувам сето ова за да знаете дека во изминатите 30 години имаме разговарано со стотици илјади луѓе и свесни сме во каков неред се наоѓаат повеќето Американци.

Еден пример посебно се истакнува и може да послужи како добра илустрација за тоа како живеат многу Американци.

Една госпоѓа ме повика да ја посетам, бидејќи ѝ требаше помош околу долгот. Јас и еден од моите соработници се сретнавме со неа и слушајќи ја нејзината приказна не можев да поверувам што слушам. Таа имаше 32 различни кредитни картички, сите искористени до лимитот. (Да, добро слушнавте – 32 кредитни картички.)

Жената успешно изградила свој затвор и бараше клуч за да излезе. Во мојот ум, одговорот беше лесен: Престани да користиш кредитни картички. Тоа би било одличен почеток. Затоа, ѝ реков да ги пресече картичките и инсистирав да живее во рамките на своите приходи. Потоа ѝ дадов задача да направи список со сите нејзини

трошоци за живот за да знам каде да почнам со советите. Ѝ предложив да почне да користи дебитна наместо банкарска картичка за да не ја влоши ситуацијата.

На предлог да ги пресече картичките, таа веднаш се расплака и го постави ова шокантно прашање: „Како ќе можам да купувам чевли?"

Дали добро слушнав? Таа немаше доволно пари за храна, но прашуваше за чевли?

Можеби мислите дека таа госпоѓа е исклучок. Во однос на бројот на кредитни картички што ги имаше, таа беше исклучок. Но, кога станува збор за финансиски затвор, таа воопшто не е исклучок. Погледнете ја најновата статистика во Америка:

- 57% од луѓето немаат 1000 долари во банка.[5]

- 44% не можат да платат непланирани трошоци во износ од 400 долари.[6]

- 23% од Американците не можат да ги платат своите месечни сметки и секој месец сè повеќе запаѓаат во долгови.[7]

Пријатели, Американците се баш како што ми кажа Господ - робови.
Размислете што прават робовите.

- Не работат за себе. Иако тие работат и носат профит, профитот се испраќа до заемодавачите секој месец, оставајќи одвај доволно за семејството да преживее уште еден месец.

- Робовите живеат во куќи што не ги поседуваат (што значи дека имаат хипотека).

[5] Реј Хананија, „*57% од Американците имаат помалку од 1.000 долари заштеда*", 31 март 2021 година, SuburbanChicagoland.come

[6] Џозеф Лолер, „*44 проценти од Американците не можат да платат неочекуван трошок од 400 долари*", Вашингтон Егзаминер, 19 мај 2017 година

[7] Меган Леонхард, „*Стани без долгови*", 24 мај 2019 година

- Тие возат автомобили што не ги поседуваат за да одат на работа за да платат рата за куќата што не ја поседуваат.

- Носат облека што ја купиле со кредитна картичка за да одат на работа, за да платат за автомобилот и куќата што не ги поседуваат, заедно со студентскиот кредит што сè уште го отплаќаат стар 20 години.

Разбирате што сакам да кажам.

*„Богатиот господари над сиромавиот, и должникот станува роб на заемодавецот.“*

—Изреки 22:7

Дали знаевте дека повеќето луѓе не ја сакаат својата работа? Всушност, една анкета на Галуп вели дека 85% од вработените ги мразат своите работни места.[8]

Зошто тогаш работат таму каде што работат? Затоа што тие се робови, а робовите немаат опции!

Значи, има ли излез од ропството? Да!

Не ми верувате? Дозволете ми да ви покажам.

*„Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во мнозина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и за штедроста на заедницата со нив и со сите други.*

*А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*

—2 Коринтјаните 9:12-15

Ајде да останеме фокусирани на тој одговор -

[8] Сара Бароус, *„85% од луѓето ја мразат својата работа, вели анкетата на Галуп“*, 22 септември 2017 година, returntonow.net

благодатта Божја, моќта да напредуваме!

Исто така, да бидеме свесни дека непријателот сака да останете во долгови и никогаш да не го видите излезот. Тоа е причината зошто има 1,1 *трилиони* активни кредитни картички во САД.[9] Тоа е исто така причината поради која се испраќаат четири до осум милијарди *барања* за кредитни картички секоја година.[10]

Некој сака да бидете во долгови, и не мислам само на банките и трговците кои ве молат да ги пробате нивните картички.

Сатаната знае дека ако сте во долгови, нема да можете да живеете во Божјите намери за вашиот живот, и на тој начин наштетувајќи му на неговото царство.

Значи, дозволете ми да повториме. Ова е книга за дарежливоста, така? Па, да и не. Да, подоцна ќе зборуваме за сите придобивки од дарежливоста и давањето. Но давањето само по себе не е одговорот. Мора да знаете како да ја искористите благодатта, моќта Божја.

Значи, повторно да наведам: Формулата на давање сама по себе, како формула, не е клучот. Тоа е дел од одговорот, се разбира, но за да напредуваме нам ни треба таа натприродна, извонредна моќ, наречена *благодат*.

Дастин и Кендал открија за што зборувам. Тие се млад пар кој навистина не разбирале дека им треба Божјата благодат во нивните финансии сè додека не се нашле во финансиски хаос. Тие разгледувале нова бизнис идеја и решиле да направат исчекор. Цената? 150.000 долари, во долг.

Истиот месец кога го купиле бизнисот, од УЈП биле ревидирани нивните трошоци и им биле наплатени 53.000 долари заостанати даноци. Дастин вели дека тие се нашле во долг од над 200.000 долари без никаков излез, особено затоа што финансиски биле во теснец уште пред да го купат бизнисот.

Тие штотуку позајмиле пари за да ја платат болничката сметка за породувањето на нивното последно бебе и морале да плаќаат за тоа. Ревизијата ги турнала во уште

---

[9] Рејнор Де Бест, *„Број на кредитни и дебитни картички во САД 2012-2018 година“*, 16 декември 2020 година, statisa.com/statistics

[10] Боб Брајан, 24 Ноември, 2015, businessinsider.com

поголема финансиска дупка, а Дастин се обидувал да најде решение.

Барајќи, конечно нашол понуда за кредит од 30.000 долари, истиот му бил одобрен и за таа идеја разговарал со својата сопругата. Меѓутоа тој не знаел дека Кендал ја проучувала и размислувала за мојата книга, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на починката*, која исто така зборува за исползување на Божјата благодат.

Така, кога Дастин ѝ ја претставил идејата за заем, Кендал била разочарана, надевајќи се дека наместо кон банките тој ќе се сврти кон Бога. Таа решила да разговара со него за нивната одлука и го охрабрила да има доверба во Бог. Милостиво, Дастин ја примил мудроста на неговата сопруга.

Додека се молеле, слушнале како Светиот Дух им вели да посеат семе. Се разбира, во тоа време, тие ја немале сумата што Бог им ја покажал да ја дадат, па следните 28 дена работеле напорно за да заработат доволно за да ја посеат сумата што им ја покажал Бог.

Резултатот? Нивниот бизнис веднаш почнал да напредува.

Во текот на следната година, тие можеле да платат 175.000 долари од нивниот долг, и Дастин ми кажа дека таа година заработил ДВАНАЕСЕТ пати повеќе пари отколку што заработил во целиот свој живот!

Кендал и Дастин открија дека Царството функционира секој пат!

Кој беше нивниот одговор? Царството и благодатта Божја!

Кој е вашиот одговор? Царството и благодатта Божја!

ВТОРО ПОГЛАВЈЕ

# ОДГОВОРОТ: БЛАГОДАТ

Во последното поглавје, зборувавме за тоа како дарежливоста влијае врз луѓето духовно – како ги омекнува нивните срца да бидат благодарни кон вас и кон Бога. Исто така ги разгледувавме и зборовите на Павле кој вели дека способноста да се биде дарежлив е резултат на Божјата благодат во нашите животи.

> *„А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*
>
> —2 Коринтјаните 9:14-15

Зборувавме за нагласокот што Павле го става на зборот *преизобилен* кога ја опишува благодатта што ни ја дава Бог за да напредуваме. Дознавме дека благодат значи натприродно оспособување да се постигне нешто. Павле го нарекува ова оспособување на Божјата благодат неискажлив дар! Мислам дека секој ќе признае дека штом Бог лично се залага да напредуваме во животот, тоа ни дава неверојатна предност.

За да ви помогнам да ја сфатите големината на она што Бог сака да го направи во вашиот живот и огромната моќ што ви е достапна, ајде да се вратиме неколку стихови поназад и да почнеме да читаме од шестиот стих.

*„Ова, пак, ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее. Секој да дава како што одлучил во срцето, а не со жал или принуда; зашто Бог го љуби оној што од срце дава. А Бог може изобилно да ве дарува со целата благодат, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело. Како што е напишано: „Раздаде, им даде на сиромашните; правдата Негова останува вечна.“*

*А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

—2 Коринтјаните 9:6-11

Сега, еве каде станува возбудливо!

Го гледаме истиот збор *благодат* овде, меѓутоа во овој пасус Павле ја додава придавката *целата* за да му помогне на читателот да разбере дека ЦЕЛАТА Божја сила стои зад тој збор благодат. Павле овде јасно зборува за давање и примање и истакнува дека кога давате, целата Божја благодат е достапна за да се донесе жетвата.

Целата Божја благодат значи дека сета Божја сила, Неговата мудрост, наклонетост и увид сега ви се достапни за да ја присвоите жетвата од тоа семе. Не знам за вас, но мене тоа ме прави радосен!

Но, тоа сепак не значи дека жетвата ќе се случи сама по себе.

Ако еден многу богат земјоделец ви каже дека ќе ви ја позајми целата негова земјоделска опрема, вредна милиони долари, за да засадите и да жнеете некои земјоделски култури, но вие не знаете ништо за земјоделството, тоа нема да ви донесе ништо.

Бог ни ја стави на располагање сета Своја моќ, но и ние имаме наш дел, исто како што земјоделецот знае дека има многу повеќе во земјоделството отколку само да го фрли семето во земја.

Засега, сè што сакам да разберете е дека сета Божја способност стои на располагање не само за да ви помогне да жнеете откако ќе сеете, туку дури и да ви помогне да знаете кога и каде да сеете. И поради тоа имате неограничена финансиска иднина!

**ВИЕ ПОГРИЖЕТЕ СЕ ЗА БОЖЈИТЕ РАБОТИ, А ТОЈ ЌЕ СЕ ПОГРИЖИ ЗА ВАШИТЕ!**

Сега, треба да одиме чекор подалеку и да зборуваме за јасното откровение во овој пасус за првичната цел на парите што ни ги дава Бог.

Бог е во состојба да направи сета благодат да ви прелие, така што во сè и во секое време, имајќи сè што ви треба, ќе се прелива во секое добро дело.

> *„А Бог може изобилно да ве дарува со секаков дар, секогаш да имате доволно за сè, да бидете од сè срце дарежливи во секое добро дело."*

Гледаме дека првото нешто што Бог го спомнува е да имате сè што ви треба. Забележете дека не се работи само за пари. Тој вели *секогаш* и во *сè*!

Секогаш велам вака: „Вие погрижете се за Божјите работи, а Тој ќе се погрижи за вашите". Така, „секогаш и во сè" за мене значи дека никогаш нема да ви недостасува нешто, без разлика што се случува во економијата. Кога Бог вели дека вашите потреби ќе бидат задоволени, Тој не зборува само за преживување.

> *„И ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем. Господ, ќе те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш заповедите на Господ, твојот Бог, што ти ги заповедам денес да ги почитуваш и исполнуваш."*
>
> —Повторени закони 28:12-13

Кога Бог зборува за исполнување на сите ваши потреби, Тој зборува за доаѓање на место со целосна финансиска

слобода и без долгови, извршување на вашата задача со страст, и консумирање на најдоброто од земјата. Тоа исто така значи дека сте во совршено здравје и имате совршен мир.

Второ, откако ќе бидат задоволат вашите потреби, вие нема само да преживувате туку ќе напредувате:

> *Ќе се збогатите во секој поглед <u>за да бидете дарежливи во секој поглед</u>.*

Крајниот резултат е финансиска способност што овозможува да бидете дарежливи, да давате и да ги поддржувате луѓето, и да ги поддржувате Божјите задачи на земјата.

Божјата цел е да го објави Своето срце на луѓето и да ги придвижи нивните кон Него.

Како што секогаш велам, „Бог работи со луѓето".

Дозволете ми во наредните неколку мигови да се осврнам на лажната претпоставка што ја слушам многу често.

Пред некој ден разговарав со една многу богата личност и таа ми рече: „Не ми требаат повеќе пари; имам многу".

Сега, знам што сакаше да каже – дека добро е снабдена и дека нема потреба од повеќе пари лично. Но, факт е дека ѝ требаат повеќе пари, и тоа многу повеќе.

Ако гледаме само на тоа што можат парите да направат за нас *лично*, тогаш претпоставувам дека постои место каде што нагонот за повеќе пари може да се намали. Но, ако разбирате дека Бог сака да се досегне до луѓето и до мноштвото кои допрва треба да го откријат добриот живот што постои во Царството – а сепак во овој момент се движат кон едно вистинско место наречено пекол – тогаш ќе разберете дека на Бог му требаат повеќе пари!

Да повторам, **„НА БОГ МУ ТРЕБААТ ПОВЕЌЕ ПАРИ!"**

Пред нас претстои уште многу работа.

> *„А Бог може изобилно да ве дарува со целата благодат, секогаш да имате доволно за сè, да бидете*

*од сѐ срце дарежливи <u>во секое добро дело</u>.“*

Има многу добри дела што чекаат да ги направите. Секое добро дело е направено во името на Царот. Всушност, постојат конкретни дела што треба да ги направите, според Ефесјаните 4:7, 11-12.

> *„И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за благовестители, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во <u>делото на служењето</u>.“*
>
> —Ефесјаните 4:7, 11-12

Знаете, повеќето луѓе имаат за цел да бидат финансиски слободни затоа што се уморни од постојаната трка по пари. Тие бараат мир. И бидејќи повеќето работат на работни места што навистина не ги сакаат, тие ја бараат слободата што финансиската стабилност може да им ја даде. Тие бараат слобода да го прават она што го *сакаат* наместо она што *мора* да го прават. Тие сакаат да ја следат нивната страст и да ја пронајдат целта на нивниот живот.

Еве изјава која ги излудува религиозните луѓе: *Ќе се збогатите на секој начин.*

Да, тоа го пишува. Ќе се збогатите!

Сега поимот *богат* е субјективен, се разбира, и генерално е погрешно разбран во нашата култура. Навистина не можеме да кажеме дека некој што има милијарда долари е посреќен од некој со 100.000 долари. Не, да се биде „богат“ има различно значење за различни луѓе. Но, се разбира, тоа имплицира дека сите наши потреби се задоволени, дека живееме без долгови и уживаме во најдоброто од земјата.

> *„Ако го барате и послушате, ќе ги јадете добрата земни.“*
>
> —Исаија 1:19

Но, богатството не е само во парите. Богатство за мене е и во играњето со внуците, држење за рака со

мојата сопруга и уште многу други прекрасни работи во животот. Дренда и јас имаме пет прекрасни деца што Го сакаат Бог и на различни начини се вклучени во служба. Сите живееме блиску еден до друг и, искрено кажано, сакаме да бидеме заедно. Јас го нарекувам тоа богатство!

**ДА ПОВТОРАМ, БОГ САКА ДА ИМАТЕ ВО ИЗОБИЛИЕ ЗА ДА ЈА ПРОДОЛЖИТЕ НЕГОВАТА РАБОТА ВО СВЕТОТ.**

Видете, религиозните луѓе мислат дека да се има многу пари е алчност. Но, не можете да имате премногу пари ако служите со Бога на нивата. Секогаш има нови задачи и нови територии за освојување.

Да повторам, Бог сака да имате во изобилие за да ја продолжите Неговата работа во светот.

Бог сака да бидете дарежливи за Него, да им помагате на луѓето и да ги финансирате Неговите задачи. Ако сакате да бидете дарежливи во секоја прилика, мора да имате пари.

Мислам, секоја прилика може да биде *секој ден* или *повеќе пати на ден*. Да бидеме искрени – не можете да го правите тоа, а да живеете од месец за месец; треба да имате повеќе пари од она што е потребно за да ги платите своите сметки, многу повеќе! Мислам дека сите би се согласиле со тоа.

Но, еве го најважниот аспект кога зборуваме за дарежливоста или давањето воопшто: *Мора да го надминете стравот кога давате.*

Не велам дека треба да го *трпите* стравот. Реков дека треба да го НАДМИНЕТЕ стравот кога давате. А најдобриот начин да го надминете стравот е со вистината!

Значи, каде е стравот кога даваме? Едноставно кажано, стравот е во тоа дека нема да имаме доволно за себе, нели?

*Ми требаат тие пари*, можеби мислите, и секако дека ви требаат. Но, и на Бог Му требаат. И Бог нема да

ви ги побара парите за некоја намена без да ви даде ветување, поврат на вашата инвестиција, на некој начин, нели? Мислам дека Тој тоа прилично јасно го кажува во Неговото Слово:

> *„Давајте и ќе ви се даде: мерка добра, набиена, натресена и преполна ќе ви дадат в пазуви.“*
>
> —Лука 6:38

Бог посветува повеќе време објаснувајќи ја предноста од поддршката на Неговото Царство отколку поучувајќи што треба да се прави. Тој едноставно кажува еден збор, *„Давајте“*, но користи 23 зборови за да ја објасни *придобивката* од давањето. Мислам дека ќе потпишам каков било договор конструиран така!

Знајте дека вашиот напредок е во интерес на Бог. Размислете за тоа: Каде Бог ќе ги најде парите што Му се потребни за да ја финансира Својата агенда?

Тие пари треба да дојдат од вас, од мене и од другите верници, се разбира. Луѓето што се под власт на сатаната нема да ги финансираат Божјите задачи.

Тажно е што мнозинството верници сметаат дека е погрешно да се верува дека Бог ќе ни го врати она што сме го дале. Тие веруваат дека давањето и очекувањето нешто за возврат се заснова на алчност и го намалува чистиот чин на обожавање на Бог.

Дали мислите дека земјоделецот неосновано верува дека неговото дарување ќе донесе профит за него и неговото семејство? Тој едноставно ги користи законите воспоставени од Бог.

Бог се радува кога гледа како напредуваме. Тој го даде законот за сеење и жнеење за наша корист. Ѓаволот ја лаже црквата за дарежливоста и парите уште од самиот почеток. Некои деноминации се гордеат со своите завети за сиромаштија, не сфаќајќи дека потпаднале директно под сатанските лаги. Исус мораше да се справи со тој став многупати во Својата служба. Всушност, Тој ја кажа една од Своите најпознати параболи во врска со ова прашање, параболата за Добриот Самарјанин.

*И ете, стана еден законик и, искушувајќи Го, рече: „Учителе, што треба да направам за да наследам живот вечен?“*

*А Тој му рече: „Што е напишано во Законот? Што читаш таму?“*

*Тој одговори и рече: „Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сиот свој разум; и својот ближен како себе си!“*

*Му кажа пак: „Добро одговори; тоа прави го и ќе живееш.“*

*Но тој, сакајќи да се оправда, Му рече на Исус: „А кој е мој ближен?“*

*Исус му одговори и рече: „Еден човек, додека слегуваше од Ерусалим во Ерихон, западна меѓу разбојници. Тие го соблекоа и го претепаа, и си отидоа, оставајќи го полумртов. Случајно во тоа време слегуваше по тој пат еден свештеник и, кога го виде, помина на спротивната страна. Исто така и еден Левит, кога дојде на тоа место, погледна и премина на другата страна. Еден, пак, Самарјанин, кој патуваше, кога дојде до него, го виде и се сожали. И кога се приближи, му ги преврза раните, полевајќи ги со масло и со вино. Потоа го качи на добитокот свој, го однесе во гостилница и се погрижи за него. А утредента, на кинисување, извади два денарија, му ги даде на гостилничарот и му рече: ‚Погрижи се за него; а ако потрошиш нешто повеќе, кога ќе се вратам, ќе ти платам.‘ Кој, пак, од тие тројца ти се чини дека му беше ближен на оној, што падна во рацете на разбојниците?“*

*А тој одговори: „Оној што му искажа милосрдие.“*

*Исус му рече: „Оди и ти прави така!“*

—Лука 10:25-37

Мислам дека сите сме го слушнале објаснувањето на оваа приказна: Што би направил Бог кога би одел по патот и го видел овој човек? Знаеме дека Господ не би го оставил овој претепан човек да умре покрај патот.

Лекцијата што ја учат повеќето учители на детските часови во црква е да се биде добар сосед. Грижете се за

луѓето. Божјо срце е полно со грижа за луѓето и можам да кажам дека сто проценти се согласувам со таа проценка. Сепак, има уште многу што често се изоставува.

За вистински да го разберете укорот на Исус кон овој учител на законот, треба да ја разберете социјалната клима во тоа време. Евреите ги презирале Самарјаните и ги сметале за нечисти и недуховни. Така, Евреите сметале за себеси дека во Божјите очи се многу попосвети и поправедни од Самарјаните до тој степен што не се ни дружеле со нив. Значи, приказната на Исус во основа е шлаканица за овој учител на законот, укор за неговиот побожен став. Мислам дека сите го разбираме тоа.

Но, никогаш не сум слушнал некој да поучува на детските часови за делот од приказната што зборува за двете сребрени парички. Зошто Исус ги спомна двете сребрени парички ако Неговата поента за погрешните мотиви на учителот кон Самаријаните веќе беше истакната? Ајде да дознаеме.

> *„Потоа го качи на добитокот свој, го однесе во гостилница и се погрижи за него. А утредента, на кинисување, извади два денарија, му ги даде на гостилничарот и му рече: ‚Погрижи се за него; а ако потрошиш нешто повеќе, кога ќе се вратам, ќе ти платам.'"*
>
> —Лука 10:34-35

Во оваа приказна што ја поучува Исус, можеме да видиме и дека тоа е аналогија на она што Исус требаше да го направи за нас. Можеме да видиме како човештвото е тепано и рането од сатаната, крадецот. Ние разбираме дека маслото и виното пророчки Го претставуваат Светиот Дух и крвниот завет што Исус го склучува со сите што ќе дојдат кај Него. И во приказната гледаме дека, по нанесувањето на маслото и виното, Самарјанинот оди чекор понатаму и го преместува овој повреден човек во гостилница за да се излечи. Самарјанинот знае дека потребно е време да се излечи човекот и го носи на безбедно место каде што ќе може да закрепне, сето тоа

на негова сметка.

Верувам дека гостилницата ја претставува локалната црква. Ова е местото каде што Исус ги носи луѓето кои биле пронајдени претепани и умираат на патот на животот. Тие се новородени, исчистени од гревот со крвта на заветот и оживеани од Светиот Дух, но сепак со себе ја носат дамката и болката на проколнатиот земен систем. Ним им треба време да заздрават и да научат еден целосно нов начин на живот. Исус ги поставува во локалната црква и под управителот на гостилницата, локалниот пастор, кој го надгледува нивниот напредок.

Но, за жал, во црквата го наоѓаме истиот став како оној на законикот. Луѓето не сакаат да помогнат во гостилницата. Како и оние што поминувале покрај повредениот, за нив неговиот проблем бил туѓ проблем. Зошто да помогнат? Каква добивка имаат од тоа освен што ќе изгубат време и пари?

Поради ваквиот став, пасторите поминуваат голем дел од своето време молејќи ги луѓето да помогнат со детските часови или да водат мала група. Но, се чини дека луѓето се веќе зафатени со својата работа и тешко им е да се обврзат. Самата религија не нуди поттик, само должност и закон. Религијата се обидува преку вина да ги убеди луѓето да сторат нешто: „Ти Му должиш на Бога, затоа треба да се погрижиш за ова или она. На крајот на краиштата, погледни што направи Бог за тебе". И се согласувам, секогаш треба да имаме спремни и благодарни срца кон Бога и да имаме желба да им помагаме на другите, но Бог не работи според системот „Ми должиш Мене". Тој вели: „Ти оставам две парички да ги покриеш трошоците и ќе ти платам КОЛКУ И ДА ТРЕБА кога ќе се вратам".

Повторно, за религиозниот начин на размислување тоа се однесува на Небото, односно, на идната награда што ќе ја добиеме од Исус за работата што ја правиме овде на земјата за Неговото Царство. Не, кога Исус ја раскажуваше приказната, Тој мислеше на тоа кога бизнисменот ќе се врати во градот и гостилницата по завршувањето на неговото патување. Исус зборуваше за

реална финансиска помош за таа гостилница. Но, луѓето сега ќе речат: „Одлично, Бог ќе ги покрие трошоците на гостилницата за човекот, но и јас имам реални трошоци овде во мојата куќа. Не можам да одвојам време или пари за да помогнам". Начинот на размислување што само очекува да ви се надоместат сите трошоци кога помагате во некоја ситуација не мотивира многу луѓе. Помага, се разбира, но не ја покажува целата вистина за Божјата љубов кон оние што се вклучуваат.

Да, знам што ќе кажете: „Сите треба да помагаме во гостилницата од љубов кон Бога". Да, можете да помогнете од лојалност кон вашиот пастор и од љубов и должност кон Бог, а и тоа понекогаш се бара... Но Бог сака со *радост* „да работите во гостилницата" со Него.

И тоа е поентата – ние не работиме ЗА Бог, туку, напротив, СО Бог. Самиот Бог преку Павле го кажува следново:

> *„Кој војувал некогаш на своја сметка? Кој сади лозје, а не јаде од неговиот плод? Или кој пасе стадо, а не пие од неговото млеко? Зар го зборувам ова само како човек? Не го вели ли истото и Законот? Бидејќи во Мојсеевиот закон е напишано: „Не врзувај ја устата на вол што врши." Зар Бог се грижи за воловите? Или го вели тоа, главно, за нас? – Да, за нас е напишано тоа; зашто, оној што ора, треба да ора со надеж, и кој врши, да врши со надеж дека ќе го добие она што го очекува."*
>
> —1 Коринтјаните 9:7-10

Бог не сака да Му служите од страв или само од должност.

Забележете што вели: *„Оној што ора, треба да ора со надеж, и кој врши, да врши со надеж дека ќе го добие она што го очекува."* Бог не се грижи само за жетвата што е резултат на задачата што ја има за вас. Тој, исто така, се грижи за оние кои работат токму таму покрај Него и сака тие да учествуваат во радоста на жетвата исто како што се радува Тој.

Исус избрал гостилничар за приказната од многу

важна причина. Разбираме дека гостилницата работи како бизнис. Тој во својата дневна стапка ја вклучил и цената за режиските трошоци и персоналот. Но, покрај сите трошоци потребни за управување со гостилницата, тој додава и профит. Така е, *профит*.

Секојпат кога гостилничарот наплатува за едно ноќевање, тој има добивка. Поради ова, гостилничарот има многу поинаква перспектива на повредениот што бил донесен во гостилницата. Грижата за човекот нема да го чини ниту еден денар, бидејќи патникот ветил дека ќе ги покрие трошоците. Но, гостилничарот знае еден факт што му овозможува да му помогне на овој човек без да се лути. Всушност, тој веројатно бил возбуден од можноста што му се укажува.

Знаете, гостилничарот разбира дека со секоја вечер што човекот ќе остане таму, тој ќе има поголема заработка, и со отворената сметка на бизнисменот, тој е многу радосен. Можам само да го замислам разговорот меѓу гостилничарот и бизнисменот пред овој да продолжи со патувањето: „Еј, ако видите некој друг на кој му треба помош по патот, слободно доведете го овде. Ќе примам колку што можеш да донесеш, а ако снемам соби, ќе додадам!“

**ЗА ЖАЛ ТИЕ НЕ МОЖАТ ДА ГИ ВИДАТ БОЖЈИТЕ НАМЕРИ, ДЕКА ТОЈ Е ПОДГОТВЕН ДА ПЛАТИ КОЛКУ ШТО Е ПОТРЕБНО ЗА ДА ДОЈДЕ ДО ЛУЃЕТО, И ТОЈ СЕКОГАШ НИ ДАВА ПОВЕЌЕ ОТКОЛКУ ШТО ИНВЕСТИРАМЕ. СЕКОГАШ.**

Како што можете да видите, има многу повеќе во приказната отколку само познатата приказна за тоа што би направил Исус. Исус се обидуваше да го промени религиозното размислување што експертот за законот го имаше кон Бог и Самарјанинот. Тој, исто така, сакаше да му

даде до знаење дека пропушта огромна можност што Самарјанинот ја искористил — *профитот*!

Секогаш сум тажен кога слушам како луѓето велат дека Бог им прави лоши работи на добрите луѓе или гледам како луѓе Му служат на Бог од религиозна должност наместо од радост поради возбудливиот живот што Тој го дава. Сатаната се обидува да ја сокрие Божјата добрина од Божјиот народ за да не Му служат доброволно со сето свое срце.

За повеќето луѓе црквата е само уште еден настан на распоредот наместо да разберат дека тие се црквата, гостилницата во која Бог ги испраќа луѓето да станат целовити. За жал, тие не можат да ги видат Божјите намери, дека Тој е подготвен да плати колку што е потребно за да дојде до луѓето, и Тој секогаш ни дава повеќе отколку што инвестираме. Секогаш.

Се сеќавам дека седев со братот на Дренда пред многу години и разговаравме токму за оваа вистина – дека Бог е добар и дека нè наградува, Тој ни го даде Царството што ги задоволува сите наши потреби. Ваквото разбирање за Царството беше ново за Џони и неговата сопруга Канди, бидејќи тие потекнуваа од традиционална црква каде што многу малку се поучувала вистината.

Џони и Канди беа наставници во училишниот систем во Џорџија во тоа време, а освен како наставник, Џони работеше со скратено работно време за мојата финансиска компанија, Forward Financial Group. Се чинеше дека Џони е надарен за бизнисот. Во првата година работејќи за компанијата, тој заработи повеќе со скратено работно време отколку што заработуваше од неговата полновремена работа како наставник, па затоа реши да даде отказ од учителската работа и да продолжи со полно работно време во финансискиот бизнис.

На почетокот, Џони се снајде многу добро. Но подоцна, во текот на таа година видов дека неговата активност почна да успорува и знаев дека нема да може долго да продолжи со тоа темпо.

Дренда и јас планиравме да одиме во Џорџија за божиќните празници, и затоа сакав да ги посетиме и да

поминам малку време со Џони за да видам дали можам да идентификувам некои од причините што тој го немаше потребниот обрт за да остане во полновремен работен однос во нашата компанија. Пред да му се јавам на Џони, тој прв ми се јави и ме праша дали може да се видиме и да разговараме за бизнисот. Се разбира, веќе бев подготвен да го направам токму тоа.

Можев да видам дека Џони и Канди беа исплашени. Тие веќе имаа сметки во вредност од 5.000 долари за тековниот месец, и немаа ниту 5.000 долари за сметките за наредниот месец. Кога седев со Џони, неговите први зборови беа: „Едноставно не функционира". Знаев дека разбирањето за Царството беше нешто ново за Џони и Канди, и чувствував дека треба да ги обучам како духовно да се справат со тоа. Затоа што знаев дека Царството секогаш функционира! Така, поминав околу два часа со нив објаснувајќи ги законите на Царството и како можат да ја ставаат во функција нивната вера. Додека зборував, можев да почувствувам дека стравот во нив исчезнува и верата почнува да расте. Знаев дека Џони е подготвен за следниот чекор.

„Џони", реков, „Треба да засадиш семе кај Бога и да Му веруваш за парите што ви требаат".

Џони и Канди се согласија, но немаа пари. Сосема случајно со мене носев 160 долари плата од нашата компанија за Џони. Знаев дека можат да ги искористат тие пари, но наместо тоа ги охрабрив да ги посеат како семе бидејќи и двајцата знаевме дека 160-те долари, сами по себе, не се доволно да ги покријат сметките од 5.000 долари за тој месец, или 5.000 долари кои требаше да ги платат наредниот месец. Тие се согласија.

Токму пред да се молиме и да ја ослободиме нашата вера заедно, го прашав Џони: „Што мислиш дека ќе добиеш сеејќи ги овие пари?" Само што зборовите излегоа од мојата уста, Светиот Дух ме запре и ми рече да не го оставам да даде одговор, а јас знаев зошто. Џони ќе кажеше дека верува за 5.000 долари, бидејќи очигледно, таму беше притисокот. Наместо тоа, Светиот Дух ми рече: „Прашај го дали ќе бидат доволни 12.000 долари за 30

дена“.

И така, го направив токму тоа. Не му дозволив да одговори и го прашав дали ќе бидат доволни 12.000 долари за 30 дена. Неговите очи широко се отворија кога ја споменав сумата што Господ ми ја кажа. Знаев дека Џони никогаш во целиот свој живот немаше заработено 12.000 долари за 30 дена. Седеше таму кратко и потоа рече, „да“ – можеше да верува со мене. Истото прашање ѝ го поставив на Канди, а таа исто така рече „да“. Ги здруживме нашите раце, ги положивме на чекот, и ја ослободивме нашата вера за 12.000 долари за 30 дена.

Три недели подоцна, добив повик од Џони. Беше многу возбуден. Во изминатите три недели тој склучил зделки доволни не само за 12.000, туку 17.000 долари исплата. Тој рече дека сега навистина верува во сè што му кажував за Царството.

За жал, два месеци подоцна, во една дождлива ноќ возејќи кон дома по еден состанок Џони изгубил контрола над својот автомобил. Автомобилот беше целосно уништен, но Џони ја преживеа несреќата, што само по себе беше Божји чин. Меѓутоа, поради несреќата, Џони не можеше да работи бидејќи му требаше време да закрепне. Во тој временски период, неговата куќа беше запленета и ставена на продажба. Им беа потребни 10.000 долари за куќата да биде повечена од продажба.

Меѓутоа, во тоа време, Џони и Канди одлучија дека треба да се преселат во Охајо за да бидат близу до учењето за Царството кое им го menуваше животот. Така, тие ја ставија куќата на продажба, иако знаеја дека имаат само околу еден месец за тие да ја продадат куќата пред банката да им ја одзеде.

Како што се приближуваше денот, немаше сериозни купувачи до само неколку дена пред последниот рок кога еден човек се понуди да ја купи куќата. Но, тој имаше едно барање. Сакаше да знае дали доколку ги даде потребните 10.000 долари што требаше да се исплатат на банката, Џони може да ја чува куќата 30 дена додека тој не комплетира една бизнис зделка од која требаше да добие пари за да ја плати целата куќа.

Џони беше шокиран. Тој знаеше дека за банката да ја повлече куќата од продажба, тој требаше да најде купувач што ќе ја плати целата куќа готовински во одредениот рок. Купецот сакаше да му даде на Џони чек од 10.000 долари на лице место, а подоцна да ја исплати целата сума. Ова беше точната сума што му требаше на Џони. Џони знаеше дека тоа е Божја интервенција, го зеде чекот од 10.000 долари и го исплати долгот за куќата. О, и таа сума од 10.000 долари беше сума за која немаше потреба ниту да се *преговара*.

Така Џони и Канди се преселија во Охајо и се вселија во изнајмен дом. Тие се вклучија во црквата *Вера и Живот,* а Џони продолжи во финансискиот бизнис со обновена енергија. Но сега имаа нов проблем. Тие имаа само еден автомобил, што му беше потребен на Џони за да стигне на многуте состаноци што ги имаше во текот на седмицата со своите клиенти. Меѓутоа, овој пат тие знаеја што да прават. Џони и Канди посеаја семе за нов автомобил и веруваа дека го добија кога се молеа според Марко 11:24.

Тогаш се случило нешто многу невообичаено. Еден пријател од детството на Џони се јавил.

„Џони, дали некогаш ти се оддолжив за велосипедот што ми го подари во шесто одделение?", прашал тој.

„Не", одговорил Џони.

Тогаш неговиот пријател рекол: „Па, ќе ти се оддолжам сега. Ќе ти купам БМВ".

Како деца, двете момчиња секогаш зборувале за автомобили, а тој знаел дека Џони отсекогаш сакал БМВ. Пријателот останал доследен на зборот и му дал на Џони пари да си купи БМВ. Но, откако Џони ги доби парите, знаеше дека бидејќи нивното семејство расте, нема да му треба БМВ. Тој и Канди одлучија да купат семеен теренец за неа и уште еден помал автомобил за неговите службени патувања бидејќи малиот автомобил што дотогаш го возеа беше стар и имаше дефекти. Така и направија.

Се сеќавам на вечерта кога Џони ми се јави. Тој седејќи во својот нов теренец паркиран до нивниот друг нов автомобил со солзи во очите ми кажуваше колку е

шокиран што за прв пат во животот имаат два целосно платени автомобили.

Џони беше нова личност. Тогаш сфати дека Бог може да направи сè.

Еден ден дојде до мојата канцеларија и ми кажа дека повеќе не сакаат да изнајмуваат куќа, и дека тој и Канди бараат куќа со земјиште. Знаев дека нивната финансиска состојба не беше најсјајна поради сообраќајната несреќа на Џони и го охрабрив да продолжат да изнајмуваат за да ги подобрат нивните финансии. Но, Џони не обрнуваше многу внимание на она што го кажав.

Потоа ми кажа дека видел куќа со земјиште на продажба малку подолу на улицата каде што живееме ние, и сакаше да ги види условите за купување. Се разбира, бидејќи во тоа време имав хипотекарна компанија, знаев дека Џони не е способен да купи таква фарма. Знаев и дека нема пари за аванс за таа фарма.

Бев шокиран една недела подоцна кога тој се врати во мојата канцеларија и со насмевка ми кажа дека фармата е негова. Кога ми го кажа тоа, знаев дека морам да ја слушнам таа приказна. Се разбира, тој и Канди посеале финансиско семе во Божјото дело како што беа научени, да веруваат дека добиваат кога се молат. Потоа Џони продолжи и ми објасни што се случило.

Тој отишол да се консултира со неговата банка за да ја купи таа фарма и земјиште, а менаџерот гледајќи го неговиот кредитен извештај му рекол: „Џони, ти беше во право за твојата кредитоспособност. Не ги исполнуваш критериумите за станбен кредит“.

Но, тогаш менаџерот му рекол нешто чудно. Ставајќи го кредитното досие на страна му рекол: „Но, ми се допаѓаш. Дозволи ми да видам што можам да направам“.

Да ја скратам приказната, банката му ги одобрила сите средства за фармата, му дале четири месеци да се пресели, додека не истече закупот на домот што дотогаш го изнајмуваа, му одобриле и средства за надополнување на резервоарот со природен гас и за плаќање на неплатените даноци на имотот. И тоа не е сè, му дале чек од 5.000 долари при потпишувањето на договорот за

купопродажба за да ја поправи пукнатината на бетонот на предниот трем.

Седев вчудоневеден од нештата што Џони ги кажуваше за Царството. „Леле!“, беше сѐ што можев да кажам.

Еден месец подоцна, Џони ми кажа дека посеал семе за трактор Форд. Ми кажа дека одлучил дека му треба трактор за фармата и дека посеал многу специфично семе за син, дизел трактор Форд. Повторно, бидејќи тој работеше во мојата компанија, а знаејќи ја цената на тракторите, знаев дека тој не е способен да купи таков трактор.

Но, навистина, неколку недели подоцна, додека гледав кон патот од мојот дом, го видов Џони како вози син, трактор Форд дизел кон неговата куќа. Кога го прашав каде и како го добил тракторот, тој рече дека една жена случајно му пристапила во црква и го прашала дали познава некој што бара да купи трактор. Тие ја ликвидирале фармата на нејзините родители, и сакале да се ослободат од тракторот што бил таму. Џони ѝ кажал дека тој сака да купи трактор.

Таа му кажала да не се грижи за исплатата, и дека може да ѝ плати кога ќе може бидејќи не ѝ требаат веднаш парите. И така Џони имаше свој трактор.

Неговиот успех продолжи. Следниот месец заработи 72.000 долари. Кога би го прашале како се случи тоа, тој ќе ви каже дека тоа е плод на неговата дарежливост кон Бог и разбирањето на законите на Царството.

Каква приказна! Сѐ уште се сеќавам на вечерта кога седев со Џони и Канди во нивниот дом во Џорџија споделувајќи им за Царството. Тие беа преоптоварени со тоа што во очи на Божиќ имаа заостанати сметки во износ од 5.000 долари, и уште 5.000 долари долг за следниот месец. Мислев дека можеби ќе ве интересира да слушнете што им кажав таа вечер.

Знаев дека едноставно морам да им помогнам да Го видат Бог низ маглата на околностите со кои се соочуваа. Почнав со тоа што им го покажав она што веќе го зборувавме во оваа книга, во 2 Коринтјаните 9:10-11:

*„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сѐ да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

Им кажав дека овде Павле вели дека Бог не само што ќе го снабдува семето што го сеете, туку и дека ќе го обезбеди лебот за вашите потреби. Лебот се однесува на сѐ што ви треба лично во вашиот живот. На тој начин, Тој ќе ја зголеми вашата способност да давате уште повеќе. Тоа значи дека ќе растете.

Повторно, зошто луѓето се плашат да дадат? Затоа што мислат дека ќе немаат доволно за сопствените потреби.

Но, внимавајте што вели Бог. Тој му дава семе на сејачот и леб за храна. Сега, еве едно многу важно прашање, и ова беше прашањето што му го поставив на Џони.

**Дали тоа што го имаш во раката е семе или храна? Тоа е твој избор.**

Таткото на мајка ми, дедо ми, цел живот беше земјоделец. Се сеќавам како младо момче си играв во неговата приколка за семе. Можеби никогаш не сте слушнале за терминот приколка за семе. Можеби и не постои таков термин, но за нас додека растевме со дедо постоеше. Знаете, секоја година за време на жетвата, дедо чуваше доволно семе за да ја наполни приколката што ја чуваше во шталата. Таа приколка беше полна со семето што тој го чуваше за да го засади наредната пролет за жетвата следната година.

Во текот на зимските месеци, дедо мораше да гледа на таа полна приколка со соја, знаејќи дека има избор да ја продаде за итна потреба или да ја чува за садење напролет очекувајќи голема жетва. Имаше избор, но беше убеден во законите што го регулираат времето на сеење и жетва, и во вера, го стави целиот свој живот на тие закони.

Џони и Канди мораа да се соочат со истата одлука кога го држеа тој чек од 160 долари. Тие сигурно можеа

да го искористат за да платат некоја неодложна потреба, но наместо тоа, знаеја дека дарежливоста кон Бог ќе им донесе поголема жетва на долг рок. И тие беа во право.

*„Еден раздава штедро, и уште му се додава; а друг преку мера е скржав, и пак е сиромав.“*

—Изреки 11:24

Пред да завршиме со ова поглавје, сакам да погледнеме уште една параболата во Матеј 25:14-30, параболата за талантите.

*„Зашто, Тој ќе постапи како човекот, кој тргнувајќи на пат, ги повика слугите свои и им го предаде својот имот; и на едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според способноста негова; и веднаш замина. Оној што зеде пет таланти, отиде, ги употреби во работа и спечали други пет таланти; и исто така и оној што зеде два таланта, спечали други два; а оној, што доби еден талант, отиде и го закопа в земја и така ги сокри парите на својот господар.*

*По долго време дојде господарот на тие слуги и побара да му поднесат сметка. И кога пристапи оној што беше примил пет таланти, донесе уште други пет и рече: ‚Господаре, ти ми предаде пет таланти; ете, сум спечалил уште пет.‘*

*Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!‘*

*Дојде, исто така, и оној што беше примил два таланта и рече: ‚Господаре, ти ми предаде два таланта, ете, со нив спечалив уште два.‘*

*Господарот му рече: ‚Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; сподели ја радоста со својот господар!‘*

*Пристигна и оној што беше зел еден талант и рече: ‚Господаре, те знаев дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел, и собираш каде што не си веел, па се*

> *уплашив и отидов, и го сокрив твојот талант в земја; ете ти го твоето.‘*
>
> *А господарот му одговори и рече: ‚Зол и мрзлив слуго! Ако си знаел дека жнеам, каде што не сум сеел, и собирам каде што не сум садел, требаше моите пари да им ги дадеш на трговците, па кога ќе дојдам да си го приберам своето со добивка; земете го од него талантот и дајте му го на оној што има десет таланти; зашто секому, што има, ќе му се даде и преумножи, а од оној, што нема, ќе му се одземе и она што го има; а лошиот слуга фрлете го во крајна темнина: таму ќе биде плач и крцкање со заби.‘“*
>
> —Матеј 25:14-30

Приказната е позната. Господарот заминува на патување надвор од градот и поставува тројца слуги да бидат управители. На едниот му дава пет вреќи злато, на друг му дава две вреќи злато, а на трет му дава една вреќа злато.

Првите двајца веднаш одат на работа и ги удвојуваат вреќите со злато што ги имаат. Господарот им аплаудира за нивната работа. Но, сакам да направиме анализа на третиот слуга. Тој добил една вреќа злато, но не направил ништо со неа. Всушност, тој само го закопал златото додека не се вратил неговиот господар.

> *„Пристигна и оној што беше зел еден талант и рече: ‚Господаре, те знаев дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел, и собираш каде што не си веел, па се уплашив и отидов, и го сокрив твојот талант в земја.‘“*

Прочитајте ја внимателно првата реченица: *„Господаре, те знаев дека си жесток човек: жнееш каде што не си сеел, и собираш каде што не си веел.“*

Што сака да каже слугата? Ќе ви кажам точно што сака да каже. Тој вели: „Зошто да се вклучам? Ако жнееш таму каде што не си засадил семе, тогаш кој платил за семето и кој го растурил и ја извршил целата работа за одгледување?“

Сега, ние разбираме дека господарот му дал пари за да го купи семето, но неговиот став бил дека не вредело да се вклучи. Немал никаква полза од тоа. Целиот профит, резултатот од неговата работа, ќе заврши кај господарот. Поради неговата перцепција на господарот, гледајќи го како строг водач, тој одбил да се вклучи. Се обидел да го скрие својот вистински презир кон господарот, наведувајќи дека мотивот да ги сокрие парите бил стравот да не ги изгуби, па затоа го сокрил златото за да го заштитити. Но, господарот го препознал неговиот блеф и му рекол дека ако навистина се грижи за него, барем ќе ги вложел парите во банка и така ќе добиел камата.

Не, слугата не се плашел да не го изгуби златото; се плашел од мислата дека неговиот ангажман ќе го чини нешто. Имал погрешна и зла слика за господарот, погрешна затоа што токму спротивното беше вистина. Господарот не бил тежок учител. Другите двајца слуги биле унапредени и поканети да уживаат во имотот на господарот откако успешно тргувале со парите на господарот. Овој слуга, поради неговата погрешна слика за господарот, одлучил да не учествува. И токму на ова нѐ учи религијата – дека Бог е тежок господар и дека нема никаква корист да работиме за Него, па зошто да се вклучиме?

Но, таа слика за Бога е целосно изопачена и не е вистинита. Да се нарече Бог неправеден е зло. Бог е токму спротивното од тој приказ.

Тој е добар и наградува.

Но, сега сакам да нагласам една многу важна вистина што е наведена во оваа приказна. Внимавајте добро што прави господарот со златото што го добива назад од злиот слуга.

*„Земете го од него талантот и дајте му го на оној што има десет таланти; зашто секому, што има, ќе му се даде и преумножи, а од оној, што нема, ќе му се одземе и она што го има; а лошиот слуга фрлете го во крајна темнина: таму ќе биде плач и крцкање со заби.“*

Дали добро прочитав? Господарот ја зема вреќата со злато од безвредниот слуга и му ја дава на оној што имаше десет, а не на оној што имаше четири? Не сум сигурен дека тоа беше политички коректно, но тоа го направи. **ВНИМАНИЕ!**

Бог им ги дава Своите големи идеи и задачи на Своите деца кои се грижат за Неговата добивка и се покажале лојални и верни најпрво во малите работи.

Господ не е глуп. Тој ги вложува Своите пари таму каде што ќе добие најголем поврат.

Ве молиме размислете за она што штотуку го кажав – Бог ги вложува Своите пари таму каде што ќе добие најголем поврат!

**БОГ ИМ ГИ ДАВА СВОИТЕ ГОЛЕМИ ИДЕИ И ЗАДАЧИ НА СВОИТЕ ДЕЦА КОИ СЕ ГРИЖАТ ЗА НЕГОВАТА ДОБИВКА И СЕ ПОКАЖАЛЕ КАКО ЛОЈАЛНИ И ВЕРНИ НАЈПРВО ВО МАЛИТЕ РАБОТИ.**

Сега, се разбира, Бог не го засегаат *парите*, туку *луѓето*. И кога сме верни да работиме вредно со Него, Тој ќе нè издигне и ќе ни даде наклоност со Неговите добри работи.

Да, Бог има омилени деца во смисла дека има деца на кои им верува за различни задачи. Оние кои се покажале верни ќе ја заслужат довербата на Бог да се справат со поголеми и понаградувачки задачи за Него.

Забележете го ставот на двајцата слуги кои биле успешни — тие веднаш отишле и ги вложија парите на Својот господар! Зошто веднаш? Затоа што знаеле дека тоа е *можност*, а не ропство.

Толку многу Божји луѓе сметаат дека служењето на Бог е мака, должност што треба да се исполни, а не можност што навистина и е.

Кога Дренда и јас го градевме *Нау центарот*, моравме да донесеме одлука. Бевме црква со само околу 300 луѓе кога решивме дека треба да изградиме постојан и

поголем дом за нашата растечка заедница на верници.

Почнавме да собираме пари за проектот вреден 6 милиони долари. Во тоа време тоа беше огромна сума на пари за нас. Планот беше да се изгради основната инфраструктура за околу 4,2 милиони долари, а потоа да се додаде опремата во вредност од преостанатите 2 милиони долари и да се доградува како што ќе стигаат парите.

Ова не беше наше прво искуство да бидеме дарежливи кон Божјите проекти, но беше најголемото искуство во кое бевме вклучени до тој момент.

Меѓутоа, како и слугите во приказната кои ја знаеле Божјата добрина, ние веднаш сакавме да бидеме дел од собирањето пари и сакавме да дадеме на ниво кое бара вера и послушност кон она што верувавме дека Бог ни го кажува.

На денот кога целата заедница објави колку се согласни да посеат за проектот, јас и Дренда рековме дека даваме 200.000 долари. Сега, во тоа време, ние немавме 200.000 долари, но имавме семе од околу 20.000 долари што требаше да го посееме за остатокот.

Знаевме, како многупати во минатото, дека Бог ќе ни покаже каде и како да ја собереме таа сума пари со изобилство што ќе остане за нас.

Откако го посеавме она што го имавме, почнавме да се молиме во Дух, чекајќи за насока и инструкции за тоа каде и како да се обезбеди преостанатиот износ на пари. За да ја поставите сцената за да разберете како Бог ги донел овие пари, треба да ви кажам дека имаме финансиска компанија во последните 39 години. Таа компанија работи со различни продавачи и професионалци, како што ви спомнав претходно. Повеќето од поголемите продавачи со кои работиме имаат годишни конвенции и собири за нивните клиенти.

Таа година, еден од нашите партнери нè покани да одиме во Лондон, Англија, на нивниот конгрес. Престојувавме во еден многу убав хотел во центарот на Лондон, и беше едноставно прекрасно, како што велат во Лондон.

Компанијата организираше еден настан што беше на другата страна од градот, а потпретседателката нè покани мене и Дренда да одиме со такси заедно со неа на настанот, што со задоволство прифативме. За време на возењето, потпретседателката ни се заблагодари за целиот бизнис што го овозможуваме за нив, а потоа почна да ни кажува за новата бонус програма што сакаа да ја започнат таа година.

Таа ни објасни како тоа ќе функционира и структурата на бонус што тие ќе ја платат на партнерите кои го препорачуваат нивниот производ. Бев многу возбуден додека зборуваше, бидејќи знаев дека ја исполнуваме квотата за да се квалификуваме за бонусот за кој зборуваше.

Потоа, само што прашав за повеќе детали, таа нагло ме прекина и ни кажа дека нашата компанија не ги исполнува критериумите за бонус програмата врз основа на структурата на нашиот однос со нејзината компанија.

Не можев да верувам. Зошто таа ни ги кажа сите детали и не убеди колку е одличен тој план за едноставно на крајот да ми ги сруши сите надежи? Исто така, не разбрав како структурата на мојот однос со нејзината компанија влијаеше да не можам да се квалификувам за бонусот.

Иако поставив дополнителни прашања, таа навистина не ми даде јасен одговор. Единственото нешто што знаев со сигурност беше дека не ги исполнуваме критериумите за бонусот; таа јасно го кажа тоа.

Помина една година и нашите резултати беа добри за таа година, па се сетив да ѝ се јавам и повторно да се распрашам за бонусот. Меѓутоа, овој пат кога се јавив, не успеав да ја добијам, па оставив порака кај нејзината асистентка со моето прашање.

Следниот ден, нејзината асистентка ми се јави и со строг глас ми кажа дека веќе сум информиран од

**ГЛЕДАТЕ, БОГ НАГРАДУВА! И ИМА ПРИДОБИВКА КОГА СМЕ ДАРЕЖЛИВИ КОН БОЖЈИТЕ ЗАДАЧИ.**

страна на потпретседателката дека не ги исполнуваме критериумите и дека таа не може да стори ништо во врска со тоа.

*Па, добро*, си помислив, *барем се обидов.*

Но, додека се молев за тоа каде да најдам 180.000 долари, слушнав како Светиот Дух ми вели да се јавам повторно на потпретседателката и уште еднаш да го побарам тој бонус. Ќе ви кажам дека не бев воодушевен што го слушнав тоа. Бидејќи веќе две години по ред ја прашував за тоа, го знаев нејзиниот став. Таа беше многу јасно по тоа прашање. Така, мислев само да ѝ испратам е-пошта, за да си ја пробам среќата, што се вели.

Околу седум дена подоцна добив повратна порака со нејзиниот одговор, кој на моја голема радост велеше дека по кратко размислување таа решила да го додели бонусот на нашата компанија. Неверојатно, бонусот беше 200.000 долари! Сега, еве го најдобриот дел. Таа промена на договорот остана на сила и во последните 14 ГОДИНИ, и оттогаш го добиваме тој бонус од 200.000 долари секоја година.

Гледате, Бог наградува! И има придобивка кога сме дарежливи кон Божјите задачи.

Па, колку нè чинеше мене и Дренда да посееме за тие 200.000 долари?

Поминаа околу пет години и решивме дека како црква треба да собереме повеќе пари за да средиме неколку работи во црквата и да купиме нова опрема. Повторно, јас и Дренда требаше да одлучиме колку сакаме да посееме кон тие проекти и решивме да дадеме 500.000 долари.

Леле, тоа беа многу пари. Но, чувствувавме дека можеме да Му веруваме на Бога откако видовме што направи Тој со тие 200.000 долари. Повторно, посеавме колку што можевме, мислам дека станува збор за 50.000 долари, и верувавме дека Светиот Дух ќе ни покаже каде и како да ги добиеме преостанатите 450.000 долари.

Мислам дека можеби поминаа шест недели и добив известување дека ќе случат неколку промени во начинот и системот на исплата за нашата компанија. Откако ги пресметаме промените што се подготвуваа, заклучивме

дека во наредните три години ќе заработиме околу 630.000 долари повеќе отколку претходно. Прилично неверојатно, нели? Па, погодете што? Таа договорна промена остана на сила во последните 11 години, а ние сè уште ја добиваме таа зголемена стапка секоја година.

Повторно, колку нè чинеше Дренда и мене да посееме и да бидеме дарежливи кон Божјите проекти?

Затоа запомнете дека Бог е Бог на добивка. Тој е добар и наградува.

ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ

# ДАЛИ ГИ ИСПОЛНУВАТЕ УСЛОВИТЕ?

Мислам дека сите ја знаат Божиќната приказна за тројцата мудреци кои на Исус Му донеле злато, ливан и смирна. Дали некогаш сте се запрашале колку вредат тие нешта? Подоброто прашање е: „Зошто воопшто Му ги донеле?

Па, направив мало истражување и дознав дека во тие денови било вообичаено да се почестува принцот со вакви подароци, бидејќи бил сметан за иден крал.

Најдобрата проценка е дека овие подароци веројатно вределе стотици илјади долари.

Мудреците сигурно ги проучувале Светото Писмо и пророштвата во врска со доаѓањето на Месијата, и откако ја виделе ѕвездата заклучиле дека Тој е таму, а потоа поминале голема далечина за да Му донесат дарови.

Концептот дека тие Го сретнале Исус кај јаслите не го пренесува она што навистина се случило, иако тоа е прикажано на тој начин во нашите Божиќни претстави. Ние го знаеме ова бидејќи Матеј го вели следново.

*„И штом влегоа во <u>куќата</u>, Го видоа Младенецот со*

*мајка Му Марија, и паднаа, па Му се поклонија; потоа ги отворија своите ковчежиња и Му принесоа дарови: злато, ливан и смирна.“*

—Матеј 2:11

Го сретнале Исус во Неговиот дом, а не кај јаслите. Пасусот укажува дека Тој бил мало дете, а не бебе. Значи, сигурно им требало време за да стигнат.

Второ, никој навистина не знае колку мудреци имало. Библијата не кажува колкумина дошле, но пишува што донеле. Во тоа време, ливанот и мирото биле всушност поврeдни од златото, па подароците што ги носеле биле исклучително вредни.

Зошто го споменувам ова? Дозволете ми да ве прашам: „Зошто мислите дека овие мудреци ги донеле овие подароци?“

Можам да ви кажам зошто — Јосиф имаше потреба од материјална помош за да ја заврши задачата од Бог.

Запомнете: Бог секогаш ги финансира Неговите задачи – секогаш!

Црквата *Вера и Живот* беше преполна. За време на викендите беше преполно. Преполно беше и во текот на неделата, а на детските часеви имавме 200 деца, имавме и многу мали групи и голем персонал. Ни требаше повеќе простор. Почнавме да разговараме дали треба да отвориме втор кампус или да продолжиме со нашата сегашна зграда. Решивме да ги направиме и двете во исто време.

Така, составивме тим што требаше да почне да бара локација за кампусот, и им дадовме насоки во која област од градот да бараат најпрво.

Потоа, во исто време, ги започнавме првите чекори во проектирањето на зградите, инженерските студии и така натаму, со цел да се прошириме. Ангажиравме архитект и градител и составивме советодавен одбор, сите со искуство во градежништво.

Откривме дека има сериозни проблеми со доградбата на стариот кампус. Најголемиот проблем беше што немавме поврзано канализација и вода до нашата

сегашна зграда. Користевме бунарска вода и самостоен систем за управување со отпад како канализација.

Општината веќе ни кажа дека доколку не се поврземе со градскиот водовод и канализација не можеме да градиме или да додаваме дополнителни згради на нашиот кампус од 36 хектари, бидејќи веќе бевме до максималната граница што тие ја дозволуваат. Ние го знаевме тоа уште на самиот почеток, но имаше толку многу нови згради околу нас што мислевме дека сигурно сега ќе биде полесно да се поврземе со цевките за вода и канализација.

Но, дознавме дека водовод- ните и канализациските линии сè уште не се инсталирани на нашата улица, така што таа опција веднаш отпадна. Цевки едноставно немаше.

Почнавме да добиваме понуди за инсталирање на водоводни и канализациони линии до нашата зграда на наш трошок, а потоа да надоместиме голем дел од тие трошоци од новите објекти кои понатаму ќе се градат во таа област и ќе имаат потреба од поврзување со водовод и канализација. Не сакате да знаете колку ни побараа за тоа.

Така, се вративме во општината и ги прегледавме нивните планови и временската рамка за тоа кога ќе бидат достапни овие услуги и се надевавме дека ќе размислат да ги поместат тие датуми малку поскоро бидејќи областа растеше и истите ќе бидат потребни. Но, тие не попуштија. Значи, колку време рекоа дека ќе потрае пред услугите да бидат достапни? Не во скоро време.

Знаевме дека не можеме да чекаме со години за да се поврземе со мрежата за водовод и канализација во нашата област, па наместо да чекаме за доградбата почнавме да бараме локација за нов кампус како наша примарна цел. (Од тој состанок со општината до денес кога го пишувам ова поглавје сè уште нема информации кога канализационата линија ќе биде достапна.)

Нашиот тим шест месеци бараше локација за кампусот без успех. Се чинеше дека нема достапни згради за

изнајмување или купување што одговараат на нашите потреби. Затоа, размислувавме да изнајмиме центар за настани во нашата област само за викендите, што ќе нè чинеше 30.000 долари месечно. Покрај трошокот, ќе требаше секоја недела да ја поставуваме и да ја вадиме нашата опрема. Навистина не сакав да ги ставам нашите луѓе во таква ситуација. Сакав простор што ќе биде наш и што ќе можеме да го користиме како што сакаме. Не чувствувавме мир околу центарот за настани.

**БОГ СЕКОГАШ ГИ ФИНАНСИРА НЕГОВИТЕ ЗАДАЧИ - СЕКОГАШ!**

Потоа размислувавме да изнајмиме простор во еден нефункционален трговски центар. Но, откако размисливме за сите поправки и промени што ќе бидат потребни за да се оспособи локалот, решивме дека ниту тоа не е добра опција за нас.

Еден од нашите основни приоритети за наоѓање зграда беше таа да може да се приспособи за образование на деца во текот на неделата. Во нашата црква има стотици семејства што сами ги школуваат своите деца, и ние организираме разни заеднички состаноци и наставни собири, како и часови секоја недела. Многупати сме зборувале за тоа дека еден ден можеби ќе имаме училиште, дневен центар, дополнителни часови и многу повеќе програми за да им служиме на нашите локални заедници. Сакавме да најдеме простор што ќе ни го овозможи токму тоа. Посеавме семе за таква зграда, исповедајќи дека ќе ја најдеме совршената зграда за нашите потреби, но таа едноставно не се појави.

Дренда и јас требаше да присуствуваме на еден состанок во Форт Ворт, Тексас, за поддршка на новата телевизиска станица Победа (Victory Television Network). Додека бев таму, седејќи на снимањето, Господ ми зборуваше. Тој ми рече: *„Сакам да посеете 100.000 долари во оваа мрежа. Кога ќе се вратите во вашата црква напишете чек и на секоја богослужба држете го и исповедајте над тоа семе дека ќе ја најдете вашата*

*совршена зграда. Исто така, прекорете го сатаната и кажете му да престане да се меша во Мојата работа. Прокламирајте дека потрагата е завршена кога ќе го принесете семето.“*

Токму тоа и го направивме. Отидовме дома, и му се јавив на нашиот благајник и му реков да напише чек од 100.000 долари за телевизиска станица *Победа*. Потоа го носев тој чек на секоја богослужба и во единство со целата црква го посеавме тоа семе за совршената зграда. Го прекоривме сатаната и му рековме да престане да се меша и да го одложува нашето снабдување.

Следниот ден, понеделник наутро, ни се јави нашата ќерка и ни кажа дека додека бевме на состанокот во Тексас, агентот за недвижности понудил да им покаже интересен имот. Имотот беше само за продавање и беше многу надвор од нашиот буџет, бидејќи беше ставен на продажба за 7,9 милиони долари. Но, вредеше многу повеќе бидејќи беше запленет имот и веќе во сопственост на банката. Таа ни кажа дека тоа би било одличен кампус за нас, но, се разбира, знаеше дека финансиски е далеку над нашите можности. Но, сепак сакаше да знае дали сакаме да го видиме. Се согласивме.

Така, вторникот наутро отидовме да го разгледаме имотот. Имотот се простираше на седум хектари и беше висококвалитетен приватен средношколски кампус. Имаше трикатна гимназиска зграда и уште две големи згради, како и куќа на имотот. Имаше патека за трчање, четири тениски игралишта, теретана, уметничка зграда со фотолабораторија, две печки за керамика, просторија полна со опрема за шиење и уметнички материјали, десетици музички инструменти во музичката соба и многу повеќе. Целиот имот беше целосно наместен и снабден со сè.

Додека шетавме низ имотот, беше едноставно совршен. Но, во исто време, знаевме дека не можеме да се задолжуваме. Имавме заштедени околу 3 милиони долари во нашиот градежен фонд, но тоа сепак значеше дека ќе треба да позајмиме речиси 5 милиони долари.

Таа вечер имавме планирана вечера со еден од нашите

партнери во службата. Таа средба беше планирана и одложена веројатно четири пати во текот на есента бидејќи и тие и ние бевме многу зафатени, но таа вечер се сретнавме.

Додека разговаравме, господинот почна да ме прашува за градежниот проект, а јас му кажав за сите предизвици со кои се соочувавме. Тој ме погледна и рече: „Знаеш, не мислам дека тоа е правата опција. Навистина мислам дека наместо тоа треба да размислите за нов кампус". Му реков дека се согласуваме со тоа и, всушност, веќе шест месеци баравме зграда но без успех. Исто така му кажавме дека претходно во денот разгледавме една совршена локација за нов кампус, но дека не е за изнајмување и е многу над нашите финансиски можности за да ја купиме.

Постави неколку прашања за тоа, а потоа погледна во Дренда и рече: „Што ако имотот беше бесплатен?" Дренда не одговори бидејќи мислеше дека се шегува. Потоа повторно рече: „Дренда, реков што ако имотот е бесплатен?"

Таа праша, „Што сакаш да кажеш?

„Јас ќе ви дадам чек!", рече тој.

Дренда и јас седевме запрепастени.

Да ја скратам приказната, тој навистина плати за кампусот. Потоа моравме да потрошиме малку пари за реновирање и прилагодување на зградата да одговара на нашите потреби. Резултатот беше совршен кампус. И целосно исплатена зграда!

Не можев да испланирам посовршен кампус за нашите потреби. Сè беше совршено. Имавме направено проценка за нашата осигурителна компанија, и вредноста заедно со сè друго на кампусот беше проценета на 11 милиони долари.

Размислете малку: Имавме кампус од 11 милиони долари со 89.000 квадратни метри простор, без долгови! Зарем не сакате такви сведоштва?

Како што реков, Бог секогаш ги финансира Неговите задачи. Тоа е Негова служба, не наша. Ние само работиме заедно со Него во семејниот бизнис.

Сега, да ви кажам што се случи со мажот и жената што

ја купија зградата за нас. Како прво, поради донацијата тие имаа право да бидат ослободени од данок за таа фискална година, па така нивната даночна сметка беше намалена за повеќе отколку што платија за зградата. Како? Зградата мораше да биде на нивно име две години. Потоа ја префрлија на службата со тогашната проценета вредност.

**ЦАРСТВОТО ФУНКЦИОНИРА СЕКОЈ ПАТ!**

Ова е стратегија за која треба да знаете ако сте пастор и ви треба зграда. Така, зградата на крајот беше навистина бесплатна за нив и за нас, се разбира со мудро даночно планирање. Но, дури и тоа не беше најневеројатниот аспект на приказната.

Овој наш партнер се обидуваше да купи друг бизнис во градот што беше на продажба во времето кога го разгледавме имотот. Иако тој даваше понуда за готовинско плаќање, неговата понуда мораше да биде одобрена од сопствениците на франшизата што сакаше да ја купи и, за жал, тие му кажале дека ја понудиле на некој друг. Тој беше многу разочаран од нивната одлука. Тој ми кажа дека едноставно не може да дигне раце; чувствуваше во својот дух дека не е готово.

Така, кога ги посеа тие пари за нашата зграда, ми рече дека ги посеал верувајќи дека сопствениците на франшизата ќе се предомислат, бидејќи тој беше во најсилна финансиска позиција во споредба со другите понуди и плаќаше во готово.

Токму така и се случи. Имено, откако трансакцијата за нашиот имот помина, тој добил повик од сопствениците дека претходната зделка пропаднала и доколку сè уште е заинтересиран, може тој да го купи бизнисот. Тој одговорил „да“, зашто го сакаше тој бизнис.

Потоа, неколку недели пред да потпише за овој нов деловен имот, една нова сосема неочекувана зделка му паднала во скутот и од таа ги добил сите пари потребни за да го плати целосно тој бизнис. Воопшто не мораше да ја користи готовината што претходно ја одвоил за тој проект. Ми рече дека тоа е како да добива бесплатен

бизнис.

Патем, штом го купи бизнисот, истиот беше проценет за двојно повеќе од она што тој плати за него. Кога ми се јави на денот кога го потпишуваше договорот, беше многу возбуден.

Царството функционира секој пат!

Овој партнер беше дарежлив кон Божјите задачи и послушен до крај и  затоа можеше да види што направи Бог за нас двајцата. Ние посеавме во нова ТВ станица, уште еден од Божјите мандати, и погледнете што се случи со нас.

Дарежливоста кон Бога и Божјиот народ ќе ви отвори врати за кои никогаш не сте ни помислувале дека постојат.

Луѓето постојано ме прашуваат: „Гери, што е најклучно во врска со финансиите на Царството?“

Па, сигурно има многу работи што би сакал да ви ги кажам. Но, следниов совет нема цена. Затоа, не заборавајте да земете белешки и да го запишете следниот принцип на Царството.

**Ако не примите ништо повеќе од оваа книга: Примете го ова!**

Сакам да одиме во Лука 4 пред да почнеме да го разгледуваме овој моќен закон на Царството. Знам дека вообичаено не цитирам толку долги текстови, но важно е да го прочитаме целиот пасус бидејќи тоа ќе ви даде контекст на она што се случува и зошто Исус одговара на тој начин.

*И дојде во Назарет, каде што беше одраснал, и по обичајот Свој влезе еден саботен ден во синагогата, па стана да чита. Му ја подадоа книгата на пророкот Исаија; и Тој, штом ја отвори, го најде местото каде што беше напишано:*

*„Духот Господов е врз Мене; зашто Господ Ме помаза. Ме прати да им соопштам радосна вест на бедните. Ме прати да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода*

*напатените; да ја проповедам благопријатната година Господова!“*

*Потоа ја затвори книгата, му ја даде на прислужникот, и седна; а очите на сите во синагогата беа вперени во Него. И почна да им говори: „Денес се исполни ова Писмо што го чувте.“*

*И сите Му потврдија и се восхитуваа на Неговите благодатни зборови што излегуваа од устата Негова и велеа: „Не е ли Овој синот на Јосиф?“*

*А Тој им рече: „Некој од вас сигурно ќе Ми приговори со оваа изрека: ‚Лекаре, излекувај се Сам! Направи го и овде, во Твојот роден крај, она што чувме дека се случило во Капернаум.‘“*

*Па им рече: „Вистина ви велам: ниеден пророк не е омилен во својата татковина. Навистина ви кажувам: имаше многу вдовици во Израел, во времето на Илија, кога се затвори небото три години и шест месеци и настана голем глад по целата земја; и кај ниедна од нив не беше пратен Илија, но само кај една жена вдовица во Сарепта Сидонска.“*

—Лука 4:16-26

Овој настан се случува откако Исус беше искушуван во пустината, а потоа се врати во Неговиот роден град од каде што ние ќе почнеме да ја читаме приказната.

Бидејќи Исус беше израснат во Назарет, тие беа многу запознаени со Него и со Неговото семејство, и можеме да претпоставиме дека Тој го читал Светото Писмо многу пати во локалната синагога. Сега, има нешто што треба да знаете за текстот што Исус избра да им го прочита. Тој читаше од Исаија 61:1-2 и застана кога стигна до делот: **„да ја проповедам благопријатната Господова година“**.

Интересно е тоа што застана со читање на средина на реченицата, затоа можеме да претпоставиме дека застанал таму со причина.

Благопријатната Господова година беше година на јубилејот и го претставуваше обновувањето на Божјото Царство на земјата. Тоа беше сенка на она што Месијата требаше да го обнови кога ќе дојде. Така, кога Исус застана

кај таа фраза и рече: **„Денес се исполни ова Писмо што го чувте“**, Тој всушност изјави дека Тој е Месијата!

Потоа продолжи и пророкуваше за нештата што тие ќе Му ги кажат во иднина, што во суштина беше: „Не ти веруваме; докажи ни“, бидејќи тие не Му веруваа.

> *А Тој им рече: „Некој од вас сигурно ќе Ми приговори со оваа изрека: ‚Лекаре, излекувај се Сам! Направи го и овде, во Твојот роден крај, она што чувме дека се случило во Капернаум.‘“*

Капернаум е местото што Исус го постави како седиште на Својата служба и каде што се случија повеќето од Неговите чуда. Тој им пророкуваше дека ќе слушнат за големите чуда што ќе се случат во Капернаум, и кога ќе слушнат за тоа, ќе велат да дојде таму и да ги прави истите работи во Назарет за да Му веруваат. Факт е дека Тој ја адресираше состојбата на нивното тврдо срце и неверување. Знаеше дека тие не Му веруваат и знаеше дека никогаш нема да Му веруваат. Тоа го знаеме бидејќи Тој додаде дека тие исто така ќе речат: *„Лекаре, излекувај се Сам!“* во врска со она што ќе се каже при Неговото распнување.

> *А минувачите, вртејќи ги главите свои, Го хулеа и велеа: „Ти, што го уриваш храмот и за три дни го соѕидуваш, спаси се Себеси! Ако си Син Божји, симни се од крстот!“ Исто така и првосвештениците, заедно со книжниците, старешините, и фарисеите, потсмевајќи се говореа: „Други спасуваше, а Сам Себе не може да се спаси! Ако е Тој Цар Јудејски, нека слезе од крстот, па ќе поверуваме во Него.“*
>
> —Матеј 27:39-42

Од почетокот на Неговата служба до крајот, Тој велеше дека и покрај сè што ќе слушнат, тие нема да ја примат Неговата порака. Потоа продолжи да им ја разјаснува Својата порака раскажувајќи ја приказната за Илија и вдовицата, каде што Бог морал да го испрати Илија надвор од Израел бидејќи Израелците имале многу закоравено

срце и не можеле да поверуваат. Тоа ги налути учителите на законот до тој степен што Го извлекоа Исус надвор за да Го убијат, но Библијата вели дека Тој се мушна меѓу нив.

Сега сакам да запишете еден збор и да го ставите некаде каде што ќе можете да го запомните, бидејќи тој е клучен за вашата финансиска иднина. Запишете го зборот „ИСПРАТЕНО". Точно, зборот „ИСПРАТЕНО". Ова е многу важно!

## ИСПРАТЕНО

Сакам да одиме во 1 Царевите 17:7-16 каде што ќе откриеме една голема тајна што може целосно да ви го промени животот.

*По извесно време потокот пресуши, бидејќи немаше дожд по целата земја. Тогаш Господ му рече: „Стани, оди во Сарепта кај Сидон и остани таму. Јас ѝ заповедав таму на една жена вдовица да те храни." И стана тој, па отиде во Сарепта. Кога дојде кај градските порти, ете, таму една вдовица жена собира дрва. Тој ѝ се обрати и ѝ рече: „Донеси ми малку вода во сад да пијам!" Таа отиде за да земе, а тој повика по неа и рече: „Донеси ми в раце и парче леб!" Таа му одговори: „Ти се колнам во живиот Господ, нема ништо печено, туку имам само грст брашно во ноќвите и малку масло во масларникот; и, ете, јас ќе соберам две – три дрвца, ќе отидам и ќе го приготвам тоа за себе и за синот свој; ќе го изедеме тоа и ќе умреме."*

*А Илија ѝ рече: „Не плаши се; оди и направи го она што го рече; но најнапред направи од тоа мала пресна питка за мене и донеси ми; а за себе и за синот свој ќе направиш после; зашто вака вели Господ, Бог Израелов: ‚брашното во ноќвите нема да сврши, и маслото во масларникот, нема да се намали до оној ден, во кој Господ ќе даде дожд на земјата.'"*

*Таа отиде и направи така, како што ѝ рече Илија и таа се хранеше, и тој и синот нејзин извесно време.*

*Брашното воноќвите не се свршуваше, и маслото во масларникот не се намалуваше, според словото на Господ што Тој го изрече преку Илија.*

—1 Царевите 17:7-16

Дозволете ми да ја поставам сцената. Има голема суша, а потокот каде што престојува Илија почнува да пресушува. Тој мора да се пресели на нова локација за да најде храна и вода. Бог му зборува и го упатува: ***„Стани, оди во Сарепта кај Сидон и остани таму. Јас ѝ заповедав таму на една жена вдовица да те храни“***. Треба да се забележи дека Сарепта бил хананански град и не бил дел од Израел во тоа време.

Илија се приближува до градот, гледа една вдовица како собира дрва и бара од неа да му даде вода. ***„Таа отиде за да земе, а тој повика по неа и рече: „Донеси ми в раце и парче леб!““*** Таа му вели дека скоро да нема храна, бидејќи има само за еден оброк за нејзе и за нејзиниот син.

Но, тогаш пророкот прави нешто многу чудно, нешто што можеби дури и мислите дека е незамисливо со оглед на околностите. Тој ѝ вели да оди дома и да му направи леб и всушност да му го донесе пред таа да направи леб за своето семејство. Знаејќи како тоа може да звучи, тој ги предлага упатствата со зборовите: „*Не плаши се*“. Потоа ѝ го кажува следново:

*„Зашто вака вели Господ, Бог Израелов: брашното во ноќвите нема да сврши, и маслото во масларникот, нема да се намали до оној ден, во кој Господ ќе даде дожд на земјата.“*

Што ќе направи таа сега? Дали ќе му верува и последниот оброк на нејзиниот син ќе му го даде?

*„Таа отиде и направи така, како што ѝ рече Илија и таа се хранеше, и тој и синот нејзин извесно време. Брашното во ноќвите не се свршуваше, и маслото во масларникот не се намалуваше, според словото на Господ што Тој го*

*изрече преку Илија.“*

Таа навистина му веруваше, и внимавајте на исходот — секој ден имаше храна за Илија и за жената и нејзиното семејство. Дозволете ми да сменам еден збор и повторно да го кажам тоа: „Секој ден имаше храна за Божјата задача и храна за жената и нејзиното семејство“.

Во последното поглавје зборувавме за стравот од давање, дека нема да има доволно за вашите потреби ако дадете за Божјите задачи. Како што веќе видовте, и секогаш ќе гледате, тоа нема да се случи!

Така, дозволете ми да ви поставам едно прашање: „Дали ја чинеше нешто вдовицата да го даде последниот оброк?“ Не. Тоа ѝ го спаси животот.

Пред да преминеме на нашата дискусија за зборот ИСПРАТЕНО, сакам да поставам уште едно прашање. Зошто пророкот инсистираше вдовицата *прво* да направи леб за него? Не заедно со лебот за неа туку *одвоено*. Тој дури побара да му го донесе нему лебот *пред* да почне да пече за себе. (Запомнете, треба да бидете духовни научници и да поставувате прашања.)

Сите овие приказни ни даваат многу важни сознанија за законот и функционирањето на Царството. Дали Илија беше толку гладен што не сакаше да чека додека таа подготвува оброк за целото семејство? Не, имаше многу важна причина зошто го направи тоа. Пророкот знаеше дека кога вдовицата му го даде првиот леб нему, пред да направи леб за себе, таа нејзина постапка го стави целото нејзино брашно и масло под правна јурисдикција на Божјото Царство и Неговата задача.

Да повторам.

Кога му го даде на пророкот (Божјата задача) првиот леб, нејзиното масло и брашно преминаа под надлежност на друго царство. Тие сега беа под надлежност на Царството Божјо. Дури тогаш Бог можеше законски да направи брашното и маслото да се размножуваат.

Истиот принцип ќе го видите подоцна во службата на Исус кога Тој нахрани 5.000 луѓе со пет леба и две риби.

Ако се сеќавате на приказната, Исус им рече на

учениците да одат да видат колку храна имаат. Тие се вратија и рекоа дека имаат само пет леба и две риби. Исус им рече на Своите ученици да Му ги донесат лебот и рибата Нему. Библијата пишува дека Тој ги зеде и ги благослови, а потоа веднаш им ги врати на учениците. Знам дека Исус не правеше ништо од религиозни причини, па зошто го направи тоа?

Мораше да го стори тоа бидејќи во спротивно лебот и рибата немаше да се умножат. Знаете, петте леба и двете риби во тоа време беа под човечко законско управување. Бог не можеше да направи ништо законски со нив. Но, кога тие Му беа понудени на Исус бесплатно и Тој ги благослови, тие преминаа под законска јурисдикција на Царството Божјо. Тогаш и само тогаш лебот и рибата можеа да се умножат.

Истиот принцип може да се види во Лука 5, каде Петар, Јаков и Јован ловеа риби цела ноќ и не уловија ништо. Позајмувајќи го чамецот на Петар, Исус се оддалечи малку од брегот и проповедаше на толпата, по што му кажа на Петар да ја фрли својата мрежа во длабокото за да улови риба.

Како што се сеќавате, завршија со два чамци толку полни со риби што почнаа да тонат. Кога Исус го позајми чамецот, Тој навистина го позајми риболовниот бизнис за да проповеда тој ден. Во моментот кога Тој го доби на располагање бизнисот на Петар, целата работа потпадна под правна јурисдикција на Царството Божјо. Тоа ги отвори правните врати за Небото да може да Му исprати збор на знаење на Исус за тоа каде се наоѓаат рибите, после што следуваше огромен улов. (Секогаш велам дека секој може да улови риба ако Исус му каже каде и како да лови. Ова е истиот принцип што ќе го користите и кога давате за Божјите задачи.)

Сега, враќајќи се на нашата приказна со Илија, оваа вдовица во суштина стана соработник со Илија на неговата задача и на тој начин уживаше во наградата што ја доби Илија. Тогаш беа снабдени сите потреби на Илија *и* на вдовицата и нејзиното семејство. Дали го гледате тоа?

Ќе зборувам повеќе за овој принцип малку подоцна во

оваа книга, но сакам да продолжам со големиот клуч во оваа приказна, зборот ИСПРАТЕНО.

Да повториме. Бог му додели на Илија една задача. Тој требаше да помине низ подготовка за да ја изврши својата задача. Знаеме дека Илија беше пророк, така што тој го носеше словото Господово секаде каде што го праќаше Бог. Но, на Бог Му беа потребни финансии за Неговата задача, а тоа секогаш вклучува *луѓе*.

Во овој случај, Бог не можеше да најде вдовица во Израел која имаше вера да Му биде послушна. Бог знаеше што сака да направи, но мораше да најде некој што ќе склучи сојуз со Небото со цел да се овозможат правни услови за да ги снабди потребите на Илија.

Запомнете, никаде немаше храна. Луѓето умираа насекаде. Тој не можеше туку така да најде храна некаде, или да оди на пазар и да купи, бидејќи немаше храна. Снабдувањето на Илија мораше да дојде преку Божјиот Дух.

Бидејќи немаше никој во Израел кој имаше вера да Му верува, Бог мораше да бара надвор од границите на Израел каде што најде вдовица која имаше срце што верува. И како што рековме претходно, Илија беше испратен токму кај оваа вдовица затоа што Бог знаеше дека таа ќе поверува.

Со тоа што Го стави Бог на прво место и беше послушна на словото Господово, целото нејзино семејство, и Божјата задача, Илија, беа згрижени во текот на целиот глад.

Еве ја поентата на приказната...

Кога постои задача што Бог сака да биде завршена, Тој гледа на земјата за да најде некој на кој може да му верува, некој што ќе Му биде послушен и ќе ги исполни Неговите планови. Бог исто така има потреба од луѓе што ќе ја финансираат Неговата агенда.

Значи, дозволете ми да го разјаснам ова: доколку сакате да имате големи идеи, ако сакате Бог да ви даде одлични деловни концепти, треба да ги исполнувате условите за тоа! Бог го знае вашето срце и на земјата бара луѓе на кои може да им ги довери Своите задачи. Тој бара да види кому може да му верува да ги финансира

Неговите задачи. Потоа на таа личност ќе ѝ го испрати планот што го има за собирање на потребните пари.

Дали го гледате тоа?

Запомнете, Словото Господово беше ИСПРАТЕНО до оваа вдовица и ѝ го спаси животот!

Се сеќавам на Словото Господово што ми дојде да истапам и да започнам со мој бизнис со нов приоритет и мандат. Така направив и тоа ми го спаси животот.

Бог бара луѓе што имаат срца на послушност за да ги финансираат Неговите задачи!

Ајде да ги разгледаме принципите што ги гледаме во оваа приказна.

1. Бог има задачи на земјата што сака да се завршат.
2. Секоја задача има потреба од луѓе.
3. Секоја задача треба да се финансира.
4. Бог гледа по земјата за да најде луѓе што ќе ги извршат Неговите задачи.
5. И Бог бара луѓе на земјата што ќе ги финансираат Неговите задачи.
6. Кога ги финансираме Божјите задачи не само што му даваме на Небото правна јурисдикција да нè употребува за да ја финансираме Божјата задача, истовремено уживаме и во изобилството што потоа ги финансира и нашите животи.

Дарежливоста никогаш нема да ве чини ништо! Во нашата црква постојано велам: „Искористете ја секоја прилика да бидете дарежливи“.

ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ

# ЧИИ СЕ ПАРИТЕ?

Дали некогаш сте размислувале дека дел од парите што ги имате во моментов не се ваши?

Знам дека звучи лудо, но дали некогаш сте размислувале дека Бог можеби ги ставил тие пари во вашите раце за некој друг?

Знам, знам, веројатно не сте размислувале за животот од таа перспектива, но треба, затоа што тоа е уште еден клуч за напредокот во вашиот живот.

Размислете што велам. Зборувавме за финансирање на Божјите задачи, така? И рековме дека Бог гледа на земјата за да најде луѓе кои имаат срце за Царството и се подготвени да ги финансираат Неговите задачи. Знаеме дека парите се во рацете на луѓето, и ако Бог сака да ги финансира Неговите задачи, Тој мора да стави пари во рацете на луѓето што се спремни да се откажат од нив и да бидат дарежливи кон Него и Неговиот народ.

Па, што имате во рацете? Кога гледате што имате, дали сфаќате дека Бог можеби го ставил тоа за некој друг? Или дека можеби ви го дал тоа за да финансирате некој проект што Тој сака да се реализира?

Се разбира, законски, тоа што го имате е ваше и вие можете да одлучите што ќе правите со тоа. Но, ако Бог сака да стави пари во рацете на луѓето, јас сакам да бидам на Неговата одобрена листа. Зарем не сакате и вие?

*„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој*

*ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сѐ да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*

—2 Коринтјаните 9:10-11

Веќе го погледнавме овој текст, но тука има нешто што можеби сте го пропуштиле. Стих 10 вели дека Бог му *дава* семе на сејачот и леб за јадење.

Размислете за овие зборови: Бог му дава семе на сејачот и леб за јадење. Лебот за јадење го претставува сето она што е потребно за вашето семејство да го живее обилниот живот што Бог го има за вас. Но, Тој му дава *семе на сејачот*.

Дали некогаш сте засадиле градина или семе од трева во вашиот двор? Почнувате да ставате семе во земјата и додека сеете, посегнувате по уште една шака семе додека го сеете она што веќе го имате во рака. Тоа се случува со одреден тек. Како што го пуштате семето што е во вашата рака, вашата рака се полни со нови залихи што потоа исто така ги сеете. Оваа фраза, *Бог му дава семе на сејачот*, ја има истата конотација, што значи дека Бог го дава семето на некој што веќе е во процес на сеење.

## БОГ ДАВА СЕМЕ НА ОНИЕ КОИ ВЕЌЕ СЕАТ!

Павле продолжува и вели дека Бог ни го дава и лебот што ни е потребен, се разбира, но нагласокот во овој пасус е на сеењето и влијанието што тоа го има врз нашите животи, како и врз оние кон кои сме дарежливи. Како што веќе рековме, тоа ги придвижува срцата на луѓето кон Бога.

Имајќи го тоа на ум, мислам дека сите можеме да се согласиме дека Бог сака да посее што е можно повеќе семе за да може да жнее што поголема жетва. Па, ако вие сте на местото на Бог, кому би му дале семе? На некој што е мрзлив и никогаш не сее или на некој што активно сее? Јас мислам дека одговорот е очигледен.

Бидејќи сме верни на она што го имаме, Бог вели дека

ќе го зголеми нашето складиште на семе за да можеме да сееме повеќе и да имаме поголемо влијание за Неговото Царство овде на земјата.

Дали забележавте дека Павле вели дека додека сеете и жнеете, вашата залиха на семе се зголемува, што, пак, овозможува да бидете дарежливи во секоја прилика? Ако ова е вистина (а се разбира дека е вистина), тогаш вашето складиште за семе се парите што ги имате во моментов за таа можност да бидете дарежливи. Вашето складиште за семе мора да биде на полно пред да бидете дарежливи.

Повторно, поентата е дека парите што ги имате не се сите за вас. Дел од тие пари ви се дадени од Бога за да ги посеете. Овој циклус на сеење и жнеење е тек. Сееме, па жнееме; и како што продолжуваме да го правиме тоа, сè додека не го јадеме тоа семе, нашата жетва ќе продолжи да се зголемува, а исто така и нашата способност да бидеме подарежливи.

Се разбира, кога сте гладни и ви треба леб, од вашето семе го земате она што ви треба. Како што се зголемува вашето семе, така ќе се зголемува и вашата способност да одвоите за вас леб од него.

Но, сакам да навлезам малку подлабоко во овој начин на размислување.

Дозволете ми да потенцирам дека Бог го дава Своето семе на оние што имаат срце да сеат, а не на оние што можеби некогаш би размислиле за тоа. Го дава на сејачите.

Значи, прашањето е: Дали сакате да го живеете вашиот живот управувајќи само со *вашите* пари, или сакате да го живеете вашиот живот управувајќи со вашите и Божјите пари?

Џејмс и Ела дојдоа во нашата црква затоа што слушнале работи што никогаш не ги слушнале во заедницата на Амишите каде што и двајцата пораснале. Концептите за Царството беа нови за нив, и тие беа одлични ученици на Царството. Тие постојано ги слушаа пораките што ние како црква ги поучувавме за животот во Царството.

Еден ден, Џејмс му рекол на Господа дека постојано слуша многу сведоштва од другите за тоа како Царството прави големи работи во нивните животи, и сега тој сакал

**ДАЛИ САКАТЕ ДА ГО ЖИВЕЕТЕ ВАШИОТ ЖИВОТ УПРАВУВАЈЌИ САМО СО ВАШИТЕ ПАРИ, ИЛИ САКАТЕ ДА ГО ЖИВЕЕТЕ ВАШИОТ ЖИВОТ УПРАВУВАЈЌИ СО ВАШИТЕ И БОЖЈИТЕ ПАРИ?**

да има исто такво сведоштво. Решил да ги стави на испит законите на Царството. Тие биле на одмор и поголемиот дел од тоа време го поминале слушајќи ги пораките што се однесуваа на двојната порција, тема на која јас во тоа време предавав. Мојата книга, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на починката* штотуку излезе од печат, и јас предавав од неа. Тие решиле дека пред да посеат семе добро е да навлезат малку подлабоко во Словото.

Тие одлучиле дека ќе посеат семе за жетва од 10.000 долари, кои во тоа време им биле потребни за поправки во нивниот дом и за други потреби што ги имаат сите семејства со мали деца. Тие не знаеле од каде ќе дојдат парите, но дотогаш го проучувале Царството доволно долго за да знаат дека имале вера во тоа.

Во тоа време, Џејмс поседувал сопствен бизнис за поправка на автомобили. Додека одел на работа еден ден, не долго откако посеале семе за тие 10.000 долари, тој ѝ признал на Ела дека бидејќи учеле за двојната порција, навистина чувствувал дека треба да веруваат за таков поврток на нивното семе. Тој ѝ кажал дека верува за благослов од 20.000 долари. Ела ми кажа дека била малку шокирана од таа изјава, но дека сепак се согласила со нејзиниот сопруг. Додека тој излегувал низ вратата, таа рекла: „Во ред, 20.000 долари“.

Тој ден бил само уште еден ден во работилницата. Еден негов редовен муштерија го донел своето возило за поправка, и додека тој ја подготвувал процената за поправката, неговиот клиент седејќи во канцеларијата

на Џејмс му кажал дека во последно време многу е фрустриран со своите крави. Тој се жалел дека тие му ја кршеле целата ограда и излегувале од неговиот имот. Неговиот имот се граничел со националната шума, па кравите излегувале и талкале каде што сакале. Клиентот на Џејмс бил постар господин, кој потоа рекол дека е веќе стар за да продолжи да ги брка и бара кравите, и дека повеќе не ги сака. Неговите следни зборови го шокирале Џејмс до тој степен што морал да се запраша дали добро го слушнал својот пријател.

Неговиот пријател му рекол: „Доста ми е од овие крави и затоа денес ти ги давам сите. Од овој ден тие се твои". Џејмс не знаел што да каже. Тој немал земја. Живеел во градот на површина од 1000 метри квадратни и бил автомеханичар. Да, тој пораснал како Амиш и бил постојано околу крави, но тоа било пред многу години. Тој мислел да каже „не благодарам" но се сетил на семето. Можеби во сето тоа имало нешто што требало да го испита.

Откако дополнително го распрашал својот пријател, дознал дека станувало збор за 23 крави Блек Ангус и три коњи. Џејмс се сетил дека некој пред некое време му рекол дека сака да купи крави. Тие не сакале постепено да купуваат по неколку крави, туку биле заинтересирани да купат цело стадо. Џејмс им се јавил и, да, човекот рекол дека е заинтересиран. Џејмс потоа го прашал колку е спремен да плати за добитокот, а човекот малку се замислил и потоа рекол: „О, веројатно 20.000 долари".

Џејмс не можел да верува во тоа што го слуша. Сето ова се случило откако тој го напуштил домот тој ден и ѝ кажал на Ела за двојната порција од Светиот Дух. Тој ми кажа дека било доста тешко и комплицирано да ги собере кравите и да ги однесе со камион во нивниот нов дом, но некако успеале во тоа. Тогаш Џејмс ми кажа дека е апсолутно убеден дека Божјото Царство може да направи сѐ и дека повеќе не е ограничен од сопствениот потенцијал.

Кога отишол дома првиот ден и ѝ кажал на Ела за кравите, таа била шокирана. Ако ги прашате Џејмс и Ела

за Божјата благодат, треба да одвоите неколку часа од своето време бидејќи тие имаат многу да ви кажат.

Ова е одличен пример за тоа како Светиот Дух може да му покаже на некој каде да ја жнее жетвата од својата дарежливост кон Бога. Откако ќе го посееме семето, треба да бидеме свесни дека можеби местото на жетва што ќе ни го покаже Светиот Дух може да биде *чудно*! Мислам, немаше никакви шанси Џејмс сам да дојде до таа идеја со својот молив и хартија на своето работно место ментално разгледувајќи ги своите опции.

Да го земеме за пример Петар. Сигурен сум дека ниту во своите најлуди мисли тој не би помислил да бара паричка во устата на риба за да си ги плати даноците или дека некој рабин кој шетал по морскиот брег можел да му каже точно каде да ја фрли својата мрежа за да фати најмногу риби во својот живот.

Погледнете како Дренда и јас бевме во долгови за време на тие девет години на стрес и превирања. Помислата дека еден ден ќе бидеме сопственици на компанија која ќе им помага на луѓето да се ослободат од долговите или, уште пошокантно, дека еден ден ќе имаме телевизиска емисија што ќе се емитува во секоја временска зона низ светот со наслов *„Решавање на проблемот со парите“*, би била невозможна.

Никогаш не треба да Го ограничуваме Бог.

Значи, да повториме и да запомниме дека Бог му дава семе на сејачот – оној што сее и сака да сее!

Ајде да продолжиме. Сакам сега да ја разгледаме параболата што јас лично сметам дека е една од најдлабоките параболи што Исус некогаш ги кажа за тоа како Бог работи со луѓето и како тие мора да ги исполнат условите за да бидат употребени. Ова парабола дефинитивно ве тера да застанете и да размислите.

> *А на учениците Свои им рече: „Си беше еден богат човек кој имаше настојник; и тој беше наклеветен пред него дека го растура неговиот имот. И тој го повика, и му рече: ‚Што е ова што слушам за тебе? Дај сметка за раководењето, зашто веќе не ќе можеш да бидеш*

*настојник.‘*

*А настојникот си рече во себе: ‚Што да правам? Господарот мој го одзема од мене раководењето на куќата; да копам, не можам, да просам – се срамам. Знам што да направам, за да ме примат луѓето во своите домови, откако ќе бидам отпуштен од раководењето на куќата.‘ И кога ги повика должниците на својот господар, секого поодделно, му рече на првиот: ‚Колку му должиш на мојот господар?‘*

*Тој одговори: ‚Сто мери масло.‘ И му рече: ‚Земи си ја потврдата, седни бргу и напиши педесет!‘ Потоа му рече на другиот: ‚А ти, колку должиш?‘ Тој одговори: ‚Сто мери пченица.‘ И му рече: ‚Земи си ја потврдата и напиши осумдесет!‘ И го пофали господарот несправедливиот настојник, зашто постапил досетливо; зашто синовите на овој свет кон својот род се подосетливи од синовите на светлината.*

*И јас ви велам: создадете си пријатели преку неправедно богатство, па, кога тоа ќе исчезне, да ве примат во вечните живеалишта. Верниот во малку и во многу е верен, а несправедливиот и во многу и во малку е несправедлив. Па така, ако во неправедното богатство не бевте верни, кој ќе ви го довери вистинското? И ако во туѓото не бевте верни, кој ќе ви го даде вашето?*

*Ниеден слуга не може да им служи на двајца господари; зашто, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака, или на едниот ќе му угоди, а другиот ќе го презре. Не можете да служите на Бога и на Мамон.“*

*Сето тоа го слушаа фарисеите, што беа среброљупци, и Му се потсмеваа. И им рече: „Вие се правите праведни, пред луѓето но Бог ги знае вашите срца; зашто, она што меѓу луѓето се цени, пред Бога е одвратност.“*

—Лука 16:1-15

Во оваа парабола има многу работи што треба да ги разгледаме. Прво, гледаме како некој богат сопственик поставил управител да раководи со неговите работи, и очигледно, управителот несовесно ги извршувал

своите задачи на имотот на сопственикот и со тоа се дисквалификувал од понатамошното управување. Знаејќи дека ја губи работата, брзо ги повикал сите што му должеле пари на газдата и им рекол дека можат да ја подмират сметката за огромен попуст, понекогаш и половина ако веднаш платат.

Сега, се разбира, сопственикот бил тотално несвесен што прави управителот. Но, нечесниот управител мислел дека ако им даде добри можности за исплаќање на долгот на овие луѓе, тие ќе гледаат со наклонетост на него кога тој ќе остане без работа, а тие ќе му понудат работно место во нивниот бизнис. Кога сопственикот слушнал што направил нечесниот управител, го повикал:

> ***И го пофали господарот несправедливиот настојник, зашто постапил досетливо.***

Дефиницијата за досетливост е: Поседување или покажување паметна свесност или снаодливост, особено во практични работи. Располагање со или познат по вештите и лукави практики; незгоден.[11]

Сопственикот увидел дека управителот има способност да направи и да спроведе план што ќе донесе профит, во овој случај не за сопственикот туку за него – дотогаш ја немал видено таа вештина во службеникот да донесе профит за неговиот бизнис.

Меѓутоа, кога требало да се грижи за себе, тој бил многу посветен на тоа и, всушност, бил многу умен и детален. Тој покажал иницијатива во врска со своите работи и сопствената благосостојба, но не покажал никаква иницијативност за профитот на својот господар. Дозволете ми да бидам искрен овде – тој бил наемник!

Сега, дозволете ми да го поставам навистина тешкото прашање: Дали сте христијанин наемник?

Дали сте повеќе загрижени за вашата благосостојба отколку за Божјата работа? Дали сте повеќе загрижени за нештата што вам ве засегаат отколку за нештата што го

---

[11] The American Heritage® *Речник на англиски јазик, Петто издание*

засегаат Бог? Дали го трошите Божјиот имот?

Леле, знам дека тоа се тешки прашања. Затоа реков дека оваа парабола е многу длабока, бидејќи сече низ срцето и ги открива сите погрешни ставови што можеби се кријат таму.

Исус ни дава слика и дефиниција за тоа што е наемник во Јован 10:11-13.

> *„Јас сум добриот Пастир. Добриот пастир си ја полага својата душа за овците; а наемникот, кој не е пастир и не е сопственик на овците, ако види дека доаѓа волк, ги остава овците и бега; и волкот ги разграбува и ги распрснува овците. Наемникот бега, зашто е наемник, и не се грижи за овците."*
>
> —Јован 10:11-13

Во еден друг превод се вели (стих 13):

> *„Наемникот бега затоа што е наемник и не се грижи за овците."*

Во случајот со нечесниот управител, нему не му било дозволено да управува со парите на сопственикот затоа што навистина не се грижел за неговата благосостојба; се грижел само за својата. Сега, тој сѐ уште имал можност да излезе и да заработи пари за себе, се разбира, но знаел дека ќе му биде одземена можноста да управува со своите *и* парите на сопственикот.

Верувам дека живееме во време кога менталитетот на наменииштво доминира во Америка и во светот.

Сигурен сум дека сте биле во ресторан каде сте виделе валкани маси и валкан под, а некаде во позадината вработените стојат смешкајќи се незаинтересирано. Или сте влегле во ресторан за брза храна 30 минути пред затворањето и сте биле шокирани кога вработените исчистиле сѐ и биле подготвени да си одат, гледајќи на часовникот да дојде времето да заминат. Без да ви каже некој, знаете дека сопственикот не е таму. Сите овие се наемници. Не се грижат за профитот на бизнисот. Тие се

таму за да добијат плата и тоа е сè.

Толку многу работодавци ми велат дека станува многу лошо така што некој вработен да се појави на работа на време, тоа е многу невообичаено. Работодавците имаат потреба од луѓе што лично ќе ја сфатат работата, а не од луѓе кои само сакаат плата. Тие сакаат вработени што ќе работат и ќе се грижат за бизнисот како да е нивен. Ми велат дека тие бараат таков пристап кај нивните вработени и оние што го поседуваат тој став сигурно брзо ќе добијат унапредување.

Бог не е поинаков. Тој бара луѓе кои се грижат за она за што Тој се грижи и го мразат она што Тој го мрази.

Во 1 Самоил 15, Бог му кажува на цар Саул да ги нападне Амалиците за она што му го направија на Израел кога овие излегуваа од Египет. На цар Саул му беше кажано да не остава никој жив – ниту царот ниту луѓето. Тие не требаше да земат ниту некои од животинчињата со себе, но токму тоа го направи Саул:

*„Но Саул и народот го поштедија Агаг и најдобрите овци, волови и згоените јагниња, и сè што е вредно, не го уништија, а го уништија само она што е лошо и безвредно.“*

—1 Самоил 15:9

Погледнете што вели Бог во стиховите 10-11:

*И дојде слово од Господ кон Самоил: „Жалам што го поставив Саул за цар, бидејќи тој се одврати од Мене и не го исполни зборот Мој.“*

Потоа, гледаме како Бог му зборува на Самоил за Саул во 1 Самоил 16:1.

*Му рече Господ на Самоил: „До кога ќе патиш по Саул, кого Јас го отфрлив да не биде цар на Израел? Понеси со себе масло и оди; Јас ќе те испратам кај витлеемецот Јесеј, зашто меѓу неговите синови си согледав цар.“*

Како што нечесниот управител бил дисквалификуван да управува со бизнисот на сопственикот, така и Саул бил дисквалификуван. И погодете што? И јас и вие може да бидеме дисквалификувани.

Што бара Бог? На кого може да му верува?

> *Кога го отстрани него, за цар им го подигна Давид, за кого и рече, сведочејќи: „Најдов маж по срцето Свое, Давид, синот Јесеев. Тој ќе ги исполни сите Мои барања.“*
>
> —Дела 13:22

Ако можеме да бидеме дисквалификувани можеме да бидеме и квалификувани. Можеби ќе речете, „Чекај Гери, како е тоа можно?“ Следната парабола го дава одговорот.

> *„Верниот во малку и во многу е верен, а неправедливиот и во многу и во малку е несправедлив. Па така, ако во неправедното богатство не бевте верни, кој ќе ви го довери вистинското? И ако во туѓото не бевте верни, кој ќе ви го даде вашето?*
>
> *Ниеден слуга не може да им служи на двајца господари; зашто, или едниот ќе го замрази, а другиот ќе го засака, или на едниот ќе му угоди, а другиот ќе го презре. Не можете да служите на Бога и на Мамон.“*
>
> —Лука 16:10-13

Сакам да бидам јасен: мора да го поминете тестот за лојалност. Ако може да ви биде доверено многу малку, може да ви се довери и многу. Тестот секогаш започнува со природното и преминува во духовното. Мора да бидете доверливи во управувањето со световното богатство пред Бог да ви го довери Неговото богатство. Ако сте неодговорни во управувањето со туѓиот имот, кој ќе ви даде ваш имот? Бог сигурно нема.

Добро, тука доаѓа примената на параболата во нашите сопствени животи.

**Повеќето христијани Му ги даваат на Бога**

**остатоците.**

Повеќето христијани ги гледаат нивните буџети и одлучуваат: „Можам толку да дадам". Сепак, тие немаат проблем истиот ден да купат сосема нов чамец.

Сега, не сакам никој да се чувствува осудено, а на Бог секако не Му е грижа дали имате убав чамец. Едноставно ве прашувам: Дали сакате само да управувате со вашите пари или со вашите и Божјите?

Ако прогуглате колку дава еден просечен христијанин, може да се шокирате. Видов една статистика што вели дека просечниот христијанин дава нешто повеќе од 13 долари неделно во црква.[12]

Погледнав многу статистики во врска со давањето, и сите беа разочарувачки. Како што реков, повеќето христијани на Бог Му ги даваат своите остатоци. Повторно, ве молам разберете дека не се обидувам да донесам осуда или да предизвикам вина. Јас само сакам да потенцирам една вистина – и мислам дека Словото Божјо го поддржува моето гледиште – дека Бог не бара наемници; Тој бара сопственици.

Второ, Бог не бара луѓе што се чувствуваат принудени да даваат поради вина. Бог го сака радосниот давател, според 2 Коринтјаните 9:7.

Саул бил дисквалификуван затоа што не го направил она што му рекол Бог, но Давид бил избран затоа што бил послушен и го правел она што Бог сакал да биде направено.

Значи, дозволете ми да предложам нова перспектива. Што ако го превртиме нашиот свет и решиме да живееме прво за Бога, а ние да живееме од остатоците? Можам само да претпоставам дека вашите остатоци наскоро ќе се прелеат и ќе живеете благословен живот.

Овој принцип се покажа функционален во животот на Р.Г. ЛеТурно. Од скромни почетоци и со завршено само седмо одделение, тој самиот се образувал и, на крајот, изградил производствена империја. Неговите машини

---

[12] https://www.pastorrickypowell.com/life_matters_with_pastor_/2009/10/startling-statistics

за движење на земјата дале свој придонес во победата во Втората светска војна и во градењето на автопатната инфраструктура на модерна Америка. До крајот на животот имал 300 патенти.[13]

Која била неговата тајна? Тој му давал на Бог 90% од сето она што го заработувал. [14]

Сега, не велам и вие да го правите истото. Тоа било договор што тој и Бог го склучиле кога имал 30 години и бил во големи долгови. Со Бог станале бизнис партнери (како што тој милува да каже), и тоа се исплатело.

Кога Бог ме повика да основам црква од нула, јас веќе ја имав мојата компанија, Forward Financial Group. Таа стана многу успешна и беше најдобра од 5.000 претставништва ширум земјата на еден од нашите примарни партнери. Кога Бог ме повика да бидам пастор, го прашав: „Што ќе биде со мојата компанија? Дали треба да ја затворам и да се фокусирам само на црквата?"

Господ ми одговори и рече: *„Не, продолжи со компанијата бидејќи им помага на многу луѓе".* Така направив.

Ќе признаам дека понекогаш ми беше тешко да ги водам и двете, но низ годините илјадници и илјадници луѓе добија помош. Додека ја водев нашата црква, претпоставував дека компанијата ќе опадне во продуктивноста бидејќи ќе морам драстично да ја намалам мојата вклученост. Но, затоа што јас и Дренда ги положивме нашите животи за да ги исполниме Божјите наредби, се случи токму спротивното. Иако со компанијата се ангажирав само во слободното време, таа сепак многу напредуваше.

Од стотици канцеларии, ние бевме меѓу првите пет до десет канцеларии на национално ниво и бевме препознаени во таа сфера. Сепак, морав да се насмеам, знаејќи дека тоа го правев со скратено работно време и бев пастор повеќе од полно работно време. Бог ме удостои со милост и мудрост, така што оние во светот што со сето свое срце трчаа по парите мораа да застанат

[13] http://centerforfaithandwork.com/article/кој-беше-rg-letourneau

[14] https://centerforfaithandwork.com/article/зошто-rg-letourneau-даде-90-проценти

и да се запрашаат како всушност јас успевам.

Се сеќавам еднаш кога бев на една конвенција и човекот што седеше до мене ме праша колку маркетинг користиме за компанијата. Морав да се насмеам кога му одговорив: „Не користиме воопшто маркетинг". Потоа праша: „Тогаш како имате толку работа?" Му реков дека едноставно луѓето нè препорачуваат и така Бог нè благословува. Само одмавна со главата како да не можеше да ме сфати.

Еднаш, ми се јави претседателот на еден од нашите партнери и сакаше да знае дали сакам да одржам говор пред присутните на конгресот за тоа како имаме толку работа и успешно постигнуваме сè. Реков дека ќе ми биде мило. Потоа почна да ми поставува прашања за тоа како функционираше нашиот бизнис и како го правиме тоа што го правевме. Се разбира, морав да му кажам дека Му веруваме на Бог и дека Тој нè благослови со наклоност. Откако му кажав дека работам само неколку часа неделно и дека сум пастор со полно работно време, тој рече: „Па, мислев дека имате детална маркетинг стратегија и дека ќе споделиш со сите како тоа функционира. Не мислев дека баш на тоа се должи вашиот успех, но ја ценам твојата подготвеност да споделиш".

Па, тоа беше нивна загуба. Можев да им помогнам на многу луѓе таму.

**БОГ ГО ГЛЕДА ТОА. ВО СЕКОЈА ЗАДАЧА СЕ ОБУЧУВАТЕ ЗА СЛЕДНАТА, ЗАТОА НИКОГАШ НЕ ГО ПРЕЗИРАЈТЕ ДЕНОТ НА МАЛИТЕ ПОЧЕТОЦИ.**

Во оваа книга ви кажав дека ако се грижите за Божјата работа, Тој ќе се грижи за вашата!

Па, дозволете ми да ви го поставам прашањето со кое почнавме: „Чии се парите?"

Дали сакате само да управувате со вашите пари, како што беше случајот со нечесниот управител, или сакате да управувате и со Божјите

пари? Кога управувате со Божјите пари, вашиот бизнис што функционира како семе добива енергија од Божјата мудрост и благодат, а тоа овозможува и вие лично да жнеете изобилно заедно со жетвата за Царството.

Убеден сум дека на Бог не Му е битно дали имате милиони сѐ додека вашето срце Му припаѓа Нему!

Запомнете, сѐ започнува со малите задачи кога никој не го знае вашето име. Иако можеби мислите дека никому не му е грижа што правите на тоа работно место со скратено работно време, Бог го гледа тоа. Во секоја задача се обучувате за следната, затоа никогаш не го презирајте денот на малите почетоци.

Пристапете ѝ на задачата како да е лично за вас и дајте сѐ од себе. Ви гарантирам дека ќе блеснете како ѕвезда во ноќта и ќе бидете во позиција да бидете издигнати и да добиете наклоност.

ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ВИ ТРЕБА ПАРТНЕР!

Како што знаете, јас работам во финансискиот бизнис веќе скоро 40 години. Низ годините, многу луѓе ме прашуваат како да започнат со свој бизнис и што е потребно за еден бизнис да расте.

Се разбира, има многу работи што луѓето треба да ги знаат, но најважното нешто што можев да им го кажам е дека им треба *партнер*.

Сега, како пастор долги години, сум видел како многумина влегуваат во бизнис со некој пријател од црква, но потоа целиот бизнис доживува колапс. Пријателите меѓусебно се обвинуваат, и многу пати дури и престануваат да зборуваат, а врската е уништена. Бидејќи многупати сум бил сведок на тоа, ретко советувам да влезете во бизнис со некој ваш пријател, освен ако јасно ви се поставени и напишани границите.

Сепак, постои партнер кој секогаш инсистирам да го одберете, а тоа е Бог.

Во претходното поглавје, зборувавме за жената која го примила пророкот Илија и му го дала последниот оброк. Видовме како тој чин на вера обезбедил храна секој ден за пророкот, за Божјата задача и за семејството на жената. Таа соработувала со него во неговата задача, и со тоа, помазанието и снабдувањето што ја прателе неговата

задача станале нејзини. Тие биле партнери.

Во оваа книга зборувавме за дарежливоста кон Бога и за сеење во Неговите задачи. Ви кажав и како дарежливоста ги отвора срцата на луѓето кон вас и кон Бога.

Во ова поглавје, сакам да споделам со вас уште еден моќен принцип на Божјото Царство што ќе ги подигне вашите финансии на сосема ново ниво - принципот на партнерство.

> *Еднаш, кога народот се притискаше кон Него за да го чуе словото Божјо, Тој стоеше покрај Генисаретското езеро. Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот, па седна и почна да го поучува народот од коработ.*
>
> *А штом престана да говори, му рече на Симон: „Заплови кон длабочините и фрлете ги мрежите свои за лов!“ Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но по Твоја волја ќе ја фрлам мрежата.“*
>
> *И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.*
>
> —Лука 5:1-7

Знам дека веќе ја спомнав оваа приказна претходно кога зборував за чамците и за риболовниот бизнис што ги менува царствата (или надлежноста) кога Петар (Симон) Му го позајми својот брод на Исус за да проповеда. Го спомнав и неверојатниот улов на риба што се случи кога за малку ќе потонеа двата чамци. Запомнете, Петар рече дека ловел риба цела ноќ и не фатил ништо. Сега, само неколку часа подоцна, тој имаше толку многу риби што не можеше доволно брзо да ги собере на бродот. Која беше разликата? Царството, се разбира, но и *партнерството*. Дозволете ми да објаснам.

*„Тогаш виде два кораба што стоеја покрај езерото; а рибарите беа излегле од нив и си ги плавеа мрежите. Тој влезе во еден од корабите, кој беше на Симон, па го замоли да отплови малку од брегот.“*

Ајде да ја разјасниме сцената во нашите умови. Каде беа тие и што правеа кога дојде Исус? Тие не ловеа риба; тие беа на брегот и ги чистеа мрежите откако цела ноќ ловеа риба и ништо не фатија.

Исус, забележувајќи дека чамците се достапни, го праша Петар дали може малку да се оддалечи од брегот за да може да проповеда од чамецот на толпата. Па, каде беа Јаков и Јован, неговите партнери, кога тој го пушти Исус во чамецот? Па, тие сè уште беа на брегот со другиот брод и нивните мрежи.

Откако проповедаше, Исус му рече на Петар да ги спушти мрежите и да ловат во длабоката вода. И ја знаете приказната. Почнаа да фаќаат толку многу риби што мрежите за малку не се скинаа. Затоа ги повика своите партнери да му помогнат да ја соберат рибата. А Библијата вели дека и двата чамци речиси потонале, толку биле полни со риби.

*„И штом го направи тоа, тие уловија толку големо количество риба, што дури и мрежата им се скина. <u>Им дадоа знак на другарите што беа во другиот кораб да дојдат и да им помогнат; и тие дојдоа и ги наполнија и двата кораба, така што за малку ќе потонеа.</u>“*

Сега, еве го прашањето од милион долари: Колку вера покажаа Јаков и Јован за нивниот брод да се наполни толку многу со риби што за малку ќе потонеше?

Размислете за тоа – тие сè уште беа на брегот со своите мрежи. Петар се согласи да го отстапи бродот на Исус. Тој е оној кој рече: *„Но, по Твоја волја ќе ги фрлам мрежите“*. Значи, точниот одговор е дека тие немаа вера! Јаков и Јован не го наполнија тој брод со риби поради *нивната* вера; тоа се случи поради верата на Петар. Петар едноставно ги повика своите партнери кои беа на брегот да дојдат и

да помогнат да се соберат рибите. Зачудувачки, нивниот чамец <u>исто</u> како и чамецот на Петар беше преполн со риби.

> *Но Симон Му одговори и рече: „Учителе, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; <u>но по Твоја волја</u> ќе ја фрлам мрежата.“*

Значи, ако верата на Петар ја донесе рибата и го наполни неговиот чамец, тогаш зошто чамецот на Јаков и Јован беше полн со идентична количина риба како и чамецот на Петар?

Текстот дава одговор на тоа прашање – пишува дека тие биле *партнери*.

Дефиницијата за партнер во англискиот речник Колинс е: **Лице кое споделува или е поврзано со друг во некоја акција или потфат; обично ги споделува своите ризици и профити.**

Партнерството е правен ентитет и учествува во ризиците, трошоците и профитот на бизнисот. Значи, кога Петар го отстапи чамецот на Исус, тој всушност Му го позајми *бизнисот* на Исус во правна смисла, а не само чамецот. Технички, Јаков и Јован поседуваа и дел од чамецот што Петар Му го отстапи на Исус, а поради нивното партнерство и двата чамци беа подеднакво полни.

Јаков и Јован ја собраа <u>истата жетва</u> како Петар, иако воопшто не покажаа вера во таа ситуација. Се обложувам дека тој ден им беше многу мило што беа партнери со Петар. Што мислите вие? Јас мислам дека им беше мило. Дозволете ми да ви дадам личен пример за овој принцип.

Дренда и јас поседуваме земјиште од 60 прекрасни хектари со мешавина од шуми, мочуришта и пасишта. Апсолутно совршено место за лов на елени. Околу нашиот имот има засадени култури, а шумите и мочуриштето се природни магнети за елените.

Изградив канцеларија со дрвени полици за книги и вграден камин на гас веднаш над нашата гаража. Тоа е тивко, пријатно, катче од кое сакам да работам.

Единственото нешто што недостасуваше беше убаво препариран елен над мојата работна маса. Да бидам искрен, никогаш не бев заинтересиран да убијам голем елен, бидејќи ловев само за месо. И никогаш не сум застрелал елен што навистина бил доволно голем за да можам да го препарирам.

Живеевме на имотот пет години кога Дренда инсистираше да уловам голем елен што ќе можам да го препарирам и да го ставам во мојата канцеларија. До тој момент, никогаш немав видено голем елен на нашиот имот. Секоја сезона на елени излегував да ловам и имав застрелано неколку добри елени со осум рокчиња, но тоа не беа елени што беа доволно големи за препарирање.

Но, таа година, колку повеќе размислував за тоа, толку повеќе се согласував со Дренда. Ѝ кажав дека одлучив да уловам голем елен што ќе можам да го закачам како трофеј на ѕидот. Повторно, никогаш немав видено голем елен во шумата. Прозорецот во нашата кујна гледаше кон шумата и полето, а сепак никогаш немав видено таков елен.

Затоа јас и Дренда посеавме семе за голем елен. На чекот напишав дека сеам за елен со десет или повеќе рогови. Се помоливме за тоа семе, и го ставив на мојата работна маса подготвен за испраќање. Тој плик седеше таму три дена, а јас едноставно не можев да го испратам по пошта. Знаев дека немам вера за елен со десет рокчиња. Имав верба за осум, шест или четири рокчиња, но имав проблем да верувам за елен со таква сигурност во верата која вели: „Знам дека кога ќе излезам на лов ќе убијам елен со десет или повеќе рокчиња“.

Имав доволно искуство со Царството за да знам дека немам вера. Така, го скинав тој чек и го заменив со чек на кој пишуваше „за елен со четири или повеќе рокчиња“ и го испратив по пошта.

Ноќта пред да излезам на лов, ѝ кажав на Дренда што направив. „Едноставно немам вера за голем елен“, реков. Таа ме погледна и ми рече: „*Ти* имаш вера за елен, а *јас* ќе имам вера за трофејот. Бог може да направи неизмерно повеќе од сè што ќе побараш или замислиш!“

Утрото започна со вообичаеното шушкање на верверичките и птиците во шумата додека мирисот на есенските лисја ме потсети на многу ловечки искуства. Не бев излезен многу долго, можеби 20 минути, кога слушнав звук на елен што доаѓа низ шумата. Еленот се упати директно кон моето дрво, а јас се подготвив за да пукам.

Како што еленот се приближуваше, видов дека беше елен со четири рокчиња, токму какви што сакам да ги ловам, бидејќи тие се многу добри за јадење. Еленот се доближи на околу 25 метри, на отворен простор, и јас ја пуштив стрелата. Со разочарување видов дека стрелата навлегува високо и во задниот дел и знаев дека еленот нема веднаш да умре така што ќе морам да го барам низ дрвјата.

Еленот полета низ шумата, а потоа скокна во полето со пченка што се граничи со шумата и ми беше надвор од видното поле. Сѐ уште можев да го слушнам како минува низ пченката и знаев од брзината на трчањето дека можеби ќе ме чека долга потрага. Чекав на платформата околу 20 минути и потоа решив да се симнам од дрвото за да ја видам стрелата. Можев да видам дека дефинитивно го погодив еленот бидејќи забележав трага од крв.

Додека ја следев трагата од крв, бев охрабрен, бидејќи имаше добра трага од крв. Но, по околу 100 метри, трагата ја снема. Гледав и барав, но не најдов друга капка. По два часа барање, сфатив дека еленот го нема. Бев многу разочаран. Прво, никогаш не сакам да ранам елен и да го изгубам, а второ, бев разочаран од мојот истрел.

Веќе почнав да се враќам кон куќата кога ми текна. *Сѐ уште имам шанса, можеби ќе видам елен додека се враќам дома низ полето со пченка, а потоа и низ мочуриштето.*

За секој случај ставив стрела во механичкиот лак. И додека полека се движев по каналот со трева, одеднаш, еден елен скокна и истрча пред мене. Не знаејќи што сум, еленот застана и погледна назад. Бидејќи имав камуфлажа, еленот, за кој можев да го забележам дека сигурно беше мажјак, се двоумеше бидејќи не знаеше што сум. Сѐ се случи во дел од секундата, но можев да

видам рогови, иако не можев да кажам колку се големи или колку точно рокчиња имаше.

Знаев дека имам само дел од секундата да се одлучам за еленот. Тој беше надвор од мојот нормален опсег, стоеше странично од мене на околу 55 метри. Набрзина ја ослободив стрелата стрелајќи кон врвот на грбот.

Еленот веднаш падна кога го погоди стрелата и остана долу. Бев во шок. Дали тоа навистина се случи?

Додека одев кон еленот, првото нешто што го реков беше: „Верата на Дренда!“ Еленот беше огромен! Изброив 26 рокчиња, а тој имаше и скриени рокчиња. Никогаш немав видено толкав елен како овој! Бев повеќе од воодушевен.

Како што можете да претпоставите, еленот сега стои над моето биро во мојата канцеларија.

Но, сакам да кажам збор два за овој елен. Како или зошто се појави?

Еленот со четири рокчиња се појави навреме, иако не стрелав прецизно. Но, Дренда рече дека верува дека ќе уловам елен за трофеј.

Сега, таа имаше предност пред мене. Таа не лови елени, така што за неа големите елени може да се уловат лесно како елените со четири рокчиња, бидејќи сите тие се само елени за неа. Бидејќи не лови, таа немаше спорна слика за тоа колку е невозможно да се улови толку голем елен. Јас никогаш претходно немав видено елен со осум рогови на имотот, но нејзината вера не се засноваше на тоа што има или нема на имотот. Таа веруваше дека Бог може да донесе таков елен.

Овој улов се случи во сезона кога елените се размножуваат, или сезона на парење како што ја нарекуваат, а елените понекогаш патуваат многу километри барајќи женка. Така, секогаш постои голема шанса дека во таа сезона ќе видите елен што вообичаено не ги гледате на вашиот имот, како што беше случајот овде.

Верата на Дренда го донесе тој елен иако јас не верував дека ќе уловам елен за трофеј.

Сакам да го прочитате тоа повторно – не верував во

елен за трофеј!

Знам што мислите – *Чекај малку, Гери. Збунет сум. Ако немаше вера за тој елен, тогаш како тој елен се појави таму?*

На ист начин како што чамецот на Јаков и Јован се наполнија преку верата на Петар. Тоа е моќта на партнерството.

Дозволете ми да ви дадам уште еден пример, а потоа можеме да разговараме тоа.

> *„Му благодарам на мојот Бог секогаш, кога си спомнувам за вас – во секоја моја молитва се молам со радост за сите вас – заради вашето учество во Евангелието од првиот ден, па сѐ досега, уверен во тоа дека Оној, Кој го започна во вас доброто дело, ќе го доврши сѐ до Денот на Исус Христос. И право е да го мислам тоа за сите вас, зашто секогаш ве носам во срце – и кога сум во окови, и кога го бранам и утврдувам Евангелието, бидејќи сите вие сте мои соучесници во благодатта.“*
>
> —Филипјаните 1:3-7

Павле вели дека со радост се сеќава на црквата во Филипи поради нивното континуирано партнерство во неговата служба. Тој продолжува напоменувајќи дека поради нивната соработка, тие сега имаа учество во Божјата благодат што беше во неговата служба.

Се сеќавате ли дека рековме дека благодат е Божјата моќ или Божјата способност што беше врз Павле за да ја исполни својата задача? Црквата во Филипи ги делеше трошоците за задачата и, како Јаков и Јован, и тие учествуваа во помазанието и благодатта што беа на таа задача.

Сега да преминеме на поглавје четири, и ќе го видите неверојатниот резултат што го дава партнерството.

> *„Но, добро направивте што зедовте учество во мојата скрб. А знаете и вие, Филипјани, дека во почетокот на проповедањето на Евангелието, кога*

*отпатував од Македонија, немаше ниту една црква нешто да ми даде или нешто да примам освен од вас; зашто и во Солун, еднаш, и по вторпат ми пративте нужни работи. Ова го велам не дека сакам да ми давате, туку го барам плодот кој се умножува во ваша полза. Добив сѐ и имам во изобилие, се пренаполнив со блага, кога го примив од вас испратениот дар преку Епафродит, кој е мирис сладок, жртва пријатна, благоугодна на Бога. Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус.“*

—Филипјаните 4:14-19

Павле штотуку примил уште еден финансиски придонес од црквата во Филипи. Слушајте што им кажува: „*Мојот* Бог нека ја исполни секоја ваша потреба“.

Забележете дека Павле не вели: „*Вашиот* Бог ќе ги исполни сите ваши потреби затоа што бевте дарежливи кон мене“. НЕ! Тој вели: „Сега, *мојот* Бог ќе ги исполни вашите потреби!“

Гледате, Филипјаните беа партнери со Павле, и како партнери, тие учествуваа во таа благодат на задачата на Павле. Сега, како што Јаков и Јован ги фатија сите тие риби поради верата на Петар, Павле изјавува дека нивните потреби ќе бидат задоволени поради *неговата* вера!

Се надевам дека можете да ја видите придобивката од овој принцип.

Да претпоставиме дека ви треба автомобил, а вие сте наши партнери во службата. Да претпоставиме дека автомобилот чини 30.000 долари. Сега, кога сеете семе во GaryKeesee.com, разбирате што значи партнерство – вие учествувате во помазанието и благодатта на нашата служба.

Како служба, лесно можеме да се согласиме за тие 30.000 долари, затоа што одамна веќе нашите потреби се многу над 30.000 долари. Лесно можеме да веруваме за 30.000 долари бидејќи сега трошиме милиони годишно. Но, во минатото, се сеќавам дека морав да Му верувам на

Бог за 30.000 долари, што во тоа време изгледаше како огромна планина.

Значи, ако ме прашате дали можам да Му верувам на Бог за 30.000 долари, одговорот ќе биде апсолутно да. Така, како Павле, кога се согласуваме и сме партнери, можам да кажам дека вашата потреба е исполнета, не поради *вашата* вера, туку поради *мојата*.

Сега, очигледно, треба да имате вера кога ќе го посеете семето за тие 30.000 долари и треба да имате вера не само во Божјото Слово туку и во нас. Треба да имате вера во мене и да бидете уверени дека сум помазан и повикан од Бог, дека работам со интегритет и дека *треба на дело да ги видите резултати* во мојот живот и во мојата служба. Ако погледнете што правиме и од каде дојдовме, знаете дека имам вера за 30.000 долари!

Можеби немате вера за 30.000 долари, но можеме да работиме заедно во партнерство и да видиме неверојатни работи. Така беше и за големиот елен. Дренда ми кажа ноќта пред да одам на лов: „Ти верувај за елен, а јас ќе верувам за голем елен за трофеј". Така функционира партнерството.

Дозволете ми да поставам некои основни правила поставувајќи ви прашање: ако планирате да основате ИТ компанија, дали за партнер би сакале човек што нема пари и е прва година на факултет по компјутерски науки или некој што има изградено мултимилионски компјутерски бизнис и има финансии да помогне во започнувањето на вашата компанија?

Секако дека тука постојат многу променливи фактори, и ова прашање служи само како илустрација. Но, мислам дека, генерално, очигледниот избор е некој што има искуство, има докажани резултати и нема финансиски проблеми! Истото важи и кога сакате да сеете во партнерство во некоја служба.

Ве молам, не мешајте го она што го велам во врска со директното водство на Бога да влезете во партнерство со некого. Таквото водство го надминува она за што зборувам. Многу пати, Бог ќе ве води да бидете партнери на некоја од Неговите задачи, но понекогаш можете сами

да изберете. Зборувам конкретно за сеидбата како ваш *избор*, сеидба кога ви треба жетва и желба да преминете на следното ниво.

Сеам во задачи во кои верувам со цел што поскоро да ги добијам средствата што ми требаат во мојот живот. Едно правило што не го кршам е дека секогаш кога сакам да ја забрзам мојата жетва сеам во задача што ја разбира верата и принципот на согласување. Овој вид на давање е давање со *цел* и не смее да се поистовети со давањето на сиромашните.

Дарежливоста кон сиромашните е близу до Божјото срце, и за тоа добиваме повратен благослов, но јас барам партнерство со задача каде што има докази за вера и за која знам дека има капацитет да се согласи со мене.

Размислете за тоа на следниов начин: ако прашам некој да се согласи со мене за 10 милиони долари, а личноста заработува 3 долари на час и со години веќе живее во банкрот, колкава би била шансата да се постигне вистински договор?

Сега, можам да служам секому и сум повикан да го правам тоа, но кога станува збор за договор, мора да има токму тоа, договор. Земјоделецот не го сее своето семе каде што почвата е нечиста и загадена. Тој бара почва што ќе биде добра за неговата планирана жетва. Зборувам за партнерство овде на земјата со нечија друга вера, друго помазание.

Друга работа што ја барам кога сеам е Божјата задача што го има истиот плод како плодот за кој јас верувам и го очекувам од Бог.

На пример, мојата компанија поседува два авиони. Пред да купам еден од тие авиони, посеав во една Божја задача, во служба за која знаев дека имаше купено десетина милионски авиони во минатото. Кога велам *многу* авиони, мислам на многу авиони; и сите беа платени веднаш. Имаа покажан резултат кога се во прашање авионите. Знаев дека лесно може да се согласат со мене за авион и да имаат вера за тоа да се оствари. Не сакам да соработувам со служба која мисли дека авионите се

премногу скапи, или не вреди да се поседуваат, или дека поседувањето авион е од ѓаволот. Во тоа не би имало никаква согласност. Не, сакав да бидам во согласност со служба која разбираше каде бев, можеше да ја разбере мојата вера во Бог за авион и имаше плод да го докаже тоа.

Пилот сум уште од мојата деветнаесетгодишна возраст и научив да летам на земјена писта долга 1 километар. Цел живот изнајмував авиони додека еден ден не помислив: *Еј, знаеш што? Само треба да посеам семе и да верувам на Бог за мој авион.*

Токму тоа и го направив. Знаев за каков авион сакам да посеам, и го напишав токму тој авион на мојот чек, а јас и Дренда бевме согласни во тоа. Потоа го испративме чекот на службата што штотуку ја спомнав.

Околу еден месец подоцна бев на рутинска посета кај мојот матичен лекар. Додека разговарав со докторот тој ден, тој лежерно рече: „Дали случајно познаваш некој што би сакал да купи авион?“

Бев малку изненаден од прашањето, бидејќи никогаш во животот никој не ме прашал дали познавам некој што сака да купи авион. Прашав за каков авион станува збор, и тоа беше истиот авион за кој го посеав моето семе.

Очигледно, тоа го привлече моето внимание. Отидов и го видов авионот, контактирав со сопственикот и тој ме однесе на пробен лет. Авионот беше совршен. Имаше само еден проблем — во тоа време немав пари да го купам.

Но, Бог имаше план. Претходната есен, (сега беше март), добив куќа од татко ми што планирав да ја преуредам во деловна зграда напролет. Татко ми ми кажа дека ја исклучил водата пред зимата, така што јас не проверив дали навистина ја исклучил.

Само неколку дена откако го видов авионот, брат ми се јави и ми кажа дека куќа е уништена. Тој уште ми кажа дека целиот гипс картон во куќата бил уништен, а најголемиот дел паднал од ѕидовите.

Очигледно, водата не била исклучена и цевките замрзнале во текот на зимата. Сега кога беше март и времето беше потопло, мразот се стопил и водата течела

низ куќата подолго време, барем неколку недели.

Она што брат ми не го знаеше е дека јас веќе имав потпишано договор со градежна компанија за отстранување на целиот гипс картон од куќата и надворешната фасада како дел од процесот на обнова за пренамена на куќата во нов канцелариски комплекс.

Сега, еве го неверојатното сведоштво: осигурителната компанија ја плати штетата од водата, и со тие пари јас го платив мојот авион.

Авионот го купив со готовина!

Затоа запомнете, партнерството е моќен духовен принцип за кој треба да бидете свесни и да го искористите.

ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ

# ТАЈНАТА НА ДЕСЕТОКОТ

Често добивам е-пошта од луѓе кои се обидуваат да ме убедат дека овој закон на Царството — десетокот — е поминат и повеќе не важи.

Меѓутоа, бидејќи сметам дека овој принцип на Царството е многу важен му посветив цело поглавје.

Знам дека вие, ако воопшто сте биле вклучени во црковен живот, сте слушнале за десетокот. Но, исто така знам дека она што сте го слушнале веројатно не е целосно точно, и пред да продолжиме важно е да исправиме некои од старите религиозни размислувања за десетокот.

Како прво, ако не знаете, зборот десеток всушност значи десетина. Зборот се користел за да се опише износот што Божјиот народ требало да го даде од своите примања за Неговото дело, десетина или десеток.

Сега, ова објаснување за десетокот е многу едноставно, и во ова поглавје сакам малку подлабоко да ја разгледаме оваа тема. Но, за сега, ако овој концепт е нов за вас, во основа десетокот е давање десетина на Бога.

Второ, кога повеќето луѓе мислат на десетокот, тие исто така мислат на Стариот Завет и Законот на Мојсеј каде што десетокот бил задолжителен за сите граѓани на Израел.

Денес има многу конфузија во Христовото тело околу

десетокот, што е тоа и дали сè уште е во сила или завршил со доаѓањето на Исус.

Како што веројатно сте ме слушнале да кажам, кога Бог ми рече да научам сè што можам за тоа како функционира Неговото Царство, јас навистина станав духовен научник. Сакав да знам како функционира сè, а десетокот беше важно прашање што сакав да го одговорам.

Па, ајде подетално да го разгледаме десетокот, од каде потекнува, што прави и зошто важи и за денес.

Иако ние всушност гледаме дека десетокот бил многу истакнат во Мојсеевиот Закон како писмено барање, десетокот не започнал со Мојсеевиот Закон. За да го откриеме неговото потекло, треба да се вратиме на почетокот и животот на Адам и Ева.

Како што споменавме претходно, <u>Адам бил создаден и поставен на земјата за да владее во име на Божјето Царство</u>.

> *„Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сè си потчинил под нозете негови.“*
>
> —Евреите 2:7-8

Адам бил крунисан со слава и чест, и немало ништо на земјата што не му било подложно. Терминот *крунисан* ни дава одлична слика за тоа како функционирало ова.

Царот на пример носи круна и, иако тој е само маж, круната покажува дека целата влада ги поддржува неговите зборови. Така било и со Адам. Тој владеел со Земјата со целосна власт, а Небото го поддржувало сето она што го правел. Мораме да запомниме дека сам по себе, тој бил само човек и владеел само преку доверена власт. Тој ја имал славата (моќта) и честа (позицијата и авторитетот) на Божјото Царство како поддршка.

Интересно е тоа што гледаме дека сатаната веќе бил на земјата кога Адам бил создаден, бидејќи бил фрлен на земјата пред создавањето на човекот. Сатаната го презирал ова ниско суштество (природно) кое владеело

над него во името на Божјото Царство. Тој сакал да најде начин да ја земе таа власт од Адам, во основа да го поништи авторитетот на Адам да владее.

Се разбира, сатаната немал моќ да ја поткопа или собори позицијата на Адам, па морал да смисли план за да ја измами Ева да мисли дека не може да Му верува на Бог и дека таа и Адам треба да се побунат против Бог и да го следат него место Бог.

Сатановиот план бил успешен. Адам и Ева се побуниле против Бог и ги изгубиле своите места на власт. Во тој момент, бидејќи целото земно царство било под Адамовото владеење, Адам во основа Го исфрлил Бог од земјата што се однесува до Божјиот духовен авторитет, и човекот бил одвоен од Бога.

Во тој момент се случиле големи промени во духовната сфера, но немам време подетално да го објаснам тоа сега бидејќи сакам да се фокусирам на нашата тема за десетокот. Затоа, да се вратиме на моментот кога Адам и Ева паднале и да дознаеме што точно се случило.

> *Па потоа му рече на Адам: „Бидејќи ја послуша жената твоја и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: – не јади од него – затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот; трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска. Со пот на лицето свое ќе јадеш леб, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се врати.“*
>
> —Создавање 3:17-19

Кратко кажано, гледаме дека човекот го изгубил своето снабдување (бил избркан од градината), и неговата цел потоа била да преживее, а требало да преживее преку мака и пот. Бог му рекол и дека ќе се врати во земја, односно дека еден ден ќе *умре*. Концептите за смртта и мачното преживување биле целосно туѓи за Адам, а стравот и безнадежноста тогаш навлегле во светот.

Како што можете да видите, и како што дознал Адам, светот драстично се променил.

Сега сакам да одиме во Лука 4 каде што ќе најдеме уште еден многу важна промена која се случи.

> *Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и Му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета оваа власт и нивната слава, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое.“*
>
> —Лука 4:5-7

Во овој пасус, сатаната тврди дека сите пари на земјата (народите) се под негова јурисдикција и наведува дека таа власт му била дадена. И во таа изјава тој е во право, бидејќи Адам му ја дал власта со неговиот бунт.

Забележете дека овој стих вели дека целиот раскош на народите или царствата на светот сега биле под негова јурисдикција. Што е раскошот на еден народ? Неговото *богатство*.

Сите пари на Земјата имаат царство, народ, печат на нив, така што сите пари се дел или под јурисдикција на земното царство. Сатаната сега тврди дека парите или богатството на народите се под негова јурисдикција и тој тврди дека може да ги дава на кого сака. Едноставно кажано, сатаната тврди дека има јурисдикција над богатството и просперитетот на народите. Ова е многу важно бидејќи ќе откриеме дека десетокот има многу специфична цел поврзана со тој факт.

> *Потоа Адам легна со жената своја Ева, која зачна и го роди Каин, и рече: „Придобив човек од Господ!“ Го роди уште и братот негов Авел.*
>
> *И Авел стана овчар, а Каин беше земјоделец. По некое време Каин Му принесе на Господ <u>дар</u> од земните плодови; а и Авел исто така принесе о<u>д првината на стадото свое и од нивната маст</u>. И Господ погледна благонаклоно на Авел и на неговите дарови; а на Каин и на неговите дарови не погледна благонаклоно. Затоа Каин многу се разлути, и лицето му се намршти.*

> *Тогаш Господ му рече на Каин: „Зошто се лутиш? Зошто се помрачи лицето твое? Зарем, <u>кога правиш добро</u>, не си ведар во лицето? А ако не правиш добро, тогаш гревот е пред вратата; тој те влече кон себе, но ти надвладај го!“*
>
> —Создавање 4:1-7

Во ред, што се случувало таму? Станува збор за првата генерација на деца. Зошто принесувале дарови? Во тоа време немало пишан закон што од нив барал да го прават тоа, па зошто го правеле тоа?

Можеме да претпоставиме дека Адам и Ева, нивните родители, ги *научиле* да даваат приноси. Можеме да претпоставиме исто така дека Бог не прави ништо само заради некаков ритуал и затоа сигурно имало *правна* причина зошто Адам и Ева биле научени да даваат жртви.

Ако го погледнете текстот, ќе видите дека имало голема разлика во тоа што го принеле двете момчиња. Сега, не се фокусирајте многу на она што тие имале да го понудат, едниот принел животни, а другиот растенија, бидејќи проблемот не бил во тоа. Прашањето е во тоа како тие го принеле она што го имаат и зошто воопшто го правеле тоа.

Забележете дека Каин дал „дар“ од плодот на почвата. Но, Авел донел од „првината на стадото свое и од нивната маст“. Дали ја гледате разликата? Во едниот случај, тоа било некаков плод во споредба со „првината“, што била од мрсниот дел од првороденото од стадото.

Зошто Авел би го донел дебелиот дел, и зошто од првороденото?

Сигурно Бог му кажал на Адам каква жртва сака. Дали го гледате тоа? Овде прв пат го гледаме десетокот.

Ако проучувате за десетокот во Мојсеевиот Закон, тоа секогаш биле <u>**првите**</u> десет проценти од <u>**најдоброто**</u>. Во оваа приказна, можеме јасно да видиме дека Авел го дава десетокот, *првината* и *најдоброто*. Меѓутоа, на Каин не му се допаѓало што требало да се откаже од дел од своите плодови и што морал да Му оддаде чест на Бог, и решил да донесе *неколку* од своите родови, а не првината или

најдоброто.

Очигледно, Каин знаел што треба да принесе и како да го принесе десетокот на Господа бидејќи Бог му рекол: *„А ако не правиш добро, тогаш гревот е пред вратата; тој те влече кон себе, но ти надвладај го!“*

Но, Каин го отфрлил Божјото охрабрување да го прави она што го учеле и наместо тоа го убил Авел, својот брат. Веројатно, можеби мислел дека без Авел, ќе може да ги контролира и полето и добитокот, или неговата алчност го искушувала да донесе само дел од родот, рутински, од послушност, носејќи само од плодовите иако неговото срце било далеку од Бога. Јас само претпоставувам. Едно нешто што знаеме со сигурност е дека Каин не сакал да дава десеток како што бил учен.

Во овој момент, можеби се прашувате: „Зошто воопшто десеток? Зошто Бог барал од нив да даваат десеток? Ќе одговорам на тие прашања, но прво, ајде да видиме што друго можеме да научиме за десетокот пред да започнеме со тие прашања.

Потоа со десетокот како концепт се сретнуваме кога всушност за првпат се користи зборот *десеток*.

> *А царот содомски му излезе во пресрет, кога се враќаше, откако го разби Кедорлаомер и царевите, што беа со него, во долината Шаве, која е сега Долина на царевите. И Мелхиседек, царот шалемски, изнесе леб и вино; а тој беше свештеник на Севишниот Бог, па го благослови, велејќи: „Благословен да е Аврам од Севишниот Бог, Создателот на небото и земјата! Благословен да е и Севишниот Бог, Кој ги предаде непријателите твои во рацете твои!“ <u>И му даде Аврам десетти дел од сè</u>.“*
>
> —Создавање 14:17-20

Прашањето што овде треба да го поставиме е: Како Авраам знаел да дава десеток и зошто?

Очигледно, десетокот се пренесувал низ генерациите од времето на Адам. И знаеме дека лично Бог го научил Адам за десетокот после бунтот. Овде го гледаме зборот

десеток, што покажува дека е дадена десетина.

Многу луѓе ќе речат дека десетокот бил дел од Мојсеевиот Закон, што значи дека новозаветниот верник нема потреба да дава десеток. Двата случаи што ги спомнав, Каин и Авел, а потоа и Авраам, докажуваат дека десетокот бил даден *пред* да биде напишан Мојсеевиот Закон. О, се согласувам, десетокот бил запишан во Мојсеевиот Закон, а од народот израелски се барало да дава десеток. Но, десетокот бил нешто што народот веќе го правел кога Мојсеј се појавил на сцената.

Па, зошто десетокот бил впишан во Мојсеевиот Закон? Кога бил напишан Мојсеевиот Закон, тој требало да управува со целиот живот на новата израелска нација која штотуку излегла од Египет. Сите законски и управувачки барања биле внесени во пишаниот кодекс на однесување според кој луѓето требало да живеат. Така, десетокот бил впишан во Мојсеевиот Закон како сигурност дека тоа се прави како дел од животот на народот. Десетокот бил толку важен што Бог го вклучил во законот на нацијата. За кратко ќе дознаеме зошто Бог сакал да се увери дека тоа се применува, но ајде да погледнеме уште неколку примери за десетокот.

> *Затоа сега вака вели Господ Саваот: „Преиспитајте ги своите патишта! Вие сеете многу, а собирате малку; јадете, а не се заситувате; пиете, а не се напивате; се облекувате, но не се стоплувате; оној што печали пари, ги става во дупнато ќесе.“*
>
> *Така вели Господ Саваот: „Преиспитајте ги своите патишта! Качете се на планината, донесете дрвја и градете го храмот, и тоа ќе Ми биде угодно, па ќе се прославувам, вели Господ. Очекувавте многу, а излегува малку, и што ќе внесете дома, тоа Јас го разнесувам. Зошто? – вели Господ Саваот: Затоа што домот Мој е запустен, додека секој од вас се грижи за домот свој. Па поради тоа небото се затвори и не ви дава роса и земјата не ви дава плодови. Затоа повикав суша врз земјата, врз горите, врз житото, врз гроздовите, врз маслото и врз сè што се раѓа од земјата, и врз човекот*

*и врз добитокот, и врз секој ваш труд.“*

—Агеј 1:5-11

Во овој пасус, пророкот Агеј го прекорува народот израелски што не го обновил храмот откако се вратил од егзил во Вавилон. Тие не напредувале, биле во постојан недостаток, жетвата била слаба, а целиот народ страдал. Бог им вели да внимаваат како ***живеат***, имплицирајќи дека имало нешто што тие го правеле или не го правеле што правело тие постојано да бидат во немаштија.

Бог им вели: „***Поради вас*** *небото се затвори и не ви дава роса*“. Тој вели дека морал да повика суша поради тоа што **тие** го правеле. Сите тие граделе свои домови, а го оставиле Божјиот храм во урнатини. Ова покажува дека тие не давале десеток.

Видете, десетокот требало да биде донесен кај Левитите – свештениците – и да биде користен за службата во храмот. Бидејќи десетокот не бил носен кај Левитите, а храмот не се градел, Бог морал да ја повлече Својата рака на благослов поради она што тие го правеле.

Ве молам разберете дека не било Божја волја Тој да го повлече својот благослов од Израел. Тој немал избор, бидејќи станувало збор за правно прашање што го вклучувало десетокот.

Како што ќе продолжиме да читаме во второто поглавје, ќе видиме дека, очигледно, луѓето почнале да ги слушаат зборовите на пророкот.

*„А сега размислете за минатото и за иднината, кога уште не беше положен камен на камен во овој храм Господов, како изгледавте? Доаѓавте до купче од дваесет мери, а имаше само десет; доаѓавте да црпите од каца со зафатнина од педесет мери, а имаше само дваесет мери. Ве поразував со гламја и со млечка по житата и со град во секое дело на рацете ваши, но вие не се обративте кон Мене, вели Господ. Размислете од денес за натаму, од дваесет и четвртиот ден во овој деветти месец, од денот кога беше основан храмот Господов; обратете ги срцата ваши: Има ли уште во*

*житниците семе? Досега ни лозата, ни смоквата, ни нарот, ни маслината не даваа плод; а од денес Јас ќе ве благословувам.“*

—Агеј 2:15-19

Бидејќи повторно го ставиле храмот на прво место, Бог им рекол да го одбележат денот и часот затоа што од тој ден па натаму тие ќе искусат драматично зголемување на нивниот просперитет. Тој сакал да го означат местото за да бидат охрабрени и мотивирани да се сетат на промената за повеќе никогаш да не престанат да даваат десеток, не за Негова, туку за нивна придобивка.

Овде има неколку вистински клучеви кои ќе имаат смисла малку понатаму, но првото нешто што сакам да го сфатите е дека десетокот е *правно* прашање. Бог *морал* да ја повлече Својата рака кога тие не давале десеток, не затоа што *сакал*, туку затоа што *морал*.

*„Зашто, Јас, Господ, не се менувам; затоа вие, синови на Јаков, не бевте уништени! Уште од деновите на вашите татковци отстапувате од наредбите Мои и не ги пазите; вратете се кон Мене, и Јас ќе се вратам кај вас, вели Господ Саваот.*

*Вие, пак, ќе речете, како да се вратиме?*

*Смее ли човек да краде од Бога? А вие крадете од Мене!*

*Ќе речете: „Што крадеме од Тебе?“ – од десетокот и од приносите! Со проклетство сте проколнати, зашто Ме крадете – вие и сиот народ. Донесете ги сите десетоци во ризницата, па да има храна во Мојот дом, и потоа испитајте Ме, вели Господ Саваот: зар нема да ги отворам отворите небески за да излијам благослов на вас, па да имате и на претек? Заради вас ќе им забранам на оние, што ги изедуваат плодовите земни, и лозата ваша во полето нема да остане без плод, вели Господ Саваот. И блажени ќе ве нарекуваат сите народи, зашто ќе бидете земја на благослови, вели Господ Саваот.“*

—Малахија 3:6-12

Овде гледаме друг пророк кој ја прекорува нацијата, изјавувајќи дека тие Го лишуваат Бог од Неговата способност да го благослови Својот народ. Тој вели дека тие – целиот народ – се под проклетство поради она што *не* го прават. Ним им е наложено да го донесат целиот десеток во ризницата, за да има храна во Божјиот дом.

Повторно, десетокот требало да биде носен кај Левитите, свештениците. Народот носел дел, но не целиот десеток (сетете се на гревот на Каин). Господ им кажува на луѓето дека ако го донесат целиот десеток, небесниот благослов повторно ќе биде нивен. Небото ќе има правна јурисдикција да дејствува меѓу нив. Бог им вели дека ако се вратат кај Него со десетокот, тогаш ќе имаат таков благослов што нема да можат да го соберат.

Добро, да застанеме овде и да разговараме за миг пред да продолжиме понатаму.

Досега видовме дека десетокот бил воспоставен уште на почетокот, а сега можеме да видиме и зошто. Овде гледаме дека десетокот Му дава на Бог правна надлежност да застане помеѓу непријателот, сатаната и Божјиот народ и да го прекорува сатаната.

**ДЕСЕТОКОТ БИЛ ПОСТАВЕН ДА БИДЕ КАКО ЗАКОНСКА ОГРАДА ОКОЛУ АДАМ И ЕВА ТОГАШ, А СÈ УШТЕ ДЕЛУВА КАКО ПРАВЕН ШТИТ ОКОЛУ НАС ДЕНЕС.**

Во основа, Бог вели: „Тргни ги рацете, сатано! Не можеш да ги допреш нивните работи!“

Знаете, кога Адам паднал, сатаната сигурно би сакал едноставно преку глад да го острани од земјата. Но, Бог веднаш го воспоставил десетокот за да ги заштити Адам и Ева. Кога Адам и Ева избрале да даваат десеток, тие Го ставале Бог на прво место. Тие Го бирале Бога.

Да се потсетиме дека сатаната го стекнал својот влез на Земјата на ист начин. Убедувајќи ги Адам и Ева

да му веруваат нему, а не на Бог, тој стекнал законски влез. Така, со десетокот - давајќи Му на Бог 10% од она што го имале – Бог имал законско право да го заштити снабдувањето на Адам и Ева.

Треба да запомниме дека десетокот бил закон кој се однесувал само на снабдувањето на човекот на Земјата на подрачјето на сатаната. Тоа не го променило нивниот статус во однос на духовната обнова. Не, за тоа најпрво било потребно да се направи жртва за гревот. Но, десетокот навистина Му дозволил на Бог да го спречи Сатаната да им го краде снабдувањето и исто така да им помогне нив да преживеат на земјата.

Многу луѓе велат дека десетокот бил старозаветен закон кој не важи денес, бидејќи бил укинат со Исусовата жртва. Но, видовме дека законот за десетокот бил воспоставен јасно уште при падот на човекот и пред да се напише Мојсеевиот Закон.

**Десетокот бил поставен да биде како законска ограда околу Адам и Ева тогаш, а сè уште делува како правен штит околу нас денес.**

Десетокот е закон на земното царство и останува на сила сè додека сатаната е на Земјата, како што е моментално. Сè додека сатаната е тука, законот за десетокот е сè уште на сила.

Друга работа што може да ја видите во црквата се луѓе кои даваат десеток, а сепак нè напредуваат. Ова е поради некое погрешно учење во однос на десетокот. Луѓето мислат дека ако само даваат десеток, Господовиот благослов ќе направи да уживаат во изобилен просперитет, повеќе отколку што можат да го примат. Истите луѓе кога даваат десеток и не можат да го видат напредокот и изобилството, заклучуваат дека десетокот не функционира. Но, нивната претпоставка не е точна и треба внимателно да го разгледаме текстот за да дознаеме зошто.

Бог им рекол на луѓето дека ако даваат десеток: *„Ќе им забранам на оние, што ги изедуваат* ***плодовите*** *земни, и* ***лозата ваша во полето*** *нема да остане без плод.“*

Дали разбирате? Се вели дека Небесните прозори

ќе се отворат и Бог ќе ги благослови *нивните* посеви. Поентата што сакам да ја истакнам е дека сѐ уште треба да одгледувате нешто во оградата на десетокот.

Десетокот сам по себе не предизвикува напредок. Десетокот само го заштитува она што го правите внатре во оградата.

Значи, ако имате три растенија домати, тие ќе напредуваат. Но, ако имате само три растенија од домати, ќе имате три одлични растенија, но нема да напредувате многу.

Тоа што *вие* го градите или одгледувате во оградата прави да бидете преплавени со изобилство.

За жал, поради погрешното учење, многумина од Божјиот народ даваат десеток, а потоа седат и пијат ладен чај чекајќи да дојде обилниот благослов. Прелевањето ќе започне кога ќе го разбереме нашиот удел во процесот.

Ајде уште еднаш да повториме.

1. Десетокот бил воспоставен на земјата на почетокот, при падот на човекот.
2. Десетокот бил запишан во Мојсеевиот закон затоа што Мојсеевиот Закон диктирал како треба да живеат Израелците. Бог, за да биде сигурен дека ќе може да ги благословува, го запишал во Законот за да има легално право да ги благословува. Законот за десетокот не е поминат. Но, законскиот услов за десеток помина. Сега, имаме *избор* да даваме десеток и да ја искористиме поволноста што истиот ја дава.
3. Законот за десетокот е закон овде на Земјата и истиот ќе остане додека сатаната е на слобода.
4. Десетокот не носи автоматски напредок, но Му дозволува на Бог да го спречи сатаната да се меша во она што го одгледувате или градите во рамките на десетокот.
5. Десетокот нема никакво влијание во тоа дали одите во рајот или не. Ќе одите во рајот ако Го повикате името на Исус. Но, десетокот влијае на вашиот просперитет овде на земјата.

6. Десетокот припаѓа во Божјата ризница. Во Стариот Завет од десетокот се хранеле свештениците што работеле во службата. Денеска не е поинаку. Десетокот се дава во вашата локална црква. Бог го одредил десетокот да се грижи за службата. Понекогаш луѓето ми велат дека не им се допаѓа нивната црква и прашуваат дали треба да даваат десеток таму. Мојот одговор? Најдете нова црква, која учи на вера и на Царството. Доколку моментално немате локална црква, можете да го давате вашиот десеток на службата од која се храните духовно, но најдобрата Божја волја е да бидете дел од добра локална црква. Ако нема таква во вашата област, тогаш да повторам, можете да давате десеток на службата од која се храните духовно.
7. Не можете да го именувате својот десеток. На пример, кога го сеете вашиот десеток, не можете да кажете: „Го сеам мојот десеток како семе за ______“. Десетокот веќе има своја задача. Можете да го именувате вашиот прилог, но не и десетокот.
8. Десетокот е 10% од она што го заработувате. *Пред* да ги вклучите другите расходи. Запомнете, Бог вели преку Малахија: „Донесете го *целиот* десеток во ризницата“. Девет проценти не е десеток. Шест проценти не е десеток. Десетокот е 10%. Ако кажете: „Не можам да си дозволам да дадам 10%,“ направете го она што Бог му рекол на Израел да го направи кога народот не го давал целиот десеток: „Испитајте ме во ова“, рече Тој. Дајте го својот десеток со вера, знаејќи дека Бог ќе го награди тоа.
9. Како да знам од што да давам десеток? Моето правило е ова: Дали приходот се оданочува?
10. Ако приходот е подложен на данок, тогаш јас давам десеток од него. Дали мојот бизнис дава десеток? Повторно, дали тоа се оданочува? Не давам десеток од бруто приходот на мојот бизнис. Сеам од мојот бизнис како што сакам, но тоа не е десеток. Ако извлечам пари од мојот бизнис, тогаш давам десеток од она што го земам од бизнисот кога

парите се извадени од бизнисот.

11. Што ако во моментот немам црква? Можете да давате десеток таму од каде што се храните духовно додека не најдете црква. Да, многу луѓе за своја црква сметаат некоја црква чии богослужби ги следат во живо на Фејсбук или преку други достапни платформи на интернет. Ако во вашиот град нема добра библиска црква, можете да давате десеток на црквата што ја следите на интернет. Многу луѓе во руралните области ја сметаат нашата црква за нивна црква токму поради тоа.

Добро, да продолжиме понатаму.

Господ ми покажа дека повеќето христијани го даваат својот десеток како некаков долг (ако воопшто даваат десеток, а повеќето не даваат). Ова значи дека тие не веруваат во она што го прават, туку само знаат дека го должат десетокот и едноставно го даваат како отплата на долг.

Иако е добро да го давате својот десеток, добро е тоа секогаш да го правите во вера. Во спротивно, вашето давање е поттикнато од правна гледна точка наместо од точка заснована на вера.

Секој збор Божји нека ви биде откровение за Божјата намера кон вас. Десетокот не е тешко бреме што треба да го носите, и затоа не треба да ви биде тешко да го давате. Бог не сака да *земе* нешто од вас, напротив, Тој сака да ви *даде* нешто. Треба да веруваме и да ја разбереме придобивката од десетокот и да се радуваме во тоа. Десетокот е чин на обожавање што објавува дека Бог е нашиот извор. Има добро дефинирани придобивки така што, кога даваме десеток, треба да веруваме дека ќе ги уживаме.

Јас секогаш предлагам семејствата да одлучат за својот десеток уште пред да одат во некоја црква. Исто така, предлагам, пред да дојдат во црква, да ги положат рацете на тој десеток, да ја објават придобивката од него и да објават дека прозорците на Небото се отворени и дека сатаната е прекорен и отстранет далеку од нивната

жетва. Тие, исто така, треба да објават дека сатаната не може да краде од нив и сè на што ги ставаат рацете свои ќе напредува, во името на Исус.

Сега, за крај, дозволете ми да ја завршам нашата дискусија за десетокот со поглед на десетокот низ призмата на Новиот Завет. О, да, десетокот е споменат таму! Од следниот пасус читавме малку претходно.

> *А царот содомски му излезе во пресрет, кога се враќаше, откако го разби Кедорлаомер и царевите, што беа со него, во долината Шаве, која е сега Долина на царевите. И Мелхиседек, царот шалемски, изнесе леб и вино; а тој беше свештеник на Севишниот Бог, па го благослови, велејќи: „Благословен да е Аврам од Севишниот Бог, Создателот на небото и земјата! Благословен да е и Севишниот Бог, Кој ги предаде непријателите твои во рацете твои!“ <u>И му даде Аврам десетти дел од сè</u>.“*
>
> —Создавање 14:17-20

Ајде сега да погледнеме што вели писателот на Евреите за десетокот.

> *Тој Мелхиседек беше цар салимски, свештеник на Севишниот Бог, кој го пресретна Авраам, кога се враќаше од борбата со царевите, и го благослови, кому и Авраам му даде десеток од сè, и кој по значењето на името негово е прво цар на правдата, а потоа и цар на Салим, односно цар на мирот. Без татко, без мајка, без род, немаше ниту почеток на дните, ниту крај на животот и, по таков начин, е подобен на Синот Божји, и останува вечен свештеник.*
>
> *Гледате ли колку е голем оној кому прататкото Авраам му даде десеток од најдобриот плен! Оние од Левиевите синови, што примаат свештенство, имаат заповед да земаат по Законот десеток од народот, односно од браќата свои, иако и тие произлегле од бедрата Авраамови. Но тој, кој не му припаѓаше на нашиот род, зеде десеток од Авраам и го благослови оној*

*што беше примил ветувања. Не може да има никаков спор дека помалиот се благословува од поголемиот. Така, овде смртни луѓе земаат десетоци, а таму – Оној, за Кого има сведоштво дека е жив.“*

—Евреите 7:1-8

Ве молам забележете дека овој текст вели: *„Овде смртни луѓе земаат десетоци“*, мислејќи на Левитите од Стариот завет. Потоа се вели: ***„А таму - <u>Оној, за Кого имаме сведоштво дека е жив</u>“.***

Мелхиседек бил Цар на правдата, Цар на мирот, без мајка или татко, без почеток на деновите или крај на животот, сличен на Божјиот Син, свештеник засекогаш. Мелхиседек е Исус Христос што стоел пред Авраам тој ден. Меѓутоа, тој не бил познат како Исус во тој момент.

Запомнете, ангелот му даде инструкции на Јосиф да Му го даде името Исус на машкото бебе кога ќе се роди. Името Исус значи Спасител, на тој начин покажувајќи со Неговото име Кој Тој требаше да биде за нас. Христос не е презимето на Исус. Кога велиме Исус Христос, ние буквално велиме Помазаниот Спасител. Исус не беше познат по името Исус кога стоел пред Авраам, бидејќи тој план сè уште бил скриен од сатаната во тоа време.

**ДЕСЕТОКОТ Е ЗАКОНСКА ОГРАДА ОКОЛУ ВАШИОТ ЖИВОТ ШТО ГО СПРЕЧУВА ЃАВОЛОТ ДА ИМА ПРИСТАП ЗА ДА ВИ ГО УКРАДЕ СНАБДУВАЊЕТО.**

Значи, името Мелхиседек било име што едноставно одразувало Кој Тој навистина бил – Царот на правдата и Кнезот на мирот. Меѓутоа, пророчки, Мелхиседек ја објавил иднината на Авраам служејќи му леб и вино, што зборувало за новиот завет (леб – Неговото тело скршено за нас и вино – Неговата крв дадена за нас) што ќе се склучи со наследниците на Авраам подоцна и ќе го исполни ветувањето што Бог му го дал на Авраам во врска

со неговите наследници во Создавање 12.

Во врска со десетокот, во Евреите пишува дека десетокот сега го собира „Оној, за Кого има сведоштво дека е жив“. Исус е Тој што сега го собира десетокот, Оној, за Кога има сведоштво дека е жив! Тој е Цар на царевите и Господар над господарите.

Значи, запомнете, законот за десетокот е сѐ уште во сила денес. Единственото нешто што е променето е свештенството. Во Стариот Завет, Левитите го собирале десетокот за Божјата работа. Денес, Исус (Кој потекнува од племето на Јуда, а не од Леви, што укажува дека е воспоставено ново свештенството) го собира десетокот од Неговата црква за работата на службата. Се разбира, сфаќам дека Исус, личноста, не е овде лично да го собира десетокот. Но запомнете дека Библијата вели дека црквата е Христовото тело, што значи Неговиот правен израз овде, исто како што нашето тело ни дава законски израз овде. Кога ние даваме на Неговата црква, Неговото тело, ние всушност Му даваме на Исус. Левитите, според Стариот Завет, го собирале десетокот во име на Божјата служба, а црквата го собира десетокот во име на Божјата служба денес.

Да повториме, десетокот е законска ограда околу вашиот живот што го спречува ѓаволот да има пристап за да ви го украде снабдувањето. Запомнете, десетокот сам по себе не прави да напредувате! Вашиот просперитет зависи од она што го правите во *рамките* на таа ограда!

Десетокот е закон што е од витално значење за вашиот финансиски живот. Ова е причината поради која одвоив толку многу време за покривање на овој важен закон на Царството.

Затоа, наредниот пат кога ќе бидете во црква и пасторот ќе каже дека е време да се собере десетокот, треба да викате од радост, бидејќи сега ги знаете придобивките од десетокот.

## СЕДМО ПОГЛАВЈЕ

# ВИ ТРЕБА ТОРБА: ПРВ ДЕЛ

Еден од моите најдобри пријатели, Пастор Питер Мортлок, е пастор на црквата *Сити Импакт* во Окланд, Нов Зеланд. Тој изгради неверојатна служба и има една од најголемите цркви во Нов Зеланд.

Во текот на нашето пријателство низ годините, веројатно сме биле на околу 20 патувања со мотор низ Северна Америка и Нов Зеланд. Тој конечно ме натера да купам Харли. Со години бев возач на Хонда, но кога патувавме, тој секогаш инсистираше да изнајмам Харли. Отпрвин, не ми се допаѓаше Харлито колку мојата Хонда, но ако знаете нешто за моторите Харли, тие направија неколку големи промени во дизајнот пред неколку години, што ми се допаднаа. Така, изминатава година, Дренда ми купи сосем нов Харли со кој сакаме да патуваме.

За време на нашите патувања, забележав дека Пастор Петар секогаш имаше кожна торба – јас ја нареков машка чанта – која му висеше околу рамениците. Откако еден ден се чувствував здрвен од седењето на паричникот, го прашав за неговата торба. Па, таа дискусија го поттикна да ми купи една таква торба или чанта за роденден. Тие не се толку популарни овде во Америка како што се во Европа и Нов Зеланд, но јас ги сакам.

Обично секогаш ми се чинеше дека ги губам очилата за сонце со тоа што заборавав каде сум ги оставил. Но, откако почнав да ја користам мојата машка чанта, или машка

торба, како сакате наречете ја, престанав да ги губам очилата. Сега целосно разбирам зошто дамите сакаат да носат чанти. Сè им е на едно место. Тоа е прекрасно. Сега, не се обидувам да ве убедам да купите машка торба, но сакам да ви предложам да размислите за тоа.

Дали знаевте дека Исус ни рече да носиме торба?

> *„Па затоа и вие, не барајте што ќе јадете или што ќе пиете; и не се загрижувајте! Сето тоа го бараат незнабошците на овој свет; а вашиот Отец знае дека тоа ви е потребно. Но барајте го Царството Божјо, и сето тоа ќе ви биде придодадено! Не плаши се, мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде Царството. Продајте си ги имотите ваши и давајте милостина! Подгответе си торби што нема да изветват, ризница на Небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде; зашто, каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше.“*
>
> —Лука 12:29-34

Мислам дека Исус не се обидуваше да наметне нов моден стил, туку процес што треба да го разберете. (И можеме да го замениме зборот торба со паричник ако сакате.)

Поентата што Исус се обидуваше да ја каже беше дека ви треба пристапна точка до вашето богатство.

На пример, можам да имам милион долари во банка, но не би ми користеле ништо доколку не можам да пристапам до парите и да ги користам, нели? Тоа е причината зошто носите паричник со вас – тоа е вашата пристапна точка до вашите средства.

Губењето на паричникот е една од најстресните работи што можат да се случат. Секогаш давам сè од себе за тоа да не се случи. Мојот паричник, што е во мојата машка торба, е секогаш со мене.

Во овие неколку зборови што ги цитирав од Исус, наоѓаме еден тон мудрост и клучни принципи на Царството во однос на вашите пари во Царството. Како прво, фразата, „Не грижете се“ се споменува повеќе од

еднаш. Исус ни кажа дека Бог знае сè за тоа што ни треба и ни даде конкретни упатства за тоа како можеме да пристапиме до Неговото снабдување.

*„Па затоа и вие, не барајте што ќе јадете или што ќе пиете; и не се загрижувајте! Сето тоа го бараат незнабошците на овој свет; а вашиот Отец знае дека тоа ви е потребно. Но барајте го Царството Божјо, и сето тоа ќе ви биде придодадено!“*

Исус ни вели да не се грижиме бидејќи Бог се грижи за нас; Бог знае што ви треба. Потоа Исус дава едно упатство.

*„Но барајте го Царството Божјо, и сето тоа ќе ви биде придодадено!“*

Исус велеше дека Бог го има решението, но постои процес за правно да се побара истото. Бог го има решението, НО треба да знаете како функционира Царството пред да можете да го барате.

Забележете дека Исус не вели да се бара прво Бог, туку *Царството*. Мислам дека повеќето од нас го толкуваат тој стих како прво да Го бараме Бога, но стихот не го вели тоа. Исус многу јасно го кажува тоа. Ако одговорот беше само барањето на Бога, Тој ќе речеше: „Затоа барајте Го *Бог* и сето тоа ќе ви се даде“. Бог знае што ви треба, но постои правен процес што мора да се одвива пред она што го има Небото легално да ви биде пренесено овде на Земјата.

Да ве потсетам дека Царството Божјо е влада со Цар. Авторитетот и волјата на Царот се пренесуваат на секој граѓанин на Царството преку администрирање на законите на истото.

Во текот на моите претходни четири книги за Царството, одвоив време да ги разгледам аспектите на животот, верата и јурисдикцијата на Царството. Зошто? Затоа што овие начела се апсолутно витални за вашиот успех и разбирање на животот во Царството. Ги разгледавме овие клучни компоненти на Царството

во сите мои книги, знаејќи дека многумина може да ги читаат книгите поединечно, а не како серијал и треба да го имаат основното познавање за тоа што всушност ми го промени животот.

Треба да научите како функционира Царството!

Информациите во ова поглавје се земени од моите други книги од серијата „Вашата Финансиска Револуција". Доколку сте ги прочитале, можете слободно да преминете на осмото поглавје. Ако не сте ги прочитале или сакате да ги прегледате овие основни и витални принципи на Царството, останете овде со мене во седмото поглавје.

## Прашање на јурисдикција

Како што кажав претходно, живеам на земјиште од 60 хектари на еден од најубавите предели во Охајо. Јас првично имав 55 хектари, но мојот сосед ми продаде парче земја што се граничи со мојата земја, и така нашиот посед се зголеми на вкупна површина од 60 хектари. Уживавме многу на ова земјиште во последните 22 години. Тоа што имаме шуми за ловење елени, мочуриште за ловење патки и полиња за ловење зајаци и фазани, како и да ги возиме нашите мотори на четири тркала е голем благослов.

Ако внимателно го погледнете моето место, ќе наидете на знаци ЗАБРАНЕТ ВЛЕЗ на периметарот на имотот. Знаците се таму за луѓето да знаат каде започнува границата на мојот имот. Законот во Охајо вели дека лицето кое сака да биде на мојата земја мора да има писмена форма на согласност во секое време кога е на имотот. Доколку нема таква согласност, преминувањето на линијата се смета за прекршок, и законски може да бидат отстранет од истиот и може да добие казна во процесот.

Така накратко: **Не можете да присвоите нешто за што немате правна јурисдикција.**

Така, како што реков, ако имате писмена согласност, потпишана од мене, тоа ќе ви овозможи правен пристап до мојот имот. Ако некој ве запре на мојот имот и ве праша

зошто сте таму, а вие одговорите дека имате од мене дозвола да ловите таму, тоа нема да биде доволно. Законот вели дека мора да имате потпишан формулар за да имате пристап.

Истиот процес е потребен ако одите во банка и ги побарате вашите пари; тие ќе побараат да ја видат вашата идентификација, вашата лична карта. Службеникот за малопродажба го има истото право да побара ваша идентификација кога користите кредитна картичка за да платите нешто. Презентирањето на лична карта не е наменето да го попречи пристапот до вашите сметки; тоа е за да ве заштити од други кои лажно пристапуваат до вашите работи.

**НАУЧЕТЕ ШТО Е ВАШЕ И КАКО ДА ПРИСТАПИТЕ ДО ТОА. ТОГАШ СИТЕ ТИЕ РАБОТИ ШТО ВИ ТРЕБААТ ЌЕ ВИ БИДАТ.**

Кога Исус вели прво да го бараме Царството, Тој всушност вели: *„Проучете ги законите на Царството за да знаете како да дејствувате легално и ефективно во рамките на вашите законски права како граѓани на Царството“*. Научете што е ваше и како да пристапите до тоа. Тогаш сите тие работи што ви требаат ќе ви бидат додадени.

Друг пример би бил ако имам фонд за доверба за мојот син. Откако ќе стане полнолетен и легално можам да му ја префрлам сметката, ќе морам да му кажам во која банка е, да му покажам како да вади средства од сметката и како да враќа депозити на истата сметка. И покрај тоа што легално тоа ќе биде негова сметка, тој сепак е одговорен да го следи правниот процес на законот за да има пристап до неа.

Дозволете ми да резимирам што сакам да кажам. Кога Исус вели да го бараме Царството, Тој вели да научиме како функционира Царството, мислејќи на законите и процесите во Царството што треба да ги научите за да легално го земете тоа што е веќе ваше. Така, како што

видовме во примерот за банкарска сметка, можеби имате правна јурисдикција над некои средства, но сепак да не можете да ги подигнете затоа што не сте биле во можност да го следите правниот процес за лично да ги користите. На пример, ако сте ја оставиле вашата лична карта дома кога одите во банка, нема да ви дозволат да извадите пари од сметката иако парите се ваши.

Разбирањето на прашањето за јурисдикцијата во Царството е предуслов за ефективно функционирање во Царството.

Сигурен сум дека сте слушнале ваква приказна: Се разболува некоја позната личност и за неа се повикува јавна молитва. Милиони луѓе се придружуваат на молитвата за исцелувањето на оваа личност, а сепак на крај таа умира. Зошто?

Или некој ви кажува дека нивната баба умрела иако тие се молеле за неа, и сакаат да знаат зошто. Или некој ви кажува дека посеале пари за финансиска потреба, а сепак и понатаму немаат пари. Дали постојат одговори на ваквите прашања?

Пред да одговорам на тоа, да признаеме дека не знаеме сè што се случува во духовната сфера и јас не велам дека знам. Меѓутоа, врз основа на Божјото Слово, знаеме дека ако некој е болен, Исус веќе ја плати цената за неговото исцелување. Знаеме дека ако сме дарежливи и даваме, Библијата вели дека ќе добиеме. Сепак, секој ден го гледаме она што се чини како очигледен неуспех на Божјото Слово да биде делотворно според тоа што ги пишува. Дали Бог е виновен за тоа?

Додека разговараме за оваа тема во ова поглавје, ќе видите дека одговорот е категорично НЕ. Ако одговорот е не, тогаш каде е проблемот? На крајот на краиштата, повеќето луѓе Го обвинуваат Бог за трагедиите. Тие знаат дека Тој има моќ да ги спречи лошите работи, а не го прави тоа, па затоа претпоставуваат дека Тој *одлучува* да не преземе нешто. Оттука потекнува погрешната доктрина што вели „Бог дозволува лоши работи да им се случуваат на добрите луѓе“. Луѓето веруваат дека ако Бог не го спречил тоа или не интервенирал, сигурно го дозволил

тоа. Но, ако имате разбирање дека Бог е секогаш добар и дека не може да лаже, би знаеле дека проблемот не може да биде кај Бог, туку на друго место; и ќе започнете потрага за да го најдете одговорот.

На пример, кога влегувате во некоја темна просторија, не сакате автоматски да заклучите дека ЕВН ја прекинала електричната енергија. Не, го наоѓате прекинувачот и ако тој не функционира, ја проверувате сијалицата со разбирање дека, најверојатно, проблемот е кај *вас*.

Кога би знаеле дека тоа *никогаш* не може да биде Божја вина, бидејќи Тој ни го даде Своето Слово и ветувањата што ја откриваат Неговата волја за нас, тогаш ќе започнете вредно да барате краток спој што го прекинал Божјиот одговор.

Учениците го покажаа овој начин на размислување кога не можеа да го истераат демонот од момчето во Матеј 17:14-23. Наместо да прашаат: „Зошто Бог одлучил да го остави тој демон таму?", тие Го прашаа Исуса: „Зошто *ние* не можевме да го истераме?" Ова треба да биде наше прво прашање кога изгледа дека околностите се во спротивност со Божјото Слово.

Значи, повторно, од витално значење е прво, да знаеме дека Бог е добар и, второ, дека Тој не лаже. Мора да ја читате Библијата и да поставувате прашања ако сакате да научите како функционира Царството. Запомнете, тие одлични библиски приказни ги имаме со причина – Исус се обидува да ни покаже нешто.

Повторно, Царството Божјо е царство и работи со закони и принципи кои никогаш не се менуваат. Тие принципи, како што реков, можат да се научат и да се користат исто како што земјоделецот ги разбира законите за времето на сеење и жетва на Земјата и ги користи тие закони за да напредува. Бидејќи Царството работи со закони, кои се дадени на секој граѓанин да ги разбере и користи во Царството, *секој* може да ги научи.

Понекогаш, знаејќи како функционираат овие закони може да направат разлика на живот и смрт. Марк и Хана дојдоа во нашата црква и сакаа да имаат бебе. Дотогаш, лекарите на Хана ѝ говореле дека поради различни

проблеми во нејзиното тело, речиси е невозможно да забремени или да носи бебе. Но, додека слушала за Божјата добрина и го учела законот за Царството во нашата црква, останала бремена. Таа беше воодушевена, без зборови. Но, за кратко време, таа почна да има силни болки во стомакот, неколку пати толку силни што дури ја губела свеста.

По еден таков напад, Хана сакала да се провери на лекар. Нејзината матична докторка не бил на смена, но докторот на замена одлучил да направи ЕХО преглед за да види што се случува.

Докторот видел големо згрутчување на крвта и ѝ рекол дека таа имала спонтан абортус. Немало отчукување на срцето.

Докторот ѝ понудил да дојде следниот ден за да може да го извади мртвото бебе од нејзината утроба, но Хана одбила. Наместо тоа, нејзиниот сопруг, Марк, ја охрабрил со Божјото Слово и Божјите ветувања и ја охрабрил да не ја отфрли својата доверба во Божјото Слово во врска со бебето.

Тој викенд, Хана прими молитва во црквата и беше убедена дека ќе роди здраво бебе и покрај тоа што ѝ го кажал докторот.

Тој понеделник, таа отишла на проверка кај нејзината матична докторка бидејќи при претходната посета на клиниката таа не била на смена. Нејзината докторка ѝ предложила да направат уште еден ЕХО преглед. Докторката била шокирана гледајќи во мониторот и веднаш ги погледнала снимките од претходниот преглед. Потоа таа ѝ ги кажала следните зборови на Хана. „Ова го правам 30 години и никогаш порано не сум видела нешто вакво. Можам да го видам големото згрутчување на крвта на минатонеделните снимки и отсуството на отчукување на срцето. Но денес, згрутчување на крвта го нема, а бебето е живо и совршено со совршено чукање на срцето".

Неколку месеци подоцна, Хана роди совршено девојче, на кое ѝ го дадоа името Евелин. Љубопитна за значењето на името Евелин, еден ден таа испитала и била изненадена кога открила дека името всушност значи *живот*! Додека

го пишувам ова денес, Хана со својот сопруг во секој момент го очекуваат нивното второто бебе.

Оваа неверојатна приказна очигледно е дело на Бога. Но, како духовен научник, треба да размислувате за неколку прашања во моментов, како на пример: „Зошто се случи тоа? Дали Хана е една од Божјите миленици? Дали Бог по случаен избор одлучи да го излечи нејзиното бебе?“ Тоа се прашања кои мора да бидат одговорени.

Повторно, за просечниот христијанин, тоа што се случи е чудо. Но, ги охрабрувам луѓето да го преиспитаат зборот „чудо“, бидејќи тој имплицира нешто невообичаено. Меѓутоа, во Царството ова беше едноставно функција на законот на Царството.

Ако пуштам еден камен и тој падне на земја, ќе помислите дека сум луд ако викнам: „ЛЕЛЕ, го видовте ли тоа? Каменот падна на земја! Тоа е чудо!“ Нема да се согласите дека тоа е чудо затоа што знаете дека тоа е едноставно функција на законот на гравитацијата и тој закон *секој пат* функционира на ист начин за *секого*. Каменот *секогаш* ќе паѓа на земја.

Значи, како духовни научници, мораме да бараме индиции за тоа што се случило, духовни индиции кои ќе го откријат законот или законите на Царството што биле присутни во приказната.

Една од најдобрите приказни во Библијата што ќе ни помогне да најдеме одговори во врска со верата и јурисдикцијата се наоѓа во Лука, поглавје 8.

> *А кога одеше Исус, народот се туркаше во Него. И една жена, која страдаше дванаесет години од крвавење, и сиот свој имот го беше потрошила по лекари, а ниеден не можел да ја излекува, пристапувајќи одзади, се допре до крајот на Неговата облека и наеднаш ѝ престана крвавењето.*
>
> *И рече Исус: „Кој се допре до Мене?“ А бидејќи сите порекнуваа, Му рече Петар и оние што беа со Него „Учителе, народот Те опколил и Те притиска, а прашуваш: ‚Кој се допре до Мене?‘“*
>
> *Но Исус рече: „Некој се допре до Мене, зашто сетив*

*дека излезе сила од Мене.“*

*Жената, штом виде дека не може да се сокрие, со треперење пристапи, па како падна пред Него, Му кажа пред сиот народ зошто се допрела и дека веднаш оздравела.*

*А Тој ѝ рече: „Не бој се, ќерко, верата твоја те спаси; оди си во мир!“*

—Лука 8:42б-48

Во оваа приказна гледаме жена која долги години била многу болна и не можела да оздрави. Доаѓајќи зад Исус, таа ја допира Неговата наметка и веднаш оздравува. Сега, во оваа приказна има неколку многу длабоки индиции за работата на Царството од кои можеме да научиме и кои ќе изнесат на виделина некои од одговорите што ги бараме.

Најпрво, сите луѓе од толпата што Го опкружуваа Исус Го допираа, бидејќи приказната вели дека Тој речиси бил притиснат од толпата околу Него. Кога Исус праша: „Кој Ме допре?“, Петар беше зачуден од прашањето бидејќи, повторно, *сите* Го допираа. Но, Исус вели дека некој Го допрел на поинаков начин – Тој почувствувал како силата на Светиот Дух излегува од Него.

Откако ќе ја прочитате оваа приказна, во вашиот дух треба да чувствувате поттик да застанете и да размислите за тоа што се случило. Вашиот ум требаше веднаш да се префрли на истражен режим со огромен број прашања. Како духовни научници, ние треба да знаеме зошто *оваа* жена беше исцелена, а никој друг околу неа не бил исцелен. Претпоставувам дека имаше многу други таму кои физички Го допираа Исус и исто така беа болни, но сепак не беа излечени. Затоа, треба да се запрашаме: „Зошто помазанието течеше само на оваа жена, а не на сите други што Го допираа Исус во тој момент?“

Традиционалниот религиозен одговор е дека таа беше исцелена затоа што ја исцели Исус. Но, дали навистина ја исцели Исус? Дали Исус намерно ѝ служеше кога таа беше исцелена? Дали ги положи рацете врз неа? Дали Тој заповеда болеста да го напушти нејзиното тело? Одговорот е не. Всушност, Исус не ни знаеше дека таа е

таму. Мораше да праша кој Го допре.

Значи, дали Исус всушност избра да ја исцели во тој момент? Повторно, Тој не ни знаеше дека таа е таму. Па, како таа беше исцелена? Зошто беше исцелена? Како духовни научници, можеме да ја отфрлиме претпоставката дека таа е едно од Божјите посебни деца или дека има посебна врска со Исус, бидејќи Дела 10:34 вели дека Бог нема омилени деца.

Можеме исто така да претпоставиме дека Тој немаше никаков удел во нејзината одлука да биде исцелена тој ден бидејќи не ни знаеше дека таа е таму. Можеме да се согласиме дека Тој беше резервоарот на помазанието, но не и дека беше дел од одлуката *таа* да биде исцелена во тој момент.

Исус точно ни кажува како таа го искористи авторитетот и моќта на Царството. Тој рече: *„Ќерко, твојата вера те спаси. Оди си во мир“*. Оваа реченица ни кажува сѐ што треба да знаеме и дава одговор на нашето прашање зошто и како таа прими исцеление тој ден. Како духовни научници, да почнеме да ја разгледуваме оваа приказна подетално и да видиме дали можеме да откриеме какви било индиции за тоа зошто таа доби исцеление.

Прво, Исус ја нарекува *ќерка*, што значи дека таа беше дел од народот израелски, потомок на Авраам. Како дете на Авраам, таа го поседуваше благословот даден на Авраам и придобивките од заветот што Бог го склучи со Авраам.

> *И му рече: „Ако го послушаш добро гласот на Господ твојот Бог, ако правиш што е угодно пред очите Негови, ако ги слушаш заповедите Негови и ако ги пазиш сите наредби Негови, нема да ти пратам ниедна од болестите, што ги пратив над Египет. Зашто Јас сум Господ, твојот исцелител.“*
>
> —Излез 15:26

Значи, кога Исус ја нарече ќерка, тоа значеше дека таа има законско право на сѐ што беше вклучено во заветот на Авраам што тој го склучи со Бог. Но, овој факт сам по

себе не може да биде единствената причина што таа беше исцелена, бидејќи сите таму тој ден што Го притискаа Исус го имаа истото легално право. Мораше да има нешто друго што предизвика моќта на Царството Божјо да тече. Потоа Исус ни кажува уште една причина зошто таа доби исцеление. Всушност, Исус вели дека тоа е *конкретната* причина што токму таа доби исцелние.

Тој рече дека *нејзината вера* ја спаси односно исцели.

Така, сега ја знаеме причината зошто таа можеше да прими – тоа беше нејзино законско право да прими бидејќи беше ќерка на Авраам, а нејзината вера беше прекинувачот што дозволи таа моќ да тече лично во нејзиното тело токму во тој момент.

Фактот дека таа беше ќерка може да се спореди со електро дистрибуција која го вклучува напојувањето и ги поставува жиците што носат електрична енергија во вашиот дом. Напојувањето е достапно, но тоа не значи дека вашите светла ќе бидат вклучени. Мора да го вклучите прекинувачот пред да се запалат светлата.

Значи, како законски потомок на Авраам, оваа жена имаше законско право да биде исцелена. Меѓутоа, бидејќи таа имаше јурисдикција на земјата и на сопствениот живот, таа мораше лично да го вклучи прекинувачот за да се ослободи таа моќ.

Но, каде е прекинувачот? Како да го вклучиме?

За да дознаеме, треба да ги дефинираме нашите поими.

## Што е вера?

Верата е поим што христијаните го користат здраво за готово, и јас сум убеден дека многумина, ако не и мнозинството, не знаат што всушност е вера, зошто е потребна, како да знаат дали имаат вера и како да добијат вера. Ако верата е прекинувачот што дозволи помазанието да тече и да ја исцели оваа жена, тогаш треба многу внимателно да ја разгледаме верата!

Нашата дефиниција за верата ја наоѓаме во Римјаните 4.

*„Авраам, без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи, според реченото: „Такво ќе биде твоето потомство". И откако не ослабна верата негова, тој не помисли дека телото негово е веќе безживотно, зашто беше речиси стогодишен, и дека утробата Сарина е речиси веќе безживотна; и во ветувањето Божјо не се посомнева со неверие, туку остана со цврста вера и Го прослави Бога, наполно уверен дека Тој е силен да го изврши она што го ветил."*

—Римјаните 4:18-21

Ајде да ја разбереме позадината на оваа приказна. Авраам и Сара не можеле да имаат деца. Не мислам на тоа дека имале проблеми да зачнат и едноставно требало да продолжат да се обидуваат. Мислам на тоа дека тие биле стари скоро 100 години, и за нив приказната за деца била завршена. Нивните тела не можеле да имаат деца; тоа било невозможно! Сепак, Бог му ветил на Авраам дете, иако природно, тоа било сосема невозможно.

Библијата вели дека Авраам бил *целосно убеден* дека Бог има моќ да го направи она што го ветил и покрај природните факти кои наведуваат на поинаков исход. Еве ја нашата дефиниција за верата: да бидеме целосно убедени дека Бог има моќ да го изврши она што го ветил.

Јас тоа вака го кажувам: **„Вашето срце е во согласност со Небото"**. Не само да се има ментална согласност со она што го вели Бог, туку да се биде *целосно убеден*.

**Нашата дефиниција за тоа што е вера:** Кажете го тоа гласно со мене за да бидете сигурни дека ќе го сфатите: Верата е целосно убедување во она што го кажува Бог. Нашите срца и умови се во согласност со небото, *целосно убедени*.

## Зошто е потребна вера?

Зошто Бог не може да ги излечи сите во болница кога

сака? Зошто Тој не може да ги запре војните? Зошто Тој не може да испрати ангели да ни го проповедаат Евангелието? Сигурен сум дека сте ги слушнале сите овие прашања порано. Одговорот е дека Тој едноставно не може.

Не станува збор дека Бог нема *моќ* да го стори тоа. Тој нема *јурисдикција* да го стори тоа.

За да разбереме што велам, треба да погледнеме во Евреите.

> *Туку, напротив – некој посведочил зборувајќи:*
>
> *„Што е човекот да мислиш на него, синот човечки, та да се грижиш за него? Си го направил за кратко малку подолен од ангелите, но со слава и чест си го овенчал и си го поставил над делата од Твоите раце; сѐ си потчинил под нозете негови.“*
>
> *А кога сѐ му потчини, ништо не му остави непотчинето; но сега уште не гледаме дека сѐ му е потчинето.“*
>
> —Евреите 2:6-8

Бог му дал на човекот целосна правна јурисдикција над целото земно царство кога тој бил поставен на Земјата. Немало ништо што не било под негова јурисдикција. Тој владеел со ова Царство со апсолутна јурисдикција и авторитет. Неговата способност да владее со авторитет била поддржана од власта што го поставила овде. Во суштина, тој владеел со делегирана власт на Царството Божјо. Тој ја носел круната на таа власт, која ја претставувала славата Божја, помазанието и положбата на чест или авторитет што ја имал.

Сега, се разбира, тој всушност не носел круна на главата, но имал круна во смисла на она за што го претставува круната. За да добиете добра слика за тоа како изгледало ова, да земеме за пример еден цар на Земјата. Иако тој е само човек и нема вистинска моќ во своето природно битие, тој носи круна, што значи дека не се претставува само себе, туку и целото Царство и власт. Неговите зборови носат авторитет само затоа што тие се поддржани од сета

моќ и природни ресурси на власта и царството што тој го претставува.

Ако земеме за пример и еден сообраќаец кој го насочува сообраќајот, тој може да запре огромен камион со приколка со само неколку зборови: „Застани, во името на законот!“

Да, камионот е многу поголем од човекот, а човекот сам по себе не може да се споредува во големината со камионот. Но, камионот не застанува поради човекот, туку поради значката што ја носи човекот, што ја претставува власт што го поддржува. Во овој случај, власта е многу поголема од човекот што ја носи значката. Камионџијата нема страв од *човекот,* туку има страв од власта која човекот ја претставува, и затоа го запира камионот. Истото важи и овде. Адам владеел над сѐ што било создадено во земното царство. Божјата моќ и владеење, претставени со круната на славата и честа, му дале на човекот уверување дека неговите зборови владеат во име на Божјото Царство.

**НЕБОТО НЕМА ЈУРИСДИКЦИЈА НА ЗЕМЈАТА ОСВЕН АКО СРЦЕТО НА МАЖОТ ИЛИ ЖЕНАТА НЕ Е ЦЕЛОСНО УБЕДЕНО ВО ОНА ШТО ГО КАЖУВА НЕБОТО, ШТО СЕ НАРЕКУВА ВЕРА.**

*„Небесата **се** Господови небеса, а земјата Тој им ја **даде на синовите човечки**.“*

—Псалми 115:16

Овој принцип на човековата јурисдикција над земјата е од витално значење за вашето разбирање на законот на Царството, особено зошто е потребна вера за Бог да добие правна јурисдикција во некоја ситуација.

*„А Исус им рече: „Пророкот никаде не е без почест, освен во својата земја, меѓу роднините и во својот дом.“ **<u>И не можеше тука да изврши никакво чудо</u>**;*

*освен што излекува малку болни, полагајќи ги рацете врз нив. И се чудеше на нивното неверие. Па одеше по околните села и поучуваше.“*

—Марко 6:4-6

Ако ги прашам луѓето на улица дали Исус можеше да направи сѐ што ќе посака, тие веројатно би одговориле позитивно. Ако потоа прашам дали има место во Библијата каде што Исус се обидел, но не можел да прави чуда, што би рекле тие?

Ве уверувам дека ќе ми кажат дека такво место во Библијата не постои, но вие тукушто прочитавте таков текст. Исус не можеше да ги излечи. Како духовен научник, сакам да знам зошто.

Одговорот е едноставен – Тој не можеше, а сега знаете дека тоа беше така затоа што немаа вера, немаа договор со Небото, и затоа Небото немаше правна јурисдикција во нивната ситуација.

Погрижете се да имате јасно разбирање за она што го откривме.

**Небото нема јурисдикција на Земјата освен ако срцето на еден маж или една жена не е целосно убедено во она што го кажува Небото, и тоа се нарекува ВЕРА.**

Како и во нашиот претходен пример, да претпоставиме дека некој што го познававте е болен и дека е добро познат низ целиот свет. Милиони луѓе се молат за таа личност но личноста сепак умира. Дали Словото Божјо не функционира? Не. Тоа е невозможно. Значи, нашиот одговор мора да го најдеме на друго место.

*„Кога се молите, не говорете многу како незнабошците, зашто тие мислат дека за своите многубројни зборови ќе бидат услишени; вие, пак, немојте да бидете како нив, зашто вашиот Отец небесен знае од што имате потреба уште пред да Го помолите.“*

—Матеј 6:7-8

Многу луѓе веруваат дека колку повеќе луѓе се молат, толку се поголеми шансите Бог да слушне и да биде

поттикнат да помогне. Се надевам дека до сега доволно објаснив за да знаете дека ова е целосно неточно. И кога велам дека немаа вера, првенствено, зборувам за оние кои треба да добијат нешто од Бог преку вера. Ќе се согласите дека Исус имаше многу вера во нашата приказна од Марко 6, но сепак не можеше да ги излечи.

Значи, ако јас и ти зборуваме за болниот пријател за кој се молат милиони, ќе ве прашам: „*Што вели тој* (болниот пријател)?"

Можеме да имаме 20 *милијарди* луѓе што ќе се молат за некого, но ако болниот вели дека ќе умре, тој или таа ќе умре.

Повторно, да го разгледаме нашиот пример што штотуку го прочитавме од Марко 6. Знаеме дека Исус имаше вера да исцели, но не можеше да направи ништо за луѓето без нивната вера да биде вклучена.

Многумина ми имаат кажано дека нивната баба или нивниот дедо или некој друг роднина бил болен и дека тие се моделе за нив, но ништо не се случило. Секогаш прашувам: „Што вели бабата? Што вели дедото? Дали тие имаат вера?"

Знаете, вие немате духовна власт над другите луѓе. Можете да им служите, но тие мора да бидат вклучени во тоа. Едно нешто што им велам на луѓето да направат кога се молам за нив е да ја сменат сликата. Зборувам за сликата што ја гледаат за сопствената ситуација во нивните умови. Сакам да ја сменам таа слика од смрт во живот.

> *И му соопштија на Јован учениците негови за сето тоа. Јован, пак, повика двајца свои ученици и ги испрати кај Исус, говорејќи: „Ти ли си Оној што треба да дојде, или друг да чекаме?"*
>
> *И кога дојдоа кај Него, тие Му рекоа: „Јован Крстителот нè прати кај Тебе, велејќи: ‚Ти ли си Оној што треба да дојде, или друг да чекаме?'"*
>
> *Во тој час Тој исцели мнозина од болести, и од рани, и од демони, и на мнозина слепи им подари вид. И им одговори Исус и рече: „Одете и кажете му на Јован*

> *што видовте и што чувте: слепи прогледуваат, куци проодуваат; лепрозни се очистуваат, глуви прослушуваат, мртви воскреснуваат и на бедни им се проповеда Евангелието.“*
>
> —Лука 7:18-22

Забележете дека Исус овде не се повикува на некој стих од Светото Писмо. Можеше да рече: „Вратете се и кажи му го на Јован овој или оној стих“. Но, не, Тој им рече да му кажат на Јован за сите добри работи што се случуваа преку моќта и авторитетот на Царството Божјо.

За да му помогнете на некој пријател или член на семејството, и вие би го сториле истото. Кажете му на вашиот пријател кој е болен приказна за тоа како Исус исцелуваше луѓе. Ако е можно, раскажете им приказна за некој што беше излечен од истата болест што го напаѓа нивното тело. Давајќи им таква слика ќе ги инспирира и ќе им донесе надеж. Надежта секогаш носи слика со себе, а токму таква слика сакате да види вашиот пријател или член на семејството, дека има исцеление за нивната болест.

Штом вашиот пријател или член на семејството ќе види дека е можно да се излечи, тогаш ќе ве праша како е тоа можно. Токму тој момент го чекате и вие – тие сега се отворени да примат инструкции во врска со Божјото Слово и начелата на Царството. Доколку не се ново родени треба прво да ги доведете во Царството, и второ, поминете малку време со нив објаснувајќи им што вели Светото Писмо во врска со здравјето. Ако е можно, оставете им книги на таа тема за да го утврдите она што сте им го кажале. Користејќи го овој пристап имаме видено стотици луѓе како примаат исцеление од секаков вид на болести и ослободување од Бог. Друго нешто што правам пред да се молам за нив, е да ги прашам зошто мислат дека ќе се излечат кога се молиме. Сакам нивната вера да биде закотвена на Светото Писмо, а не само на актот на молитвата.

Сега знаеме што е вера - договор со небото, кога срцето е целосно убедено во она што го вели Бог. Ние, исто така,

сега разбираме дека верата е потребна за да Му се даде на Бог правна јурисдикција на Земјата преку личноста која е во согласност со Небото.

## Како доаѓаме до вера?

*„Затоа, верата доаѓа од слушањето на поракатa, а пораката – од Божјото слово.“*

—Римјаните 10:17

Како доаѓа верата од слушањето на Божјото Слово? Каков е процесот? Дали слушањето на Словото е сè што е потребно за да се развие верата во човечкиот дух?

За да разбереме како доаѓа верата и што зборува Павле во Римјаните 10:17, можеме да погледнеме во Марко поглавје 4. Секогаш велам дека ако ја фрлите својата Библија во воздух, таа треба да падне отворена во Марко 4, тоа поглавје е толку важно!

Исус рече во Марко 4:13 дека ако не разберете што Тој поучува во оваа парабола, нема да можете да разберете *ниту една друга* парабола во Библијата. Тоа значи дека таа парабола е многу важна! Зошто ова поглавје е толку важно? Затоа што ни кажува како Небото се поврзува со Земјата, како добива јурисдикција и каде се случува тоа. Нема ништо поважно за вашиот живот од тоа да знаете за што зборува целото ова поглавје.

Во ова поглавје, Исус ни кажува три параболи во врска со тоа како се создава верата во човечкиот дух, што е, како што знаете сега, услов за Небото легално да дејствува на Земјата. Трите приказни во ова поглавје се параболата за сејачот, параболата за човекот што фрла семе и приказната за семето од синап.

Да почнеме разгледувајќи ја втората приказна што ја раскажува Исус во Марко 4, приказната за човекот што фрла семе.

*Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува ноќе и дење;*

> *а како никнува и како расте семето, тој не знае. Зашто земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зашто дошло времето за жетва.“*
>
> —Марко 4:26-29

Првото нешто што треба да направиме е да ги дефинираме поимите. Што е *семето* за кое зборува Исус, и што е *земјата*? Исус всушност ги дефинира тие два поима во претходната парабола за сејачот во истото поглавје.

Семето е Словото Божјо, а земјата е срцето на човекот или духот на човекот. Така, во оваа парабола, Исус вели дека еден човек го фрла Божјото Слово во своето срце. Тогаш, почвата, или *срцето* на човекот, *сама по себе*, почнува да произведува вера или согласност со Небото. Ова е природен процес и функција на вашиот човечки дух – тој ќе го инкубира она што го ставате таму.

Пред да продолжиме понатаму, важно е да се сетите на нашата дефиниција за верата – *целосна убеденост во срцето во она што го кажува Небото*.

Овде треба да запомниме дека согласност со Небото не е исто што и ментално согласување со Божјото Слово. Библијата вели дека Авраам бил *целосно убеден*. За да ви помогнам да добиете јасна слика за тоа како изгледа и што значи да се биде целосно убеден, да претпоставиме дека ви велам да скокнете од врвот на највисоката зграда во Њујорк. За да ве убедам, ви велам дека ако доволно силно мавтате со рацете, ќе можете безбедно да слетате на земјата. Ќе ми се насмеете во лице, затоа што ЗНАЕТЕ што ќе ви се случи. Вие сте целосно убедени во резултатот. Тоа значи да бидете целосно убедени. *Знаете*, убедени сте, нема друга опција – ќе умрете ако скокнете.

Значи, да земеме друга ситуација и да видиме како ќе постапите со неа. Да претпоставиме дека имате многу видлива, голема грутка во вашето тело, а докторот вели дека ви останува само уште еден месец живот. Имате рак. Всушност, докторот вели дека вашата форма на рак е

толку ретка што никој со иста дијагноза не преживеал.

Сега, да претпоставиме дека знаете што пишува во 1 Петар 2:24.

> *Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: „Преку Неговата рана се исцеливте.“*
>
> —1 Петар 2:24

Светото Писмо ни го кажува одговорот, но јас и вие имаме сериозен проблем: Пораснавме во царството на темнината, а перверзијата и смртта се насекаде околу нас. Ние пораснавме во царството на стравот и бевме целосно убедени во она што го кажува стравот. Значи, во горенаведената илустрација, ние сме научени дека ракот може да убие. Имаме докази во секое медиумско емитување дека тоа е вистина. Па, како ќе ја промениме нашата согласност? Како можеме целосно да се увериме во она што го вели Бог? Па, во реалноста, не го можеме тоа сами. Но, Словото Божјо е живо и полно со сила, и со тоа што ќе го всади во вашиот дух, само по себе, вашиот дух и Словото почнуваат да создаваат согласност со она што го кажува Небото.

> *Па рече: „Царството Божјо прилега на човек што фрлил семе в земја, па спие, и станува ноќе и дење; а како никнува и како расте семето, тој не знае.* ***Зашто земјата сама од себе донесува плод****, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот. А кога ќе узрее плодот, веднаш испраќа срп, зашто дошло времето за жетва.“*
>
> —Марко 4:26-29

Само од себе, почвата, (вашето срце) произведува согласност. Забележете дека не можете да се молите за вера; тоа е функција на вашето срце и на Словото. Гледајќи го овој текст, можеме да видиме дека согласноста или договорот меѓу нашите срца и Небото е процес. Тоа не се случува веднаш. Оваа илустрација ни кажува дека,

на почетокот, кога нашите срца го примаат Словото, верата почнува да расте исто како што расте никулецот или гранчето од ново засадено семе. Потоа продолжува да расте во стебленце, а потоа формира глава. Главата е местото каде што почнува да се формира семето, односно плодот. Во оваа фаза од животот на растението, сѐ уште немате што да јадете. Растението сѐ уште го нема произведено својот зрел, стасан плод, но расте.

Така е и со Словото Божјо. Сѐ уште нема видливи промени во видливата сфера кога верата расте. Сѐ уште нема согласност, но бидете сигурни дека растението *расте*, *верата* се создава и се случува *согласност*. Исус продолжува да објаснува дека кога семето во главата од растението е целосно зрело, или стасано, жетвата е веќе тука, согласноста е тука, а сега и верата е тука.

Кога ќе засадите семе во земја, преку процесот на ’ртење растението почнува да расте, но плод сѐ уште нема. Растението продолжува да расте сѐ додека е во вистинската средина. Како што созрева, го исфрла својот плод.

Да речеме дека одгледувате пченка. Растението исфрла ново семе, но на почетокот тоа е само мало зрно без зрела пченка што можете да ја јадете. Но, по некое време, новата пченка станува зрела и стасана. Не го пропуштајте ова! Во моментот кога зрното пченка на растението се совпаѓа со зрното пченка што е посеано во земјата, постои согласност.

**Кога семето што е во цветот на растението ќе созрее, тоа ќе изгледа идентично – <u>ИДЕНТИЧНО</u> – како семето што е посеано.**

Засадете растение пченка, а зрелото семе во цветот ќе одговара на семето што сте го засадиле. Тие се исти. Тие изгледаат исто и имаат ист вкус, така што нема да можете да ги разликувате.

Па дозволете ми да го парафразирам она што Исус го кажува. Кога го слушаме Божјото Слово (Римјаните 10:17), ние всушност го расфрламе Божјото Слово во нашиот духовен човек, во нашите срца. Ако го чуваме тоа Слово во нашите срца, тоа ќе расте и созрева; и кога ќе

биде зрело, нашите срца ќе бидат целосно убедени во она што го кажува Небото. Небото и Земјата се согласуваат, а Небото сега има правна јурисдикција во земното царство преку личноста која е целосно убедена. Нашите мисли и верувања точно одговараат на она што го кажува Небото со целосна доверба. Ова не е прашање на умот. Таквата вера и уверување е исто толку сигурна како што веруваме дека каменот ќе падне на земја ако го фрлиме. Небото го сее Небесното Слово на Земјата и тоа ќе донесе согласност и ќе ја манифестира Божјата волја. Ако Небото вели дека сте исцелени, тогаш кога тоа Слово ќе созрее во вашето срце, ќе го гледате само она што го вели Небото. Нема повеќе страв. Кога ќе ги затворите очите, ќе видите дека сте исцелени! Ова е причината зошто Евреите 11:1 вели:

> *„А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – <u>убеденост во она што не се гледа</u>.“*

Можеби сè уште не го гледате во природниот свет, но го гледате во вашиот дух; и тоа е исто толку реално како да го држите во рака. Таквата согласност се вика вера и таа вера ќе направи таа слика да се манифестира овде на Земјата, во вашиот живот!

Но, тука не запира Марко, четврто поглавје. Откако ни кажува како нашите срца се согласуваат со Небото и верата е таму, ни дава инструкции како да го собереме тој плод.

> *„А кога ќе узрее плодот, <u>веднаш испраќа срп</u>, зашто дошло времето за жетва.“*
>
> — Марко 4:29

Забележете дека иако срцето е во согласност со Небото и има вера, сè уште ништо не се случува. Зошто? Како што велам цело време, вие ја имате правната јурисдикција овде на Земјата.

Дали се сеќавате на нашата дискусија за Лука 8 во врска со жената со крвотечение? Запомните, Исус вели: „Ќерко, *твојата* вера те спаси“. Тогаш ви кажав дека

кога Исус го употреби зборот „ќерка“, заклучува дека таа има законска положба пред Небото. Таа беше ќерка на Авраам. Таа имаше законски права. Го споредив тоа со приклучување на вашиот дом со централата трафостаница на електродистрибуција. Моќта е тука и достапна, но сепак треба лично да ги вклучите светлата. На ист начин, откако ќе се воспостави верата, моќта е достапна, но ништо не се случува додека не го вклучите прекинувачот.

ВИЕ треба да ја ослободите моќта на Божјото Царство овде на Земјата, бидејќи само вие, маж или жена на Земјата, можете легално да го направите тоа. По истиот принцип го примивте и спасението, како што пишува во Римјаните 10:10.

> *„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение.“*
>
> —Римјаните 10:10

Со срце човекот верува во Словото и се оправдува. Оправда е правен термин што значи администрација на правото. Значи, кога срцето на еден маж или жена е во согласност со Небото – кога тие веруваат во она што го кажува Небото – тие се оправдани пред Небото и Земјата. Сега Небото има легално право да тече *во* нивните животи и *преку* нивните животи да влијае на Земјата во име на Божјото Царство. Но, чудно, иако сега легалниот аспект е исполнет и тие имаат вера, сепак ништо не се случува. „Но, Гери, мислев дека рече дека ако имам вера, тоа му дава на Небото правна јурисдикција овде на земјата“. Точно, но некој мора да го ослободи небесниот авторитет овде штом постои верата. Да го погледнеме нашиот стих уште еднаш.

> *„Бидејќи со срцето се верува за оправдание, **<u>а со устата се исповеда за спасение</u>**.“*
>
> —Римјаните 10:10

Кога имате вера или сте оправдани, Небото има

легално право да дејствува на Земјата. Но забележете дека пишува дека со *вашата уста* признавате и се спасувате. Дали ги гледате двата дела? Делот на Небото е да го внесе Словото во вашето срце каде што ја инкубира согласноста овде на Земјата. Тогаш, штом има согласност, или вера, вие мора да дејствувате според тој договор и да го ослободите Небесниот авторитет во вашата ситуација за навистина да го примите она што го кажува Небото.

**КОГА ИМАТЕ ВЕРА ИЛИ СТЕ ОПРАВДАНИ, НЕБОТО ИМА ЛЕГАЛНО ПРАВО ДА ДЕЈСТВУВА НА ЗЕМЈАТА.**

Во нашиот стих од Марко 4, пишува дека кога ќе дојде жетвата, човекот (на Земјата) го става српот. Човекот постапува во вера согласно Словото Божјо и така ја прима жетвата.

Дозволете ми за миг да се навратам на српот наведен во Марко 4. Верувам дека поголемиот дел од црковниот свет не бил научен како да го користи српот, што значи дека не биле научени како да го соберат она што им треба. И јас не го знаев ова додека Господ не почна да ме учи како функционира Царството. Моето прво откритие за овој витален процес во Царството се случи пред повеќе години кога бев поканет да зборувам на служба во среда навечер во Атланта.

Црквата не беше многу голема, но немав проблем со тоа. Едноставно сакам да ги поучувам луѓето за Царството. Кога стигнав таму, ми беше чудно што вратите на црквата беа заклучени и немаше никој да ме пречека. Пристигнав само десет минути пред да започне службата.

Слушнав гласна бучава од камионет зад мене, и видов стар пикап како влегува зад алејата на црквата. Не мислев ништо за тоа. На крајот на краиштата, бев во центарот на Атланта.

Додека чекав, еден човек дојде од зад зградата и се претстави како пастор. Се извини што доцни, но неговиот стар камионет не можел да стартува. Тој ми рече дека морал да го стартува возилото со буткање по ридот

бидејќи ламелата била нефункционална. Тој потоа ми кажа дека понекогаш возилото воопшто не стартувало така што бил принуден да пешачи 8 километри до црквата.

Морам да признаам дека малку ме изненади овој муабет. Тој исто така ми објасни дека неговата служба е примарно мисиска служба и дека секој месец хранат илјадници луѓе, често делејќи и преку 10.000 оброци месечно од таа локација.

Додека пасторот зборуваше, се вознемирив. Пред мене стоеше Божји човек кој храни 10.000 луѓе месечно, а нема ни пристоен автомобил? Можев да се погрижам за тоа. Имав прилично нов автомобил со 30.000 поминати километри што можам да му го дадам.

Му кажав за мојот план и дека ќе испратам некој од мојот персонал со возење да го донесе автомобилот во Атланта. Се разбира, тој беше воодушевен. Таа вечер ја поминав учејќи го него и неговата мала црква за Царството Божјо и како тоа функционира во однос на парите. Знаев дека е исклучително важно тие да почнат да го демонстрираат Царството на оние на кои тоа очајно им треба.

Кога отидов дома, договорив автомобилот да стигне во Атланта. Кога мојот асистент дојде да го земе автомобилот, знаев дека правам духовна трансакција на Небото. Знаев дека како што го пуштив тој автомобил во Божјото Царство, можев да Му верувам на Бог за возило што ќе ми треба и мене.

Јас не сум голем љубител на автомобили, што значи дека навистина не сум многу по автомобилите. Некои луѓе се, но јас не сум. Така, ја положив раката на тој автомобил кога мојот асистент дојде да го земе, и во основа реков: „Татко, го пуштам овој автомобил на оваа задача во Атланта. Како што го пуштам, го сеам како семе и верувам дека добивам..." Не можев да се сетам на автомобил што го сакам, па реков: „Подоцна ќе Ти кажам каков автомобил сакам!"

Па, во следните неколку месеци, навистина не размислував многу за автомобили, но едно утро ја прашав Дренда каков автомобил би сакала да има.

Откако размисли малку, рече дека би било убаво да има кабриолет. Ја прашав каков вид на кабриолет сака, и ниту еден од нас не можеше да се сети на некој специфичен модел. Бидејќи го купував автомобилот за Дренда, сакав да бидам сигурен дека таа ќе добие автомобил што ѝ се допаѓа, па ѝ реков да провери на интернет или да погледне наоколу и да ме извести кога ќе го најде кабриолетот што сака да го има. Во меѓувреме, никому не кажавме за нашата желба за нов автомобил, но ги државме очите отворени додека се возевме наоколу барајќи автомобил што може да ни го привлече вниманието.

Еден ден се паркиравме на паркингот пред еден локален ресторан за ручек и, одеднаш, Дренда извика: „Еве го!"

„За што зборуваш?", прашав.

„Автомобилот што ми се допаѓа". Таа покажа со прст кон другата страна на паркингот. Се упатив кон тој дел на паркингот, и застанав позади автомобилот – BMW 6 серија Ci кабриолет, многу убав автомобил. Може ли да додадам и скап автомобил. Ја пофалив за нејзиниот вкус и ѝ реков дека тоа е убав автомобил.

Сега, треба да знаете дека јас и Дренда не трошиме многу финансии за автомобили. Како што реков, никогаш не сум бил по автомобилите. Бидејќи работам во сферата на финансии, знам и колку брзо тие се амортизираат и дека секогаш е најдобро да се купи автомобил стар една до две години. Така, тоа беше мојот план, да барам одличен поволен автомобил.

Една недела подоцна, ми се јави еден дечко од црквата и ми рече: „Го најдов автомобилот на Дренда!" Бев збунет бидејќи никому не му кажавме за BMW-то што го видовме тој ден на ручек.

Го прашав за каков автомобил зборува, а тој ми рече кабриолет од серијата 6 на BMW. Тој ми кажа дека додека се возел, го видел автомобилот и Господ му рекол дека тоа е автомобилот на Дренда.

„Добро, сега го имаш моето внимание", му реков. Автомобилот бил стар само една година и во одлична состојба. На крајот го купивме во кеш. Дренда го доби

својот автомобил. Како се случи тоа? Ајде да ја спoредиме приказната со она што го научивме за тоа да имаме вера и да го користиме српот.

Кога го дадов мојот автомобил, го сторив тоа во вера. Но, кога Дренда гласно рече: „Тоа е тоа!", таа го стави српот, а неколку дена подоцна се појави автомобилот.

Иако ја слушнав како гласно вели: „Тоа е тоа!" Никогаш не ја поврзав нејзината изјава со Марко 4 и српот. Но, оваа следна приказна ми ги отвори очите јасно да го видам тоа.

Спомнав неколку пати дека поседувам 60 хектари земја. Околу 10 хектари од тоа земјиште е мочуриште. Сакам да ловам наесен, но иако ловев патки уште во средно училиште, навистина не ловев патки овде во Охајо. Меѓутоа, една година мочуриштето беше полно со вода, а патките продолжија да доаѓаат во него во големи јата. Доаѓаа по стотици на ден за да пренокат таму. Така, една вечер ја земав пушката и излегов и се забавував пукајќи неколку патки за вечера. Таа есен, јас и моите синови уживавме во добар лов на патки.

Едно нешто што забележав, сепак, беше дека многу пати патките беа на мојот максимален дострел. Кога ловите патки, законски, дозволено е да користите само воздушна пушка за разлика од традиционалните пушки за лов. Оловните зрна се потешки и ја задржуваат својата енергија многу подалеку од воздушните пушки, а така настануваат и предизвиците со далечните истрели при ловот на патки. Но, таа есен, додека разговарав со неколку колеги ловци на патки, тие ми кажаа за некои нови пушки кои се дизајнирани само за лов на патки. Со нив се пука потешки стрелачки зрна, а исто така беа добро камуфлирани. Бев многу заинтересиран за купување, но беше декември и сезоната на патки беше при крај, па не размислував многу повеќе за тоа.

Случајно еден ден застанав кај Кабела, нашата локална продавница за спортска опрема, на почетокот на јануари, и се сетив на тие пушки за патки. Сакав да ги видам. Така, на заминување поминав покрај делот за оружје и видов комплетен дел од нови пушки наменети само

за лов на водни птици. Се сеќавам, без да размислувам за тоа, покажав со прст кон пушката што мислев дека изгледа најдобро и гласно кажав. „Господи, таа ја сакам“. Не размислував за тоа како што кажав; само ми излезе од уста. Сезоната на патки беше затворена до следната есен, така што не планирав да ја купам пушката додека сезоната не се приближи малку.

Две недели подоцна, бев поканет да зборувам на една деловна конференција. Кога завршив, извршниот директор излезе да ми се заблагодари и рече дека имаат подарок за мене. Неверојатно, тој ја извади истата пушка – *истиот модел* – што го покажав две недели претходно кај Кабела. Се разбира, бев тотално изненаден од таквиот дарежлив подарок, но исто така знаев дека тоа не е случајност. Се сетив што кажав кај Кабела и сфатив што направив. Го ставив српот!

Разбирањето на она што штотуку го прочитавте во ова поглавје е, како што реков претходно, од *витално* значење за да можете да примите сè што Бог има за вас. Сè што било кога ќе добиете од Бога мора да помине низ истиот процес, затоа погрижете се да го разберете она што штотуку го прочитавте. Препрочитајте го ако треба! Тоа е толку важно!

ОСМО ПОГЛАВЈЕ

# ВИ ТРЕБА ТОРБА: ВТОР ДЕЛ

Моравме да одиме по тој долг заобиколен пат затоа што знам дека е од суштинско значење за вас да сфатите што е всушност Царството. Повторно, повеќето христијани немаат разбирање за правната работа на Царството на Земјата и немаат разбирање за правната положба што тие лично ја поседуваат во Царството. Сега знаете зошто морав да ве поведам по тој заобиколен пат во темите за верата и јурисдикцијата. Затоа што без тоа основно разбирање, немаше да имате поим за што зборува нашиот стих во Лука кога вели прво да го барате Царството и потоа сѐ друго ќе ви се додаде.

Сега кога знаете што значи тоа, да се вратиме на нашиот текст.

> *„Па затоа и вие, не барајте што ќе јадете или што ќе пиете; и не се загрижувајте! Сето тоа го бараат незнабошците од овој свет; а вашиот Отец знае дека тоа ви е потребно. <u>Но барајте го царството Божјо, и сето тоа ќе ви биде придодадено</u>!*
>
> *Не плаши се, мало стадо! Зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде Царството. Продајте си ги имотите ваши и давајте милостина! <u>Подгответе си торби</u> што нема да изветват, ризница на Небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде; зашто,*

*каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше.“*

—Лука 12:29-34

Повторно, Таткото веќе знае што ви треба, и сè што ви треба е веќе обезбедено од Таткото и веќе е ваше, но треба да го знаете и разберете правниот процес на примање од Небото за да уживате во сето она што Тој го има.

Стих 32 го изложува неверојатното наследство што е ваше како син или ќерка на Царот. Тој вели: ***„Волјата на вашиот Татко е да ви го даде Царството“***.

*„Самиот Дух му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји. А ако сме, пак, чеда, ние сме и наследници: наследници на Бога и сонаследници Христови, но само ако со Него страдаме, та со Него и да се прославиме.“*

—Римјаните 8:16-17

Павле вели дека сме сонаследници со Христос. Како син или ќерка, имате наследство, Царството.

Застанете и размислете за тоа за момент. Веќе законски имате право на сè што има во Царството. Не треба да молите. Веќе е ваше.

О, колку се надевам дека навистина ќе ја сфатите таа изјава. Ова е причината зошто 2 Коринтјаните 1:20 го вели следново:

*„Бидејќи сите ветувања Божји во Него се „Да“, и во Него „Амин“, за слава Божја преку нас.“*

—2 Коринтјаните 1:20

Ова е причината зошто во мојата последна книга, *Вашата Финансиска Револуција: Моќта на снабдувањето,* ви кажав дека Господовата молитва е во форма на законско барање или просба. Не е прашање кога вели: *„Лебот наш насушен дај ни го денес“*. Ова не е прашање; ова е барање.

Исто како што моите деца не мора да ме молат да им дадам појадок (тие се однесуваат како да го поседуваат

кога ми велат: „Ej, тато, подај ми го омлетот“), така е и со Царството – веќе имате законско право на сѐ преку Исус Христос.

Освен што имате правен пристап до она што го поседува Царството, вие сте и државјани на Царството, што подразбира многу повеќе бенефиции, исто како што вашето државјанство во Соединетите Држави има придобивки што инаку не би можеле да ги искористите.

> *„И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство.“*
>
> —Ефесјаните 2:19

Конечно, ајде да разговараме за торбата! Исус рече дека ви треба торба, се сеќавате?

> *„Продајте си ги имотите ваши и давајте милостина! <u>Подгответе си торби</u> што нема да изветват, ризница на Небото, каде крадец не се приближува и кое молец не го јаде; зашто, каде што е вашата ризница, таму ќе биде и срцето ваше.“*
>
> —Лука 12:33-34

Обезбедете си торби, богатство на Небото кое никогаш нема да пропадне и каде никој не може да ви го земе. Ајде да разјасниме една работа веднаш: Исус не вели дека мора да продадете сѐ што поседувате и да останете без скршена пара додека не отидете во рајот. Запомнете, истиот тој Павле го напиша второто послание до Коринтјаните 9 глава, каде што вели дека ќе се збогатиме на секој начин за да можеме да бидеме дарежливи во секоја прилика. Значи, знајте дека Павле не имплицира дека парите или материјални работи се грев и не се во ред. Исус вели дека ако парите и материјалните нешта *ве поседуваат вас* тогаш е подобро да ги продадете и да го пренасочите вашето срце кон богатството кое не можете да го изгубите и кое е вечно.

Пораснавме правејќи од парите идол. Парите помагаат

да го обезбедиме она што ни треба во животот; сепак, како што многумина искусија, парите се мизерен бог. Затоа Павле му вели на Тимотеј да ги предупреди луѓето кои се богати да даваат и да бидат дарежливи за да останат духовно здрави. На срцето му е лесно да ги гледа парите како идол. Да се биде дарежлив е противотров за алчноста. Практикувајте дарежливост често.

> *„Заповедај им на богатите од овој свет да не се гордеат, ниту да се надеваат во непостојаното богатство, туку на живиот Бог, Кој ни дава за наслада сè во изобилие; нека прават добро, нека се збогатуваат со добри дела, да бидат штедри и сочувствителни. И на таков начин да си собираат сокровиште – добра основа за иднината, за да постигнат живот вечен.“*
>
> —1 Тимотеј 6:17-19

Забележете дека Павле му вели на Тимотеј да им *заповеда*, а не да им *предложи* на богатите да бидат дарежливи и да делат. Запаметете, парите се потребни, но не се животот.

## Каде е вашето богатство?

Давањето не само што го омекнува вашето срце кон Бога и луѓето, туку и го ослабува стисокот на парите врз вашето срце. Срцето е склоно да завидува и да се поклонува на сè што ќе ставите пред него, така што не можеме да дозволиме нашите срца да талкаат бесцелно. Мора да ги обучуваме нашите срца да гледаат на Бог како наш извор. Давањето се спротивставува на алчноста која толку лесно ни го влече срцето.

Па зошто воопшто мора да даваме? Зошто Бог не може да ни помогне финансиски без да даваме? Тоа е добро прашање, а одговорот го наоѓаме во Лука 4.

Прво, Бог нема пари, како што кажав претходно. Второ, Тој му дал на Адам целосна власт над земјата, како што е наведено во Евреите 2:7-8.

*Потоа ѓаволот Го одведе на една висока планина и му ги покажа за миг сите царства во светот. И Му рече ѓаволот: „Тебе ќе Ти ја дадам сета <u>оваа власт и нивната слава</u>, зашто мене ми е предадена, и ја давам кому што сакам. Ако ми се поклониш, сето тоа ќе биде Твое.“*

*Но Исус му одговори и рече: „(Бегај од Мене, сатано, зашто) напишано е: ‚На Господ, твојот Бог, поклонувај Му се и единствено Нему служи Му!‘“*

—Лука 4:5-8

Овој дел од Светото Писмо се случува кога сатаната Го искушува Исус во пустината. Сатаната Му кажува на Исус дека му е дадена целата власт и сјајот на народите во светот. И, да, ова е вистина. Адам ја имал таа позиција, но му ја предал на сатаната кога извршил предавство против Царството Божјо.

Раскошот на еден народ е неговото богатство, а способноста да владее над богатството на народите сега беше во рацете на сатаната. Не се збунувајте – текстот не вели дека сатаната стекнал *авторитет* над раскошот на самата Земја. Бог ја поседува земјата и нејзината полнота. Но, текстот навистина вели дека сатаната има *законско* право над богатството на народите.

Ако погледнете една банкнота или паричка тие секогаш се искoвани или испечатени од држава која има целосна власт над сопствената валута. Поради она што го направил Адам, Бог не може легално да поднесе барање за валутата на една држава или да ја фалсификува. Меѓутоа, ако Бог може да најде некој на Земјата кој Му верува и е подготвен да посее пари во Неговата јурисдикција и авторитет, тогаш Бог добива правен пристап и може да влезе во таа ситуација.

Меѓутоа, повторно, Бог нема пари, па што сакам да кажам кога велам дека може да се вклучи во нашите финансии? Иако Бог не може да направи парите едноставно да се појават како магија (тоа би било незаконско поради легалните права на сатаната), Тој може да ви помогне да заробите или создадете богатство.

**НАШЕТО ДАВАЊЕ НА БОГА ЈА ОТВОРА ВРАТАТА ЗА РЕЦИПРОЦИТЕТ, МНОГУ ВАЖЕН ЗАКОН ВО ЦАРСТВОТО. ШТО ЌЕ ПОСЕЕМЕ, ЖНЕЕМЕ.**

Исто како и приказните што ги наведов претходно во оваа книга, дарежливоста му дава легална јурисдикција на Небото да пренесе инструкции и насоки на некој во областа на финансиите. Се сеќавате на приказната за рибите во Лука, поглавје 5? Подготвеноста на Петар да Му го позајми на Исус чамецот за бизнис за да проповеда, ја отвори легалната врата за Светиот Дух да ги посочи рибите што беа достапни во длабоката вода.

Нашето давање на Бога ја отвора вратата за реципроцитет, многу важен закон во Царството. Што ќе посееме, жнееме.

Така, накратко, ние си обезбедуваме торби со тоа што даваме на Царството и за Божјото дело. Нашата дарежливост ни дава пристап до небесните богатства, па затоа Павле „давањето" го нарекува наша торба. Ова менува сè во нашите животи. Ние веќе не сме ограничени од сопственото разбирање. Бог, сега ни помага да напредуваме.

*„Па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога."*
—2 Коринтјаните 9:11

Забележете дека Библијата вели дека ќе *бидете* збогатени, а не дека мора *да се трудите да станете* богати со сопствената сила и мудрост. Не, вие имате нов партнер – Светиот Дух – и Тој знае многу повеќе од вас.

Се сеќавам кога немавме пари во тие девет години исполнети со стрес. Парите, или да кажам стравот да немам доволно пари, цврсто го притискаше моето срце. Иако бев христијанин, мојата вера во Бог не беше развиена доволно за моето срце да се сврти од

проколнатиот и паднат земен систем. Имав доверба во погрешно богатство! Во тој момент, мојата доверба беше во *мене*, а тоа сигурно беше лош избор.

Бог мораше да ме научи како да си обезбедам торба за да пристапам до Неговата благодат и способност. И иако мислам дека сите што ме познаваат знаат како Бог го направи тоа, сакам сега уште еднаш да ја пренесам приказната во случај да не знаете како Бог го направи тоа. Знаете, Бог дејствува стратешки; Тој точно знае како да допре до секој од нас.

Сакам да ловам елени, но со години не можев да уловам ништо. Излегував на лов, седев на студ, и ден по ден без среќа. Не само што сакав да ловам; имав деца за хранење и месото од ловот сигурно добро ќе ни дојдеше. Иако имав одреден успех во минатото, поминаа години откако имав успешна сезона на лов и обезбедено месо за семејството.

Еден ден, додека размислував за претстојната сезона на лов на елени, го слушнав Господовиот глас. Тој рече: „Зошто не Ми дозволуваш да ти покажам како да го уловиш својот елен оваа година?“

Тоа ме запрепасти. *„Да ми покажеш како да го уловам мојот елен оваа година?“* Што значи тоа? Молејќи се за тие зборови, чувствував поттик да посеам финансиско семе, или дар, со специфична цел да уловам елен. Почувствував дека Господ ми вели дека, кога сеам за мојот елен, треба да верувам дека веќе го имам добиено, уште пред да го уловам, според Марко 11:24.

> *„Затоа ви велам: сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете – и ќе ви биде.“*
>
> —Марко 11:24

Иако како христијанин, отсекогаш давав и ја поддржував мојата локална црква, ваквото сеење, со насочена намера и вера дека примам кога се молам, беше ново.

Зедов чек и во делот за белешки напишав: „За мојот елен од 1987 година“. Ги положив рацете на чекот и исповедав дека го добив еленот додека го испраќав по

пошта до службата во која имав доверба.

Живеејќи во областа на градот Тулса, Оклахома, во тоа време, навистина немав каде да ловам, но еден мој пријател од црква ме покани да дојдам во домот на неговата баба на село за Денот на благодарноста, и тој рече дека околу земјиштето има елени. Така, моето семејство се упати кон селото утрото на Денот на благодарноста за да уживаме во убав ден на храна и заедништво со нашите пријатели, и да го уловам мојот елен.

Мојот пријател навистина не знаеше каде да ме упати да ловам, но имаше едно пасиште кое беше оградено со шуми и ми предложи да излезам на пасиштето и да се поставам до едно големо дрво што беше таму.

Сега, сакам да ја замислите оваа слика. Се поставив покрај дрвото што се наоѓаше во средината на една косена нива за сено. Гледајќи од оваа гледна точка, јас само седев таму на отворено поле до едно дрво. Како што сонцето осамнуваше, си помислив, *Ова нема да успее бидејќи само седам на отворено. Треба да најдам подобра позиција.*

Додека размислував да станам и да се упатам кон шумата, не бев свесен што се случува зад мене од другата страна на дрвото, без да знам, еден елен трчаше низ полето зад мене. Дрвото беше меѓу мене и еленот, па тој не ме виде мене , ниту, пак, јас можев да го забележам него. Еленот истрча до дрвото, го забележа мојот мирис и наеднаш застана обидувајќи се да сфати што се случува.

Додека еленот стоеше и гледаше околу дрвото, воспоставивме контакт со очите. Еленот беше оддалечен само пет метри! Еленот веднаш почна да трча со голема брзина. Со силен шмрк полета од местото.

Сега, морам да признаам дека не сум најдобар стрелец. Белоопашестиот елен кој со полна брзина трчаше што подалеку од мене, не беше лесна мета. Второ, таквата неприродна позиција земајќи ги в предвид сите услови значеше дека ќе биде многу тешко да стрелам прецизно. Но, кога го повлеков чкрапалото, еленот падна и не мрдна. Бев шокиран! Кога го слушна звукот на пушката, мојот пријател излезе и ми честиташе за мојот елен, бидејќи виде дека лежи таму. Не му кажав на мојот пријател за она

што ми го кажа Господ, но го погледнав и му реков, „Овој елен сигурно не е тука затоа што јас сум добар ловџија".

Од мојата торба го извадив листот хартија што го напишав на денот кога го испратив чекот. Едноставно пишуваше: „Верувам дека ќе го уловам мојот елен од 1987 година, во името на Исус". И таму го имав напишано датумот и времето кога се молев. Го држев листот за мојот пријател да го види и потоа почнав да му кажувам што ми кажа Господ да направам.

Овој настан ми го привлече вниманието. Без никаков сомнеж знаев дека тој елен беше од Бог. Се разбира, кога ќе видите такво нешто, вашиот ум се обидува да сугерира дека сето тоа е обична случајност. Но, во последните 34 години, го добивав мојот елен користејќи го истиот метод како и за тој елен од 1987 година, без исклучок, обично за нешто помалку од еден час лов.

Бог го користеше истиот метод за да стигне до Петар, Јаков и Јован тој ден на Генисаретското езеро. Библијата вели дека тие беа зачудени од она што го гледаат.

*„Зашто него, и сите што беа со него, ги беше обзел страв од многуте риби, што ги уловија, а исто така и Јаков и Јован, синовите Заведееви, кои му беа другари на Симон.*

*И му рече Исус на Симон: „Не плаши се! Отсега ќе ловиш луѓе!" Кога ги извлекоа двата кораба на суво, оставија сѐ и тргнаа по Него."*

—Лука 5:9-11

Тие беа толку вчудовидени што оставија сѐ и тргнаа по Исуса. Тие видоа подобар начин на извршување на работите, многу подобар начин.

Како што Бог ми го покажуваше Царството и како да ја обезбедам торбата (пристапната точка до моето богатство на Небото) што ми требаше, моето срце сѐ повеќе напредуваше во довербата во моите Небесни ресурси наместо во она што го имав во рака.

Бог ме научи дека можам да сеам за сѐ што ми треба, и Тој или ќе ми даде план да ги заработам парите или план

едноставно да ги зграпчам.

Немам простор овде да ги споделам сите неверојатни работи што ги имам видено како резултат на Царството, но можам да кажам дека Дренда и јас имаме искусено неколку прилично неверојатни финансиски сведоштва. Од тотална сиромаштија до финансиска слобода и способност да ја поддржуваме службата со милиони низ годините е неверојатна работа. Сеењето со вера за одредена жетва беше една од првите работи што Бог ме научи кога почнав да учам за Царството. Иако немам време во оваа книга да опфатам сè, во другите мои книги, ќе најдете приказни за тоа колку е специфично Царството и колку специфично треба да биде вашето семе. *Мојата книга Вашата Финансиска Револуција: Моќта на снабдувањето* ги опфаќа чекорите за ослободување на вашата вера и како конкретно да го посеете вашето семе повеќе од оваа книга. Ве охрабрувам да набавите копија и да дознаете повеќе за оваа тема.

Оваа книга опфаќа некои клучни начела на Царството за дарежливоста и давањето на кои Бог ме научи. Се надевам дека ќе ве охрабрат и ќе ве инспирираат да сакате да научите повеќе и да примите сè што Бог има за вас.

ДЕВЕТО ПОГЛАВЈЕ

# ЗАКОНОТ НА МЕРКАТА

Пред неколку месеци, Дренда и јас посеавме 15.000 долари во една друга служба. Токму кога сакав да ја ослободам мојата вера, Светиот Дух ме потсети на 2 Коринтјаните 9:10-11, и не можев да престанам да размислувам за тој стих неколку дена потоа.

> *„А Оној Кој му дава на сејачот семе и леб за храна, Тој ќе го умножи и семето ваше, и ќе ви даде да изобилуваат плодовите на вашата правда, па во сè да се збогатите за секаква дарежливост, која преку нас предизвикува благодарност кон Бога.“*
>
> —2 Коринтјаните 9:10-11

Медитирав за делот каде што вели дека Бог му дава семе на сејачот и леб за храна, а делот каде што вели „леб за храна“ ми отскокна. Сфатив дека толку многу луѓе се соочуваат со страв кога сакаат да дадат затоа што не ја разбираат таа фраза. Повеќето луѓе мислат дека кога даваат, се откажуваат од нешто, дека тоа ќе ги *чини*. Но, она на што Бог ме потсети беше дека Тој не само што го обезбедува семето за сеење, туку го обезбедува и лебот за јадење, или она што му треба на човекот лично. Се разбира, јас веќе го знаев тоа, но чувствував дека Тој сака да се увери дека јас таа порака ја пренесувам на луѓето –

дека ни ги дава и двете, а ние не треба да се плашиме да даваме.

Една ноќ, неколку недели откако ги посеавме тие 15.000 долари, пред да ги изгаснам светлата и да одам во кревет, одеднаш, ми падна на ум да ги проверам акциите што ги купив за да ја видам нивната вредност на пазарот. Кога ја проверив мојата сметка, видов дека тие навистина пораснале малку.

Сакав да го спуштам телефонот кога погледот ми беше привлечен од една акција што не ја поседував. Ја имав видено и претходно, и размислив за можноста да ја купам. Кога ја истражував историјата, видов дека вредноста останала статична во последните 12 месеци, па одлучив да не вложам пари во неа.

Но, поради некоја причина, таа ноќ, акцијата ми отскокна. Чудно, имав чувство дека треба да вложам, што беше целосно невообичаено за мене. Така, купив акции во вредност од 1.500 долари и го спуштив телефонот.

Со Дренда разговаравме и ѝ кажав дека купив акции. Потоа, го земав телефонот да ѝ покажам. Кога погледнав, бев шокиран. За само еден час вредноста пораснала над 10 проценти! Останавме будни и разговаравме гледајќи како бројките полека се зголемуваат.

Во текот на следните три часа, вредноста порасна на повеќе од 17.000 долари, и тогаш се стабилизираа. Ѝ реков на Дренда: „Тоа се нашите 15.000 долари!"

Брзо ги продадов акциите и ја зачував заработката. Акциите се вратија назад на првичната вредност следното утро и откако се случи тој настан не го достигаа тоа ниво на раст. Не сум видел почудна работа во животот. Знам дека Светиот Дух ми ја покажа таа акција, и ѝ реков на Дренда дека Бог го враќа нашето семе. Бог му дава на сејачот семе и леб за храна! Знаете, не ми е грижа како Бог го прави тоа, но секогаш го прави!

Но, тоа беше интересно искуство. Откако ја продадов таа акција и ги префрлив парите на сметката, си помислив, *Леле, да знаев дека толку многу ќе скокне вредноста, ќе ставев многу повеќе од 1.500 долари*. Кога гледаме наназад, секогаш гледаме со поголема јаснотија. Да,

можев да ставам 10.000 долари, или вашиот ум можеби мисли: *Што ако ставев 100.000 долари? Помислете на сумата на пари што ќе ти ја донесеше таа инвестиција.* Но јас не ставив 100.000 долари. Не ставив 10.000 долари. Не ставив ни 5.000 долари; ставив 1.500 долари. Мојот профит беше ограничен. Вложив 1.500 долари, и иако сигурно би сакал повеќе, тоа немаше да се случи бидејќи вложив само 1.500 долар

Библијата во Лука 6:38 ни кажува што всушност се случи, зошто не заработив повеќе пари таа вечер.

> *„Давајте и ќе ви се даде: мерка добра, набиена, натресена и преполна ќе ви дадат в пазуви; <u>зашто со каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери</u>.“*
>
> —Лука 6:38

Видете, јас ја одредив мерката, и таа ми беше измерена според моја мерка – потенцијалот што го имав таа вечер беше директно пропорционален на она што го вложив. Исус вели дека истото начело важи и за вашето давање.

Има една приказна во Библијата што го покажува овој закон. Од оваа приказна можеме да научиме многу повеќе за законот на мерката.

> *Една од жените на пророчките синови со плачење му говореше на Елисеј: „Твојот слуга, мажот мој, умре; а ти знаеш дека твојот слуга имаше страхопочит кон Господ; сега дојде заемодавачот да ги земе двете мои деца за робје.“*
>
> *Елисеј ѝ рече: „Што да направам за тебе? Кажи ми што имаш дома?“*
>
> *Таа одговори: „Слугинката твоја ништо нема во домот свој, освен еден сад со масло.“*
>
> *А тој рече: „Оди и побарај садови однадвор, од сите твои соседи, празни садови; собери доволно, потоа оди и затвори ја вратата зад себе и зад синовите свои и налевај во сите тие садови; полните ставај ги настрана.“*
>
> *Таа си отиде од него и ја затвори вратата зад себе и*

*зад синовите свои. Тие ѝ подаваа, а таа налеваше. Кога беа наполнети садовите, таа му рече на синот свој: „Дај ми уште еден сад.“*

*Тој ѝ рече: „Нема повеќе садови.“ И маслото престана да тече.*

*Таа дојде и му раскажа на Божјиот човек. Тој ѝ рече: „Оди, продај го маслото и исплати ги долговите свои; а со тоа што ќе остане, ќе живееш со синовите свои.“*

—2 Царевите 4:1-7

Оваа одлична приказна содржи толку многу откровение за Царството.

Оваа жена бара помош од пророкот. Таа има големи долгови и е на работ да ги изгуби своите синови. Но, интересно е тоа што пророкот не вади пари од својата каса. Наместо тоа, тој ѝ поставува многу чудно прашање во контекст на околностите: „Што имаш во својата куќа?“

Мислам дека прашањето ја изненадило жената, бидејќи речиси може да се слушне нејзиното изненадување во нејзиниот одговор. „Слугинката твоја нема ништо!“, одговорила таа. Во некои преводи стои „воопшто ништо“. Но, таа споменува што има. Не е многу, но таа има мала количина маслиново масло. Тоа е сѐ што пророкот требало да го слушне. Тоа било одговорот. Погледнете ги внимателно неговите упатства.

*А тој рече: „Оди и побарај садови однадвор, од сите твои соседи, празни садови; собери доволно.“*

Собери доволно. Колку е тоа? Мислам дека ќе се согласите дека бројот на садовите што требала да ги собере ќе остане предмет на шпекулирање бидејќи само таа може да дефинира што значело тоа за неа. Таа допрва ќе дознае дека дефинитивно не собрала доволно садови!

*Таа си отиде од него и ја затвори вратата зад себе и зад синовите свои. Тие ѝ подаваа, а таа налеваше. Кога беа наполнети садовите, таа му рече на синот свој: „Дај ми уште еден сад.“*

> *Тој ѝ рече: „Нема повеќе садови.“ И маслото престана да тече.*

Забележете кога маслото престанало да тече — не после одреден број садови туку кога снемало садови. Кога сите садови се наполниле, таа му рекла на синот да ѝ донесе уште еден, а тој рекол дека немало повеќе садови. Сигурен сум дека таа сакала да продолжи, но собрала малку садови. Нејзиното зголемување не било стопирано од Бог, туку од нејзиното размислување.

Сигурен сум дека таа веројатно посакувала да има повеќе садови, многу повеќе садови. И ако навистина разберала што ќе се случи, сигурен сум дека ќе тропнела на секоја врата во градот барајќи садови. Можеби дури би испратила барања до другите градови за да собере уште повеќе садови.

Сепак, приказната има добар исход: нејзините долгови биле платени, а семејството живеело од она што останало откако го продале маслото.

Но, каков можел да биде исходот? Можела да го исплати долгот на *сите* што ги познавала, да изгради нов градски плоштад и да им помогне на уште многу луѓе.

Па, зошто таа собрала само толку садови? Верувам дека одговорот е во тоа дека таа имала менталитет на преживување. Таа била фокусирана на точката на притисок – износот што го должела и што мислела дека ќе биде потребен за да продолжи да се грижи за своите синови. Наместо да размислува надвор од притисокот, таа била фокусирана само да го отстрани. Верувам дека ако собрала илјада тегли, сите ќе биле наполнети. Таа сама си ја одредила мерката!

Бог на сите ни ја дава истата можност што ја имала жената. Сите ние мора да избереме каква мерка ќе одредиме.

Дозволете ми да објаснам додека го разгледуваме нашиот клучен стих за ова поглавје.

> *„Давајте и ќе ви се даде: мерка добра, набиена, натресена и преполна ќе ви дадат в пазуви; зашто со*

*каква мерка мерите, со таква и ќе ви се мери.“*

—Лука 6:38

Сите ние сакаме да го цитираме првиот дел од овој стих – дека ако даваме, ќе жнееме во изобилство. Но, многупати го игнорираме вториот дел, делот кој вели дека ќе жнееме само *според истата мерка што ја користиме кога даваме.*

Зошто овој принцип е толку витален за вас и мене? Па, дозволете ми да ви дадам еден пример.

Да речеме дека сте земјоделец почетник и ви речам дека сакам да купам 1,5 тони пченица. Се договараме за цената и вие се подготвувате да го посеете вашето земјиште од 10 хектари со пченица.

Мислам дека знаете што ќе се случи. Ќе ви недостасува многу пченица за да го исполните нашиот договор. Зошто? Затоа што немате поим колку хектари се потребни за да се соберат 1,5 тони пченица.

**КОЛКУ ХРИСТИЈАНИ ПОДГОТВУВААТ МНОГУ КАМИОНИ ЗА ДА ЈА СОБЕРАТ ЖЕТВАТА И ДА ЈА ОДНЕСАТ НА ПАЗАР, НО ЗАСЕДИЛЕ САМО ДВЕ РАСТЕНИЈА ДОМАТИ?**

Мерката во примерот на земјоделецот е бројот на хектари што тој ги засадил. Во случајот на жената, тоа било бројот на садови што ги собрала. Во примерот на Исус, тоа е количината што ја сееме.

Значи, ако жетвата што ја очекуваме не е компатибилна со мерката што ја одредивме да ја примиме, тогаш нè очекува разочарување, а веројатно луѓето со малку разбирање би можеле дури и да Го обвинат Бог за она што изгледа како неуспех на Неговото Слово.

Значи, тука е прашањето од милион долари: ако на земјоделецот му требаат 1,5 тони пченица и нема поим колку хектари треба да посее за таа жетва, што треба да направи?

**Да праша земјоделец што знае!**

Сега да го разгледаме овој принцип во реална ситуација

што ја гледам цело време.

Едно семејство сака да отплати хипотека од 300.000 долари и знаат дека треба да посеат семе и да се договорат како маж и жена и да ја ослободат својата вера. Но, колку треба да посеат? Постојано го добивам ова прашање. Колку треба да посеат за да ја одредат мерката за жетва од 300.000 долари? Тие не знаат. Треба да прашаат некој што знае, а тоа е Светиот Дух.

Сите сме слушнале како Тој го шепоти одговорот на тоа прашање многупати. Обично без добро учење, ние едноставно го отфрламе тој мал глас како нешто што не можеме да го направиме. На пример, кога сеете семе за нешто што ви треба, чувствувате дека треба да посеете 1.000 долари. Веднаш, вашиот ум стапува на сцена и вели: „Не, не можам да го сторам тоа“, или уште полошо, „Сатано, бегај од мене“.

Едно нешто во кое можете да бидете сигурни е дека <u>сатаната никогаш нема да ви каже да сеете повеќе во Царството</u>. Тој е целосно свесен за овој закон на Царството. Така, во овој случај, бидејќи немате развиено доверба во принципот на одредување мерка, кога вашиот ум се расправа, вие попуштате и ги давате вообичаените 100 долари. И, се разбира, како примерот со пченицата, ужасно ни недостасува потребната жетва.

Пред да продолжиме понатаму, морам да разјаснам нешто.

Сумата што ја давате не е наметната од сумата што треба да ја пожнеете!

Да погледнеме во Лука 21:1-4:

> *Кога ги подигна очите, виде како богатите ги пуштаат своите прилози во касата на храмот. Виде исто така и една бедна вдовица, која пушти таму две лепти, па рече: „Вистина ви велам, оваа бедна вдовица од сите повеќе приложи; сите овие дадоа прилози на Бога од својот вишок; таа, пак, пушти од својата немаштија – сиот имот што го имаше.“*

Забележете дека Исус вели дека сиромашната вдовица

дала повеќе од сите богати луѓе кои дале тој ден. Богатите давале многу повеќе пари, но Библијата вели дека тие давале од своето богатство, или можеме да кажеме од нивните вишок пари. Сиромашната вдовица дала од својот живот, а за тоа било потребно голема вера.

Не е потребна вера за да се даде од вашиот вишок. Се разбира, дарежливото давање од вашето изобилство е добра работа, но во тој ден, луѓето можеле да гледаат што ставале луѓето, а богатите, многупати, давале да бидат видени од луѓето и да добијат религиозен статус меѓу нивните врсници.

Значи, не ја одредуваме мерката според тоа колку пари ни се потребни. Колку сееме е многу важен дел, но не е единствениот дел.

Треба да запомниме дека она што е „многу" за една личност не е нужно многу за друга.

Во раните денови, илјада долари беше ОГРОМНА сума на пари за мене. Всушност, кога почнавме, таа сума ја дававме во текот на неколку месеци. Но, нашата способност растеше и можевме да даваме многу повеќе како што нашата вера и самодоверба растеа.

Еве што им велам на луѓето: Кога сеете за нешто, одвојте миг и прашајте Го Светиот Дух што да сеете и каде да го посеете.

Вообичаено, за сеидба за рутински потреби не е потребна толкава вера колку што би била потребна за сеидбата за голем пробив, како што на пример би било сеидба за исплата на вашиот дом. Кога сеам за големи работи, секогаш сакам да го *чувствувам* тоа. Тоа што сакам да кажам е дека не сакам само да давам од мојот вишок. Сакам да посеам доволно за да *почувствувам* дека и мојата вера е вклучена. Количината мора да биде доволно голема за да може да го поттикне моето тело да реагира и да слушам глас во мојот ум: *Дали си сигурен за ова?*

Светиот Дух ќе ви ја каже сумата кога ќе Го прашате; само бидете сигурни дека навистина сакате да Го послушате.

Многупати мене ми требаше помош во оваа област.

Бидејќи јас ги плаќам сметките, на Дренда ѝ е секогаш полесно да ја слушне сумата што треба да ја посееме и да немаме никакво двоумење. Дали се сеќавате на приказната што ви ја кажав за семето од 200.000 долари за кампусот на нашата црква?

Па, не ви ги кажав сите детали од таа приказна. Тоа требаше да биде тригодишна обврска, не долг, туку цел што си поставивме да дадеме во тој временски период. Кога дојде денот да ги соопштиме нашите намери и да го посееме нашето почетно семе, навистина мислев дека треба да дадеме 150.000 долари. Но, Дренда ми кажа дека слушнала дека треба да дадеме 200.000 долари. Ги отфрлив нејзините зборови и инсистирав дека треба да дадеме 150.000 долари. На самата богослужба таа повторно инсистираше да дадеме 200.000 долари, но повторно одбив.

Непосредно пред да го посееме нашето семе тој ден, еден земјоделец во мојата црква стана и побара да зборува. Тој ги охрабри сите таму да Му веруваат на Бог за нивната жетва. Тој продолжи да објаснува дека, како земјоделец, е зависен од законите за сеење и жнеење за да преживее и дека смета дека истите се доверливи. Тој рече дека секоја година троши 200.000 долари само за сеење на семето. Потоа продолжи велејќи дека, на почетокот, може да изгледа глупаво само да се фрлат 200.000 долари во земјата, бидејќи штом ќе се посеат, нема да има начин да се вратат. Но, тој нагласи дека законот за сеење и жнеење секогаш преовладува со жетва што е многу поголема од тие 200.000 долари што тој ги троши за сеење.

Дренда ме удри благо со лактот во страната. Знаев што сака да каже, и ја послушав – ветивме 200.000 долари, и навистина толку посеавме. И се сеќавате како Бог ја поттикна потпретседателката да ни го даде годишниот бонус таа година – точниот износ беше 200.000 долари. Не нѐ чинеше ниту денар да го посееме тоа семе. И, како што реков во претходното поглавје, тој бонус го добиваме веќе со години и од истиот сме добиле многу повеќе од 2 милиони долари приход.

Видете, умот на Дренда не беше полн со детали за сите

сметки, не оставајќи простор да се подигне страв. Таа едноставно Го слушна Бога. И во реалноста, требаше и јас да Го слушнам Бог. Но, ова беше прв пат да посееме дури и близу до таа сума, така што да, се препуштав на стравот бидејќи станувaше збор за толкава сума. Му благодарам на Бога за мојата сопруга, која ме поттикна да Му верувам на Господ за таа поголема сума.

*Секогаш* ќе ни треба вера за да сееме, *секогаш*. Затоа, да не дозволиме стравот да нè спречи да го собереме сето она што Бог се обидува да ни го даде.

> *„Ова, пак, ви го велам: кој така скржаво сее, така скржаво ќе жнее; а кој богато сее, богато и ќе жнее.“*
>
> —2 Коринтјаните 9:6

Во овој текст, Павле собира принос за друга црква и ги потсетува луѓето на едно начело што очигледно им го пренел претходно, дека ќе жнеат тоа што ќе посеат и согласно мерката што ја сеат. Павле го наведува принципот на одредување на мерката.

Кога Петар Му го отстапи својот чамец на Исус да го користи тој ден на езерото, видовме дека чамецот на Јаков и Јован се наполни со истата жетва што ја донесе верата на Петар бидејќи тие беа партнери. Но, дозволете ми да ве прашам ова: Ако Петар имаше 1.000 чамци во функција тој ден, колку чамци ќе беа наполнети?

Ако кажавте 1.000, во право сте.

Повторно гледаме како се одредува мерка. Дадената мерка е *садот* што Бог може да го исполни. Затоа, ве охрабрувам да ја одредите мерката со голема визија. Не сакате да погледнете назад и да кажете: „Леле, таа акција порасна за илјада проценти за три часа. Камоли да вложев повеќе“.

Па, што ме поттикна да вложам само 1.500 долари таа вечер откако Светиот Дух ме поттикна да купам акции? Па, според мене тоа беше така затоа што едноставно не побарав од Бог да ми ја каже сумата. Јас едноставно постапив од сопствениот ум и не го слушнав Неговиот глас.

Сега, ве молам, немојте да купувате еден куп акции поради оваа приказна. Како што реков претходно, јас не вложувам многу пари на берзата. Но Бог ме научи лекција таа ноќ – Тој дава семе за сеење и леб за јадење, и тоа беше добар потсетник дека ние ја одредуваме мерката.

Се надевам дека ќе се сетите на оваа приказна следниот пат кога Бог ќе ве потчукне по рамо за да финансирате некоја задача.

Сите ние треба да Му дозволиме на Бог да нѐ обучи во оваа област.

Се сеќавам кога вредноста на имотите во Флорида падна за време на кризата во 2009 година. Имавме пријатели што живееја покрај брегот и често ги посетувавме. Во тоа време низ цела Флорида се продаваа куќи. Додека шетавме по плажата со нашиот пријател еден ден, тој рече: „Сакам да ви покажам нешто".

Отидовме до една куќа на која имаше знак за продажба. Цената беше само 695.000 долари за двете куќи на имотот. (Да, добро прочитавте, две куќи на плажа за 695.000 долари. Куќите беа целосно опремени со мебел. Мислам дека сите ќе се согласиме дека тоа е многу ниска цена.) Едната беше изнајмена и носеше голем приход, бидејќи овие куќи беа веднаш до плажата. Но, едноставно во тој период не можев да видам дека е мудро да се вложат толку финансии, и затоа не сакав да ги купам куќите. (Знам, знам, не баш мудра одлука.) Мојот пријател веќе имаше повеќе куќи и не сакаше да си земе за обврска уште две во тоа време. Мислам, тој ни ги покажа куќите. Не се случува секој ден некој мултимилионер да ви даде инвестициски совет и да каже: „Еве што би направил јас". Се разбира, Дренда велеше дека треба да ги купиме, но јас не сакав.

**ЗАТОА, НЕ ДОЗВОЛУВАЈТЕ СТРАВОТ ДА ВИ ЗБОРУВА КОГА СЕЕТЕ И ОДРЕДУВАТЕ МЕРКА. БИДЕТЕ ХРАБРИ.**

Па, можете да го претпоставите исходот. Тие две куќи беа продадени, а само неколку години подоцна беа препродадени за 3

милиони долари.

Знаете што беше најтажното и најразочарувачкото? Не се ни молев за тоа тој ден. Ја оставив на страна мудроста на Светиот Дух. Ја игнорирав мудроста на мојот пријател и мојата сопруга, која е многу мудра. И покрај сè, реков не затоа што знаев дека таква инвестиција ќе ги одземе сите наши расположливи средства во тоа време, а бидејќи економијата беше нестабилна, едноставно не се чувствував удобно да го направам тоа. Но, како што реков, не Го прашав Бог за совет, што се покажа како скапа грешка.

За жал, имам пропуштено многу жетви (не сите, туку многу), и Бог мораше да се справи со мене за тоа.

Пред повеќе години, Дренда случајно се сретна со Кенет Коупленд додека беше во едно одморалиште, а тој ја поканил да имаат појадок со него и неговата сопруга Глорија.

Додека појадувале, Кенет ѝ рекола на Дренда дека има збор за нас. Таа го сними словото на нејзиниот телефон бидејќи не бев со неа на тоа патување. Отприлика словото беше следно: *„Се обидов да ви дадам куќи и земји, но вие не Ми дозволивте“.*

Леле, тоа беше прекор. Но, додека размислував за сите тие работи на кои реков не, ја видов мојата грешка. Така, решив дека од тој ден, никогаш повеќе нема да ја пропуштам мојата жетва. Откако ја донесов таа одлука, неверојатно, но многу брзо Бог ми ги донесе тие работи за кои имав посеано семе.

Затоа, не дозволувајте стравот да ви зборува кога сеете и одредувате мерка. Бидете храбри. Не знаете како Бог ќе ги спроведе тие работи, исто како што сум сигурен дека вдовицата во 2 Царевите 4 не можела да замисли дека маслото едноставно ќе продолжи да тече. Ако таа знаела, нејзината приказна ќе беше сосема друга приказна. Веројатно сè уште ќе читаме за сиромашната вдовица која станала милијардер во бизнисот со масло.

Конечно, запомнете дека секогаш ќе сеете во поголема и поголема жетва. Вие живеете денес од вчерашната жетва, па затоа треба да го имате на ум тоа кога сеете.

Исто така, запомнете дека секогаш е најтемно веднаш откако ќе го посеете семето. Корпата за семе е празна, а растенијата сè уште не почнале да никнуваат. Но, вие држете се до Божјото Слово, стојте цврсто и молете се во Духот за насоката и деталите за жетвата што Бог ви ја носи.

Сакам да го завршам ова поглавје со една приказна што ја имам раскажано многу пати, но која вреди да се повтори. Се однесува на еден од моите вработени, пред неколку години, кога првпат го учев принципот на одредување на мерката. Тој градеше нов дом и, како што е случајот во повеќе случаи на градење нови домови, тие го надминаа буџетот. Секогаш нешто се менува или додава што ја менува конечната цена.

Па, во овој случај, мојот пријател веќе ги имаше исцрпено сите пари што му беа одобрени од банката, и имаше недостаток. Ако се сеќавам на проблемот, тој немаше доволно пари да ја плати опремата за кујната. Мислам дека му недостигаа некаде околу 25.000 долари.

Една вечер, тој човек заедно со еден друг вработен во мојата компанија отидоа на богослужба. Кон крајот на проповедта, проповедникот собираше прилог за одредена цел, не се сеќавам на деталите за тоа, но колегата на човекот што ја градеше куќата дојде кај мене и ми рече дека тој човек се бори со нешто таа вечер.

Тој ми објасни дека колегата излегол напред и го дал својот прилог, но се вратил и седнал на своето место. Но, изгледал вознемирено. Потоа ми кажа дека станал и се вратил напред и дал уште повеќе пари. Враќајќи се на своето место, изгледал уште повознемирен од првиот пат. Седел таму неколку минути, а потоа, со воздишки, повторно истапил напред и дал повеќе пари. Третиот пат кога се вратил изгледал мирен и вознемиреноста исчезнала.

Подоцна истиот месец, човекот што ја градеше куќата пред црквата сподели сведоштво дека таа вечер на богослужбата посеал семе за парите што му биле потребни за да ја плати кујнската опрема. Ако добро се сеќавам, градежникот решил да му даде попуст на опремата за

50%, и така можел да ја плати конечната сметка.

Па, што се случуваше таа ноќ? Човекот што ја градеше куќата ми рече дека едноставно немал мир додека третиот пат не отишол и дал сè што имал. Видете, тој се молел на Бог да може да ги плати тие 25.000 долари, а Светиот Дух го водел да ја одреди потребната мерка што требала да му ја донесе жетва што ја барал.

Затоа, следниот пат кога ќе сеете, запомнете го овој многу важен закон на Царството, законот на мерката.

ДЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ДАРЕЖЛИВИОТ ЦАР

Сигурен сум дека сите сме го направиле ова. Некој ни дава комплимент, а ние одговараме со зборовите: „О, го купив ова на попуст за 5 долари“.

Зошто кажуваме такво нешто? Зошто се срамиме затоа што имаме убави работи? Интересно и тажно е што кога го изградивме нашиот нов дом во природа пред повеќе од 20 години, всушност се молевме тој да биде голем одвнатре, но да изгледа мал однадвор. Бевме нови пастори и чувствувавме дека луѓето ќе се соблазнат ако градиме голема куќа. Во тоа време, не примавме никаков приход од црквата – куќата ја градевме со пари од нашиот сопствен бизнис – но поради некоја причина, чувствувавме дека луѓето ќе помислат дека ги земаме од црквата. Така, изградивме дом од 7.700 квадратни метри простор, но ако ја погледнете куќата, во основа изгледа како нормална двокатна куќа.

Подоцна сфативме колку е тоа глупаво. Зошто да се срамиме од Господовиот благослов?

Ја користам оваа аналогија на моите конференции.

Да претпоставиме дека излегувам на говорница облечен во парталава и валкана облека и изјавувам дека денес имаме повод за славење; денес јас и Дренда целосно ја исплативме куќата. Потоа споделувам за тоа колку напорно сме работеле (понекогаш 80 часа неделно) за да го исплатиме долгот, но на крај сме успеале.

Сите би ракоплескале и би викале. Зошто? Затоа што некој всушност го победил системот. Постои излез.

Но, ако излезам на платформата и речам: „Денес, еден непознат човек дојде и ни даде еден милион долари, а ние со тие пари си ја исплативме куќата“.

Секој ќе каже дека тоа не е фер. Зошто? Затоа што сме израснати во проколнатиот земен систем на труд и пот. Така сме научени да се погрижиме за нашите потреби. Се разбира, тоа е систем на ропство, бидејќи повеќето никогаш немаат чувство на вистинска финансиска слобода. И заради тоа, повеќето никогаш не ја откриваат својата вистинска цел, нивната духовна ДНК. Поради системот на преживување во кој живееме, повеќето финансиски одлуки се носат околу *пари*, а не водени од стратешка *цел*. Луѓето сонуваат да бидат слободни да ги остварат своите соништа и страсти, но за повеќето тоа никогаш не се случува.

Пред неколку години, Бог почна да ме потсетува дека двојната порција е наша. Двојната порција нè ослободува од проколнатиот земен систем на преживување и постојаната склоност да се трудиме со мака и пот да преживееме.

Накратко, двојната порција значи *повеќе од доволн*о. Кога имаме повеќе од доволно тогаш можеме да живееме без долгови и да бидеме вклучени во Божјото дело наместо да ги продаваме нашите животи за пари.

Иако со години зборував за двојната порција на моите конференции, чувствував дека Господ сака да ми покаже нешто што сè уште не го разбирав. Знаев дека има повеќе отколку што гледам, и Го замолив Светиот Дух да ми покаже што е тоа.

Почнав да ги проучувам стиховите што зборуваат за двојната порција и чекав Господ да ми покаже што ми недостасува. Па, Тој ми го привлече вниманието и ми ја пренесе пораката на еден многу драматичен начин.

Добив повик од еден господин што никогаш не сум го сретнал, еден од нашите партнери во службата. Откако ги прочитал моите книги, сфатил дека сакам да ловам, па ми се јави и ми рече: „Сакам да ти купам пушка. Каква пушка немаш?“

Во тоа време, ја имав стандардна универзална основна

пушка што ја користев за сè, од лов на елени до лов на патки, фазани и зајаци. Имав и двоцевка со калибар 20 што татко ми ми ја купи кога имав 16 години. Но, отсекогаш ме интересираа прекрасните пушки што ги гледав често во ловечките списанија. Секогаш беа прекрасно гравирани, со совршени дрвени делови и секогаш беа направени до совршенство. Така, му кажав која пушка отсекогаш сум сакал да ја имам. Бев во шок кога тој ми рече дека ќе ми испрати таква пушка. Тоа сигурно беше необично, и јас бев воодушевен.

Секако, една недела подоцна, во мојата црковна канцеларија пристигна кутија, и кога ја отворив, имаше не една, туку *две* од најубавите пушки од тој вид што сум ги видел.

Брзо му се јавив на мојот партнер и му се заблагодарив за тој прекрасен подарок.

Следната недела ми испрати уште две! Сега имав четири од најдобрите пушки што некогаш сум ги поседувал. Повторно му се јавив, а ми рече дека многу често луѓето не му се јавуваат да му се заблагодарат за неговите подароци; и бидејќи јас го сторив тоа, тој одлучил да ми испрати уште две. Очигледно, знаев дека тоа е од Бог. Тоа се случи токму во периодот кога Го прашував Бог за двојната порција.

Па, да ја скратам приказната, по пошта ми стигаа пушки, секогаш во парови. Набргу, имав веројатно ЧЕТИРИНАЕСЕТ нови пушки, сите со највисок квалитет. Тоа не беа евтини пушки. Тие вредеа илјадници долари.

Потоа, некој ми даде два бисерно бели џипови кадилак ескалад. Во тоа време, возевме хонда пилот стара десет години што многу ја сакавме (хондите се секогаш одлични автомобили), но тие не се ескалади.

Дренда веќе неколку години сакаше чанта Луј Витон, затоа јас ѝ подарив една како специјален Божиќен подарок пред неколку години. Но, на нејзиниот роденден оваа година, таа доби – ќе погодите – ДВЕ чанти Луј Витон, секоја од различни луѓе.

Во тој период го добивме и нашиот втор авион, како и две куќи на плажа покрај океанот, а како врв на сè, на

Божиќ ни беа подарени две црни бунди од визон, секоја вредна по 10.000 долари.

Овде сакам да застанам и да нагласам дека целта не ми е да се фалам, бидејќи ништо од тоа не направив јас! Пушките едноставно се појавија. Двете бели ескаладе едноставно се појавија. Чантите едноставно се појавија. Будните од визон едноставно се појавија.

Двете куќи, се разбира, ги добивме на поинаков начин, но неколку години претходно имавме посеано семе за куќа на плажа. Не знаев, а таа не ми кажа во тоа време, но неколку години претходно, Дренда видела куќа што ѝ се допаднала во едно списание за недвижнини. Таа се сеќава како покажала на сликата и рекла: „Господи, ја сакам оваа куќа". Во тоа време, имавме премногу други финансиски обврски и проекти така што немавме пари на располагање за да купиме куќа во Флорида, но знаевме дека некоја ќе се појави во вистинско време.

Еден ден додека трчав, Господ ми зборуваше и ми рече: *„Испрати ја Дренда на Флорида утре за да го купи домот што го сака"*. Чувствував итност во зборот утре, па реков: „Леле. Па, во ред, Господи".

Така, Дренда замина за Флорида и погледна 25 различни куќи. Помеѓу куќите што ги гледала, постојано се навраќала на една бидејќи ѝ оставила најголем впечаток, како да е куќа за неа.

Дојдов и јас да ја видам куќата со неа и се согласив дека е совршена. (Во тоа време, таа заборави на денот кога покажала на списанието за недвижнини и исповедала дека ќе ја поседува таа куќа. Поминаа околу три години од тој момент, и немавме можност да ја видиме куќата лично.)

Склучивме договор за куќата што таа ја сакаше; и еден ден, додека седевме во нашиот дом во Охајо и работевме на некои од инспекциските извештаи потребни за договорот, Дренда одеднаш извика: „Тоа е мојата куќа!"

Бев изненаден, бидејќи договорот за куќата беше пред финализирање. „Се разбира, тоа е твојата куќа", реков.

„Не разбираш", рече таа. „Тоа е *истата куќа* на која покажав во списанието за недвижнини пред неколку

години!“

Потоа се сетив дека списанието за недвижнини што таа го гледала пред три години имаше домови во истиот град. Дали е можно тоа да биде истата куќа? Дренда беше сигурна дека тоа е истата куќа и почна да ги именува карактеристиките на домот што ѝ го привлекол вниманието пред неколку години. Тие се совпаѓаа со овој дом. Така, направив мало истражување и навистина, куќата што ја купувавме била огласена за продажба во годината и периодот во кој Дренда рече дека ја забележала и исповедала дека ќе ја поседува. Но, потоа видов дека, поради некоја причина, во основа веднаш откако таа изјавила дека ќе ја поседува таа куќа, истата била отстранета од пазарот.

Додека ја проучував историјата на оваа куќа, сфатив дека сè до пред неколку денови таа не била на продажба. Не е ни чудо што Светиот Дух ми кажа да ја испратам Дренда во Флорида следниот ден!

Така, ја купивме таа куќа на плажа и Дренда конечно ја доби својата желба, нешто за што сонуваше цел живот. Потоа, во истата година, наследивме друга куќа на плажа во Канада. Леле!

Ако не забележавте до сега, сè што ни испраќаше Бог беше со висок квалитет; мислам, врвна работа. Бевме во мал шок поради сето тоа што се случи. Но Господ ми зборуваше и ми рече: *„Знам дека не ти ТРЕБААТ четиринаесет пушки. Знам дека не ти требаат две бели ескаладии...*“ и го помина целиот список.

Потоа рече: *„Сакам Моите деца да бидат свесни, тие го поседуваат целиот имот и со големо задоволство сакам да им давам добри работи на Моите деца“*.

**ТОЈ МЕ ПОТСЕТИ ДЕКА ТОЈ Е БОГ НА ПОВЕЌЕ ОД ДОВОЛНО, БОГ НА ДВОЈНАТА ПОРЦИЈА.**

Тој ме потсети дека Тој е Бог на повеќе од доволно, Бог на двојната порција. Тој потоа продолжи и ми кажа дека Неговиот народ не размислува на големи нешта, не сонува за големи нешта и дека го

ограничува она што Тој може да го направи за нив.

Дренда и јас бевме малку изненадени од сето она што Господ ни го покажуваше. Сфативме дека треба да им кажеме на луѓето за двојната порција. Двојната порција не значи буквално две од сè – Господ го користеше тоа за да ми го привлече вниманието. Двојната порција значи *повеќе од доволно*.

Тогаш Бог ми рече дека треба да ја научам мојата црква на овој принцип и да споделам за сите нешта што Тој ни ги даде и како се случи сето тоа.

Сега, Дренда и јас сме прилично дискретни во врска со она што го имаме, бидејќи материјалните работи не се живот, и секако никогаш не сакаме да ставаме акцент на работите што ги имаме или да ги поттикнуваме луѓето да се стремат кон материјалното. Но, ние не ги баравме овие работи; Господ ни ги испрати. Така, во период од 11 недели ние поучувавме за двојната порција во црквата и мислам дека повеќе од било кој друг серијал овој серијал за двојната порција најверојатно го имаше најдлабокиот ефект врз финансиите на нашите луѓе.

Но, знаете што? Некои луѓе исто така ја напуштија црквата затоа што беа навредени од тоа што го поучував. Мислеа дека не ми требаат сите тие пушки, или два автомобили ескаладе, или две куќи на плажа, или два авиони или две прекрасни бунди. Мислеа дека јас само се фалам и ги пренагласувам материјалните *нешта*.

Но, тие ја пропуштија целата поента – Бог ни покажуваше дека Тој е повеќе од доволен. Во Неговото Царство не постои борба за опстанок како што тоа е случај на земјата. Неговото Царство е царство на повеќе од доволно, и Тој ужива изобилно да ги благословува Своите деца.

Морав да ги потсетам луѓето дека јас не го направив тоа. Бог го направи тоа за да потенцира една вистина – а тоа не е дека секој треба да вози скап автомобил, туку дека сака да престанеме да се задоволуваме со малку и да Го ограничуваме. Тој сака да престанеме да кажуваме не од навика, ограничувајќи го Него во она што сака да го прави. Тој сака да знаеме дека Тој е Бог на повеќе од

доволно.

Многу е важно ова да го разбираме и да го имаме на ум кога дискутираме за дарежливоста. За да бидете дарежливи треба да имате со што да бидете дарежливи, особено за да можете да бидете дарежливи во *секоја* прилика. Знам дека Бог го привлече моето внимание и научив никогаш да не се срамам од Божјата добрина.

Следната есен, еден пастор ме праша дали може да лови на мојот имот. Секогаш им велам на луѓето дека не дозволувам други да ловат додека јас и моите деца не ги уловиме нашите елени, а потоа дозволувам неколку луѓе да дојдат да ловат пред да заврши сезоната на лов. Така, таа есен сите уловивме елени, па го поканив пасторот да дојде да лови.

Денот кога дојде, го пречекав за да му дадам насока каде да лови. Видов дека тој користи стара пушка за птици, што значи дека има само месингови зрнца за пукање. Таквите пушки не се наменети за лов на елени. Во таков случај ловецот мора да биде близу до еленот, бидејќи старите пушки за птици не се многу прецизни во ловот на елени. Но, се разбира, можете да ги користите, како што и јас ги имам користено неколку пати во текот на мојата ловечка кариера.

Но, додека седев таму и разговарав со него, се сетив дека една од пушките што ми ги испрати Бог беше навистина убава пушка за лов на елени. Всушност, таа беше најдобра од таа серија. Почувствував како Светиот Дух вели*: „Зошто не му ја дадеш на овој пастор пушката за лов на елени што ја доби? Имаш уште неколку пушки за лов на елени, но тој нема ниту една добра пушка за лов“.*

Така, му ја дадов таа пушка, и тој беше многу среќен. Тој дар му зборуваше за Божјата добрина и го охрабри во верата.

Се сеќавате што ви кажав пред неколку поглавја – дека дел од парите и некои работи што ги поседувате не се за вас? Бог ви ги испратил за да се погрижите за нечија потреба.

Еве што сакам да кажам: Вие сте дел од дарежливо Царство со дарежлив Цар, но никогаш нема да уживате

во сето она што го има Царството ако не го скршите духот на сиромаштија што прави да го чувате за себе она што го добивате.

Знам дека веројатно сте го гледале ТВ-шоуто за луѓето што чуваат секакви предмети дома. Нивниот дом е толку преполн со ѓубре што не можете ни да се движите нормално низ него. Во многу случаи, домот мора да се урне или повторно да се изгради бидејќи е во лоша состојба. Така изгледаат нашите срца кога сме полни со алчност и сакаме да чуваме резерви за црни денови. Не треба многу да се врзуваме за парите и имотот.

Навистина е тешко да се биде дарежлив кога само се борите да преживеете. Бог сака да знаете дека во Неговата куќа има изобилство, затоа слободно бидете дарежливи. Вашата великодушност ги поканува луѓето во Царството Божјо и ги отвора нивните срца да ја примат Неговата добрина и великодушност. Запомнете, Божјата добрина е таа што ги води луѓето кон покајание.

*„Зашто Царството Небесно прилега на домаќин, кој излегол наутро рано да изнајми работници за своето лозје. Па, штом се спогоди со работниците по денариј на ден, ги прати во лозјето свое.*

*Потоа, кога излезе околу третиот час и виде други како стојат на пазариштето без работа, им рече: ‚Одете и вие во моето лозје, па што е право, ќе ви дадам.‘ И тие отидоа.*

*Пак излезе околу шестиот и деветтиот час и направи исто.*

*А околу единаесеттиот час одново излезе и најде други, како стојат без работа, и им рече: ‚Зошто стоите тука цел ден без работа?‘ Тие му одговорија: ‚Никој не нѐ повика.‘ А тој им рече: ‚Одете во моето лозје.‘ (И што е право ќе добиете.)*

*А кога се стемни, господарот на лозјето му рече на својот настојник: ‚Повикај ги работниците и плати им, почнувајќи од последните па до првите.‘*

*И дојдените околу единаесеттиот час добија по денариј. А кога дојдоа првите, помислија дека ќе*

*примат повеќе; но и тие добија по денариј; и штом добија, негодуваа против господарот и велеа: ,Оние последните работеа еден час, а ти ги изедначи со нас, што ја претрпевме тежината на денот и жегата.'*

*А тој им одговори и му рече на еден од нив: ,Пријателе, не те онеправдувам: нели се погоди со мене за денариј? Земи си го своето и оди си; и на овој последниов, сакам да му дадам колку и тебе; зар немам право да чинам со своето што сакам? Или ти е окото завидливо, зашто сум дарежлив?'*

*Така ќе бидат последните први, а првите – последни; (зашто мнозина се повикани, но малкумина се избрани).“*

—Матеј 20:1-16

Значи, што вели Исус во оваа парабола? Пред сѐ, треба да признаеме дека сопственикот на земјиштето го претставува Таткото, а родот што го бара не е соја или пченка, туку душите на луѓето. Работниците сме ние, луѓето што Тој ги испраќа на полињата за жетва. Постојат две работи за кои верувам дека Исус сака да ги видиме. Прво, забележете колку цврст во своите намери да најде помош е сопственикот на земјиштето:

*„Зашто Царството Небесно прилега на домаќин, кој излегол наутро рано да изнајми работници за своето лозје.“*

Станува рано за да најде работници и излегува одново во текот на денот за да најде некој што може да му помогне на неговите ниви. Има итност во неговите постапки. Жетвата е зрела и мора да се бере, или ќе се изгуби. Забележете дека дури вработува работник на само еден час до затворањето.

*„А околу единаесеттиот час одново излезе и најде други, како стојат без работа, и им рече: ,Зошто стоите тука цел ден без работа?' Тие му одговорија: ,Никој не нѐ повика.' А тој им рече: ,Одете во моето лозје.' (И што е право ќе добиете.)“*

Еве ја мистеријата на оваа споредба: Зошто исто ги плати и тие што почнаа први да работат и тие што почнаа последни? Одговорот го наоѓаме во 15от стих.

*„И дојдените околу единаесеттиот час добија по денариј. А кога дојдоа првите, помислија дека ќе примат повеќе; но и тие добија по денариј; иштом добија, негодуваа против господарот и велеа: ‚Оние последните работеа еден час, а ти ги изедначи со нас, што ја претрпевме тежината на денот и жегата.'*

*А тој им одговори и му рече на еден од нив: ‚Пријателе, не те онеправдувам: нели се погоди со мене за денариј? Земи си го своето и оди си; и на овој последниов, сакам да му дадам колку и тебе; <u>зар немам право да чинам со своето што сакам? Или ти е окото завидливо, зашто сум дарежлив</u>?'"*

## <u>ДАЛИ МИ ЗАВИДУВАТЕ ЗАТОА ШТО СУМ ДАРЕЖЛИВ?</u>

**БОГ СЕ ГРИЖИ ЗА ЛУЃЕТО, И АКО СЕ ВКЛУЧИТЕ ВО НЕГОВОТО ДЕЛО, ТОЈ Е МНОГУ ДАРЕЖЛИВ И ЌЕ ВЕ НАГРАДИ МНОГУ.**

Додека ја читавме оваа парабола, можевме да помислиме: *Еј, тоа не е фер!* И би биле во право доколку гледаме на нештата низ призмата на нашиот проколнат земен систем каде што платата е пропорционална на часовите поминати во работа. Но, како што реков претходно, тоа не е Божјиот менталитет. Сопственикот на земјиштето сакаше да биде сигурен дека оние кои дојдоа подоцна во текот на денот и беа неправедно платени премногу, ќе ја видат неговата дарежливост и ќе сакаат да продолжат да работат за него. И не само тоа, сопственикот на земјиштето сакаше тие да се вратат кај сите свои пријатели и да им кажат колку биле платени и колку господарот бил дарежлив кон нив. Значи, кој е заклучокот од параболата? Бог се грижи за

луѓето, и ако се вклучите во Неговото дело, Тој е многу дарежлив и ќе ве награди многу.

## Можете ли да примате бесплатно од Бога?

Исус ја кажува една од најневеројатните параболи во Библијата за примањето, знам дека сте ја слушнале, параболата за блудниот син.

Сакам да ја прочитате, па ќе разговараме за тоа. Останете со мене. Скоро сме на крајот од книгата и не сакам да заминете додека не ме слушнете. Приказната ја наоѓаме во Лука 15. Тоа е прилично долг текст, но ве молам одвојте време да го разгледате.

*И рече: „Еден човек имаше два сина. Помладиот од нив му рече на татка си: ‚Татко, дај ми го делот што ми припаѓа од имотот!' И таткото им го раздели имотот.*

*По неколку дена, помладиот син, кога собра сè, отиде во далечна земја и таму го потроши својот дел, живеејќи блудно. И откако потроши сè, настана голем глад во таа земја и тој се најде во мака; па отиде кај еден човек во таа земја и се погоди, и тој го прати во своите полја да пасе свињи. И страден беше да го наполни својот стомак макар и со рокчиња што ги јадеа свињите, но никој не му ги даваше.*

*А кога дојде на себеси, рече: ‚Колку наемници кај татко ми имаат леб во изобилие, а јас, пак, тука умирам од глад. Ќе станам и ќе отидам кај татко ми и ќе му речам: „Татко, згрешив против Небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници."' Па стана и отиде кај татка си.*

*И кога беше уште далеку, го виде неговиот татко и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива.*

*И синот му рече: ‚Татко, згрешив против Небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син!'*

*А таткото им рече на слугите свои: ‚Изнесете*

*најубава промена и облечете го, и дајте му прстен на раката негова и обувки на нозете; па доведете едно згоено теле и заколете го; да јадеме и да се веселиме, зашто овој мој син мртов беше и оживе, изгубен беше и се најде.‘ И почнаа да се веселат.*

*А постариот негов син беше в поле; и на враќање, кога се приближи до куќата, слушна песни и извици. И тогаш повика еден од слугите и го праша: ‚Што е ова?‘ А тој му рече: ‚Брат ти си дојде и татко ти закла згоено теле, затоа што повторно здрав го доби.‘*

*Тој се налути и не сакаше да влезе. Тогаш излезе татко му и го молеше. А тој му одговори на татка си и му рече: ‚Еве, ти служам толку години и никогаш не ја прекршив твојата заповед; и мене не си ми дал ни едно јаре за да се провеселам со моите пријатели; а кога дојде овој твој син, што го упропасти својот имот со блудници, за него ти закла згоено теле.‘*

*А тој му рече: ‚Синко, ти си секогаш со мене и сѐ мое е твое; но требаше да се зарадуваме и развеселиме, зашто овој твој брат беше мртов и оживе, изгубен беше и се најде.‘“*

—Лука 15:11-32

Прво, треба да разбереме зошто помладиот син ја напушти татковата куќа. Одговорот е затоа што тој ја имаше истата погрешна слика за таткото како и неговиот постар брат. Запомнете, постариот брат изјави дека цел живот му робувал на својот татко, а сепак никогаш не добил ниту една млада коза да ја сподели со своите пријатели. За постариот брат, таткото бил тежок господар. Можеби ќе прашате зошто постариот брат не замина со помалиот син. Ова е моето мислење, но по еврејскиот обичај, постариот син наследувал двојна порција по смртта на таткото. Помладиот син немаше право на таа придобивка. Така, моето мислење е дека постариот син имаше нешто што еден ден ќе биде негово, и одлучи дека вреди да остане.

Помладиот син сакаше да најде позелени пасишта и да излезе од авторитетот на татко му, па го зеде својот

дел од наследството и си замина. Но, кога замина, се најде во свет кој не го очекуваше. Откако снема пари, откри дека целата земја кон која трчаше е тотално сиромашна. Настапи силен глад низ целата земја. Очаен за храна, тој направи нешто што му беше тотално туѓо. Се продаде себеси како наемник во замена за храна. Тогаш за прв пат во него се роди тој наемнички менталитет. Претходно сите негови потреби беа снабдени поради самиот факт дека тој беше син, а не за тоа што го прави. Сега принуден да работи, можеше да најде само работа во свињарник, тотално нечиста и одвратна работа за еден Евреин. Библијата вели дека тој бил толку гладен што копнеел по остатоците што ги јаделе свињите, но никој не му ги давал и тие. Причината? Сите беа во иста каша како и тој, скршени и во режим на преживување. Дали нешто од ова ви звучи познато? Како и да е, еден ден се освести и се сети дека дури и слугите во куќата на неговиот татко имаат повеќе од доволно за јадење.

> *А кога дојде на себеси, рече: ,Колку наемници кај татко ми имаат леб во изобилие, а јас, пак, тука умирам од глад. Ќе станам и ќе отидам кај татко ми и ќе муречам: „Татко, згрешив против Небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници."' Па стана и отиде кај татка си.*

Сфаќајќи дека има многу храна дома, тргна да се врати во куќата на својот татко не како син, туку како роб, како наемник. Тој планираше да му ја признае грешката и гревот на својот татко, а потоа да го моли да му дозволи да се врати како слуга. Меѓутоа, кога се приближи до својата куќа, татко му беше надвор. Кога го виде, татко му со прегратка и бакнеж дотрча кон него.

> *„И кога беше уште далеку, го виде неговиот татко и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива."*

Ајде да добиеме јасна слика за тоа што се случува,

бидејќи оваа приказна е навистина аналогија за односот меѓу нашиот Татко и нас. Овој син се врати директно од свињарникот. Според еврејскиот закон, тој тогаш беше нечист. Во моментот кога таткото го прегрна, и тој стана нечист, но тоа го направи доброволно за љубовта кон својот син. Наместо да го прекорува малиот син и да го казни поради неговата глупост, таткото го покри со најубавата облека. Потоа му стави прстен на прстот, што значеше дека му беше вратен авторитетот како син. Потоа, му стави сандали на нозете, што значеше дека има пристап до целиот имот. Овој обичај го гледаме во Рута 4:7.

*„Порано во Израел, кога се откупуваше и разменуваше нешто, заради потврдување на размената постоеше ваков обичај: едниот ги собуваше обувките свои и му ги даваше на другиот, и тоа служеше како сведоштво во Израел.“*

И на крај, му приредија забава на која го заклаа најдебелото теле.

Овој млад син се врати со надеж дека во најдобар случај ќе биде наемник, но таткото го врати како син.

*И синот му рече: ‚Татко, згрешив против Небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син!‘*

*А таткото им рече на слугите свои: ‚Изнесете најубава промена и облечете го, и дајте му прстен на раката негова и обувки на нозете; па доведете едно згоено теле и заколете го; да јадеме и да се веселиме, зашто овој мој син мртов беше и оживе, изгубен беше и се најде.‘ И почнаа да се веселат.*

Но сакам посебно да го забележите следниот дел од оваа приказна.

*А постариот негов син беше в поле; и на враќање, кога се приближи до куќата, слушна песни и извици. И тогаш повика еден од слугите и го праша: ‚Што е ова?‘ А*

*тој му рече: ,Брат ти си дојде и татко ти закла згоено теле, затоа што повторно здрав го доби.‘*

*Тој се налути и не сакаше да влезе. Тогаш излезе татко му и го молеше. А тој му одговори на татка си и му рече: ,Еве, ти служам толку години и никогаш не ја прекршив твојата заповед; и мене не си ми дал ни едно јаре за да се провеселам со моите пријатели; а кога дојде овој твој син, што го упропасти својот имот со блудници, за него ти закла згоено теле.‘*

*А тој му рече: ,Синко, ти си секогаш со мене и сѐ мое е твое; но требаше да се зарадуваме и развеселиме, зашто овој твој брат беше мртов и оживе, изгубен беше и се најде.‘*

Кога постариот син се приближи кон куќата, одби да влезе откако дозна што се случува. Забележете што вели постариот син. *„Еве, ти **служам** толку години и никогаш не ја прекршив твојата заповед; и мене не си ми дал ни едно јаре за да се провеселам со моите пријатели.“* Тој вели дека татко му е тежок господар, и како се нарекува себеси? Роб! Но, како таткото го нарекува него во стих 31? Синко! Еве ја мојата поента.

Пораснавте гледајќи на Бог како што овие две деца гледаа на нивниот татко, дека тој е тежок господар, што значи дека нема никаква награда во тоа да Му служиме. Религијата ве научила дека треба да заслужите за Бог да ве прифати. Меѓутоа, сликата на помладиот син за неговиот татко се промени кога татко му го прифати назад без казна и го прими како свој син, а не како роб. Односот на постариот син со неговиот татко се засноваше на она што тој го правеше, така што тој му служеше и секогаш се трудеше да постапува како што треба. Кога вашиот идентитет го гледате низ призмата на она што го правите, секогаш ќе паѓате и погрешно ќе гледате на оние околу вас како луѓе кои никогаш не се задоволни со вас. Но, за волја на вистината, постариот брат беше свој тежок господар до тој степен што не можеше да ја прими татковата добрина. Кога го обвинува татко си дека е неправеден и вели дека никогаш не му дал ниту коза да

ја сподели со пријателите, татко му го вели следново.

*„Синко, ти си секогаш со мене и сѐ мое е твое.“*

Тој не вели: „Робу“. Го нарече син! Синот е косопственик на имотот; тој е семејство. Робот нема наследство. Знаете, постариот брат веќе имал пристап до сѐ на имотот. Но, неговата изопачена перспектива за неговиот татко и сопствениот неточен поглед за себе не му дозволија да се опушти и да ужива во она што веќе беше негово, бидејќи тој се гледаше себеси како наемник.

Зошто одвоив толку време за да разговараме за ова? Затоа што наемниците имаат навистина тешко време да примаат од Бога! Тие секогаш чувствуваат дека мора да ја заслужат Неговата наклоност; и бидејќи потфрлуваат, чувствуваат срам, страв и недостојност да примат од Таткото. Доколку не го поправите ова гледиште за себе, никогаш нема да можете да примате бесплатно од Таткото. И запомнете, треба да можеме да примаме бесплатно ако сакаме да бидеме дарежливи како нашиот Татко.

Не можете да ја заслужите вашата положба кај Бога; тоа ви е дар на љубов. Ми се допаѓа она што го пишува во Матеј 3:16-17.

> *И штом се крсти, Исус веднаш излезе од водата. Одеднаш Му се отворија небесата и Го виде Духот Божји како слегува како гулаб и се спушта над Него. И ете, глас од небесата говореше: „Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!“*

Ова беше во моментот кога Исус ја започнуваше Својата служба. Тој сѐ уште не направи ништо за да ја заслужи Божјата пофалба, но забележете што вели Бог, дека Го љуби и дека е задоволен од Него.

Дали се сеќавате на двајцата крадци кои беа на крст кога Исус беше на крстот? Еден рече: „Сете се на мене кога ќе дојдеш во Твоето царство“. Исус одговори: „Вистина, ти велам, уште денес ќе бидеш со Мене во рајот“. Што

направи крадецот за да го заслужи тоа? НИШТО!

Кога го повикуваме името на Исус, Библијата вели дека се новораѓаме и преминуваме од царството на темнината во Царството Божјо. Што направивме за да го заслужиме тоа? НИШТО.

Затоа, како што привршуваме со ова поглавје, запомнете дека не заслужив ништо од оние работи што Бог ми ги испрати таа година. Тој се обидуваше да ми помогне да разберам дека го добив целото Царство кога го повикав името на Исус. Не морав да ги заработам. Треба само да ја примам Неговата добрина и дарежливост. Откако ќе бидете во можност да ја примите Неговата дарежливост, можете да бидете дарежливи со Неговата добрина.

ЕДИНАЕСЕТТО ПОГЛАВЈЕ

# ВЕТУВАЊЕТО ЗА ОНИЕ КОИ СЕ ДАРЕЖЛИВИ

Бил и неговата сопруга, Ејприл, поседуваат мал семеен водоводен бизнис веќе 14 години. Како членови на црквата *Вера и Живот*, тие можеа да го видат целиот раст што се случи низ годините, како и сите сведоштва за победите. Така, кога слушнаа дека ќе ја проширувame црковната зграда за да имаме поголемо влијание во заедницата, тие дадоа целосна поддршка.

Ејприл сподели дека таа била целосно подготвена да дадат 10.000 долари за проектот, но била целосно изненадена кога Бил се вратил дома од продавница и ѝ рекол дека Господ му кажал да дадат 75.000 долари, а не 10.000 долари.

Тие не знаеле како тоа ќе биде можно, но Ејприл се согласила да дадат 75.000 долари за проширувањето на црквата. Но, повторно немале пари или идеја од каде ќе дојдат тие пари.

Неколку недели подоцна, добиле повик од градскиот водовод и биле информирани дека се прави голем проект за поправка на водоводните мрежи и ги прашале дали би биле заинтересирани да се пријават на тендерот. Тие одговориле позитивно и почнале да ги подготвуваат правните чекори и документите потребни за извршување на таков проект за градот. Ејприл ми кажа дека договорот бил долг над 100 страници, а тие исто така морале да имаат обврзница. Станувало збор за комплициран процес,

но тие сепак успеале да ги комплетираат сите документи и да се пријават на тендерот. Подоцна дознале дека тие биле единствената компанија која доставила понуда за проектот и немале поим како и зошто биле контактирани да аплицираат.

Откако го поднеле договорот, биле повикани на состанок каде што им било кажано дека се премногу мала компанија за да ја завршат таа работа бидејќи станувало збор за план за работа на 200 куќи за само 75 дена. Но, по одредена дискусија, тие ги убедиле градските службеници дека можат да се справат со тоа.

Бил вели дека тоа било проект со целосен ангажман на сите негови вработени и со работа до доцните часови, како и работа во сабота. Но, знаете што? Тие го завршија проектот на време и можеа великодушно да дадат 75.000 долари за црковниот проект, како и да го платат целиот свој долг во тој процес. Беа воодушевени!

Знаете, Бог имаше поголем план за Бил и Ејприл отколку што тие имаа за себе. Тој ги знаеше нивните срца за Него, но сакаше да ги растегне малку, и да го прошири нивниот капацитет.

Сега, откако веќе беа одбрани да вршат проекти за општината и откако успешено го завршија договор за градот, вратата им стои отворена за уште поголеми договори во иднина.

Бог сака да ги растегнува луѓето. Тој го знае нашиот потенцијал, но ние често не го знаеме сопствениот потенцијал и обично ни треба малку подбутнување. Ова е шема на која треба да се навикнете.

> *„Зашто, Тој ќе постапи како човекот, кој тргнувајќи на пат, ги повика слугите свои и им го предаде својот имот; и на едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според способноста негова; и веднаш замина. Оној што зеде пет таланти, отиде, ги употреби во работа и спечали други пет таланти; и исто така и оној што зеде два таланта, спечали други два; а оној, што доби еден талант, отиде и го закопа в земја и така ги сокри парите на својот*

*господар.“*

—Матеј 25:14-18

Оваа парабола ја прочитавме претходно, но сакам да истакнам нешто што не го разгледувавме.

Забележете дека кога сопственикот им ги дели задачите на своите слуги, пишува дека задачите биле доделени „секому според неговите способности“. На оној на кој му беа дадени пет таланти злато му беа доверени пет таланти, што значи дека моментално имал капацитет да управува со пет таланти. Да имаше поголема способност, или капацитет, сопственикот ќе му дадеше повеќе. Истото важи и за другите двајца слуги.

Но, погледнете што се случи. Слугата со петте таланти заработи пет други таланти. Што се случи во тој процес? Па, просто кажано, неговата способност или капацитет се зголеми од ниво пет на ниво десет. Неговиот капацитет да се справи со одговорноста и управувањето се зголеми. Тој стана многу повреден за сопственикот и беше во добра позиција за понатамошно унапредување.

Сега, тука е мудроста на сопственикот. Го знаеше карактерот на слугата со петте таланти злато. Знаеше дека има потенцијал да се искачи на тоа ново ниво. Иако сопственикот му даде на слугата пет таланти злато, што е неговото сегашно ниво на капацитет, задачата што му ја даде на слугата со тие пет таланти би собрала повеќе од она со што слугата започна и би го турнала на ново ниво на капацитет за управување.

Сопственикот знаеше дека единствениот начин да го направи својот слуга покорисен е да му дозволи да се растегне и да го остави да ја открие својата способност за себе. Истиот процес Бог го користи во нашите животи за да нè направи покорисни и да нè обучи за задачите што Бог ги има за нас.

*„Верниот во малку и во многу е верен, а несправедливиот и во многу и во малку е несправедлив.“*

—Лука 16:10

Како што кажав во претходното поглавје, нема мали задачи. Ќе растете низ секој од нив, и со секоја задача ќе се зголеми вашиот капацитет за наредната.

Сум минувал низ овој процес многу пати. И секој пат сум во искушение да мислам: *Не, не можам да го направам ова. Не знам како, или немам време.* Но, секој пат кога велам: „Да, растегнат сум“ и станувам поспособен да го достигнам мојот потенцијал.

Луѓето можат да го погледнат мојот живот и да мислат: *Ох, сигурно е многу лесно да се биде без долгови, да се биде на телевизија, да се има приватен авион. Леле, каков живот.* Па, се согласувам - каков живот; тоа е добар живот и славен живот! Но, не знаете како дојдовме во животот таму каде што сме денес. Не ја знаете упорноста што беше потребна, многу пати под екстремен притисок, за да дојдеме до ова ниво на капацитет.

И јас сè уште растам, а Бог продолжува да ми дава уште поголеми задачи. Чувствувам дека постојано сум растргнат со поголеми проекти и дека ми требаат повеќе пари за да ги реализирам тие проекти. Но, јас не би го менувал притисокот (а понекогаш и хаосот) за ништо, затоа што на тој начин Бог ме обучува да го постигнам сето она што сум повикан да го постигнам.

Кога би можел да ви дадам еден совет, тоа би било НЕ СЕ ОТКАЖУВАЈТЕ! Дозволете Му на Бог да ве растегне во личноста што треба да бидете.

Бог секогаш доаѓа да ни помогне. Тој никогаш не нè остава на цедило. Вашата иднина е пред вас и мора да продолжите.

## Дали ќе дозволите Бог да ве растегне?

Бев на еден молитвен состанок во среда навечер. Мојата ќерка се молеше кога одеднаш застана, ме погледна и почна да пророкува. Еве што кажа: Господ вели, „Жетвата е преголема за тебе. Те растегнувам. Само преку Мојот Дух можеш да разбереш што ќе се случи. Дали ќе истапиш напред и ќе дозволиш да те водам на тешки места, надвор од твоето разбирање, на невозможни места?“

Си помислив, *О не, знам што значи ова*. Не ми беше прв пат да искусам такво нешто.

Го ценам фактот што Бог ме прашуваше дали ќе Му дозволам да ме води на тешки места, невозможни места. Знам дека тие создаваат одлични приказни и дека Бог секогаш се појавува.

Но, ја знам и болката од истегнување, цената што треба да се плати за да одите некаде каде што никогаш претходно не сте биле. Но, и ова е големо НО, знам и за Божјата добрина и за Неговиот систем за унапредување, па веднаш реков: „ДА!“

Бог сака да го извади на површина потенцијалот што го ставил во вас. Само така ќе стигнете до својата задача од Бог. Мора да ве истегне! Како Бог нè растегнува? *Притисок.*

Ако надувате еден балон и потоа го испуштите воздухот, балонот потоа е растегнат; тој е поголем. Така е и со вас и со мене. Кога го прифаќаме притисокот и не се откажуваме, нашиот капацитет расте. Капацитетот значи поголеми проекти и поголеми средства. Знаете, убаво е да зборувате за дарежливост додека Бог не ви каже да дадете 100.000 долари. Или да го подарете вашиот омилен автомобил. Вашата доверба во Бог мора да расте, и вашиот капацитет мора да расте.

Неколку недели откако му кажав „да“ на Бога на тој молитвен состанок, дознав за што се работи. Добивме понуда да имаме емисии на ТВ *секој ден* во неделата наместо како до тогаш, само еднаш неделно. Можеби звучи прекрасно, но постојат многу детали што мора да се средени пред да се согласите на таква промена. Прво, тоа значеше дека цената за емитување веднаш ќе се зголеми за 500%, а ние во тоа време едвај можевме да платиме за една емисија неделно. Второ, требаше да продуцираме и уредуваме пет емисии неделно, а немавме телевизиски оддел. Во тоа време, во една недела снимавме емисии за тој тековен месец, и за таа цел ангажиравме надворешна компанија. Тие ги монтираа и уредуваа емисиите, и ги испраќаа на ТВ станицата и така ја вршеа целата работа за нас. Но, тогаш сфатив дека ќе треба да најдам некој

од нашиот тим да го води целиот тој проект. А поголем проблем беше што јас и Дренда не знаевме како да започнеме ТВ-оддел. Но, се трудевме да научиме што е можно повеќе за таа сфера.

Во однос на финансиите, сè уште работевме на нашиот црковен кампус, и едноставно немавме дополнителни средства за да започнеме со телевизија. Од аспект на продукција, моравме да купиме опрема и камери и да ангажираме персонал што знае да работи со нив. Имаше денови кога сето тоа изгледаше невозможно. Но, Бог беше верен и постојано ме охрабруваше мене и Дренда, а ние продолживме.

Нашата најголема пречка дојде околу четири месеци од почетокот на дневните емитувања кога дознавме дека имаме заостанат долг од половина милион долари за емисијата. Тоа беше особено тешко затоа што името на нашата телевизиска програма е *Решавање на проблемот со парите.*

Размислував дали ќе можеме воопшто да продолжиме со емитување. Чувствував дека не можам да продолжам со интегритет ако не можам да ја платам сметката за емисијата. Морав да се борам со многу сомнежи во тоа време. Но, повторно, Бог е верен, а Дренда ми беше големо охрабрување.

Во сон таа недела, Бог ми покажа дека сите сметки ќе бидат платени наеднаш, нешто што сметав дека е природно невозможно. Но, тој викенд во црквата, се собраа сите 500.000 долари, сметките за емисијата беа израмнети, и оттогаш никогаш повеќе не сме биле во долг.

Леле, тоа беше навистина неверојатно патување!

Се променивме низ тој процес. Сега произведуваме по *две* дневни програми и трошиме милиони за да го проповедаме евангелието. Се навраќаме на она со што се соочувавме тогаш, и нештата не изгледаат толку големи како тогаш. Треба секогаш да ви биде на ум она што го научивме во првото поглавје: Божјата благодат работи со вас! Одејќи со Бог сите овие години, секако разбирам зошто повеќето од посланијата на Павле започнуваат

со зборовите: **„Благодат и мир од Бог, нашиот Татко и Господ Исус Христос“**.

Треба да запомниме дека не сме сами. Неговата благодат, таа натприродна моќ, делува во нашите животи. Потребна е храброст да се каже да и да се зачекори во непознатото, но вреди; можам да посведочам за тоа.

Дренда и јас патувавме низ светот проповедајќи го евангелието. Со свои очи ги имаме видено сите чуда што се запишани во Новиот Завет. Имаме видено илјадници променети животи и го искусивме најдоброто од Земјата. Нема подобро место од тоа да се живее во Божјата цел!

Мојата молитва за вас е да изобилувате во секое добро дело што Бог ви го дава да го правите и да се сетите колку е важно да се биде дарежлив.

На крајот, еве еден од моите омилени Псалми:

*„Алилуја! Блажен е оној човек, кој се бои од Господ и кому му се мили Неговите заповеди. Неговото потомство ќе биде силно на земјата; родот на праведните ќе биде благословен. Слава и богатство ќе има во неговиот дом; и правдата негова ќе преуспева вечно. На праведните во темнина им изгрева светлина; тие се благородни, милостиви и справедливи. Има добро за човек што е дарежлив и на заем дава; тој праведно ги извршува своите работи; и никогаш нема да се разниша; праведниот останува во вечен спомен. Од лоши гласови нема да се уплаши; срцето му е спремно, зашто се надева на Господ. Срцето му е цврсто: тој нема да се уплаши, кога – годе ќе погледне во непријателите свои. Тој разделува, дава на сиромаси; правдата негова останува вечно; неговиот рог ќе се возвиши во слава. Грешниот, кога ќе го види тоа, ќе се јадосува, ќе крцка со забите свои и ќе се топи. Желбата на грешникот пропаѓа.“*

—Псалми 112:1-10

Ми се допаѓа делот за јадосувањето на грешните. Бог секогаш го има последниот збор. Успехот е секогаш најголемата одмазда.

Ако ја знаете мојата приказна, знаете дека едвај завршив средно училиште. Кога Бог ми рече да одам на факултет откако ме повика да проповедам, не бев многу среќен за тоа.

По предметот англиски јазик во прва година, морав да напишам есеј. Мојот професор ми го врати есејот со огромна „5ка“ на првата страница и белешка на која пишуваше: „Дали воопшто си бил во средно училиште?“ Морав да ангажирам тутор што ми помагаше да го научам она што никогаш не го научив во средно училиште.

**НАУЧЕТЕ КАКО ФУНКЦИОНИРА ЦАРСТВОТО И ЌЕ УЖИВАТЕ ВО ДОБРИОТ ЖИВОТ ШТО ГО ВЕТИЛ!**

Кога излезе мојата прва книга, добив мејл од тој професор по англиски јазик. Тој беше напишал: „Дали е можно ова да е истиот Гери Киси што доаѓаше кај мене на час?“ Беше многу шокиран кога виде дека напишав книга.

Еј, со Бог шокирајте ги сите ваши пријатели!

Едно лице со кое учев во средно училиште дојде еднаш во мојата бизнис канцеларија и рече: „Едноставно не разбирам. Гери едвај го заврши средното училиште, а сега е на телевизија низ целиот свет?“

Сакам такви приказни, и Бог сака такви приказни! Затоа запомнете, вашата приказна не е завршена. Настојувајте да бидете дарежливи додека го претставувате Божјото срце каде и да одите. Научите како функционира Царството и ќе уживате во добриот живот што го ветил Бог!

—Гери Киси

*„Бидејќи извршувањето на таа служба не само што ги надополнува потребите на светиите, туку и во множина предизвикува обилна благодарност кон Бога; и тие, користејќи ги плодовите од таа служба, Го прославуваат Бога за вашето покорно исповедање на Евангелието Христово и за штедроста на заедницата*

*со нив и со сите други. А тие со молитви за вас копнеат по вас поради преизобилната благодат Божја во вас. Да Му благодариме на Бога за Неговиот неискажлив дар!“*

—2 Коринтјаните 9:12-15

Доколку сакате да дознаете повеќе за Forward Financial Group или нашите стратегии за безбедно инвестирање, посетете ја страницата forwardfinancialgroup.com.

Ако сакате да дознаете повеќе за нашите конференции за финансиска револуција или ако сакате да бидете домаќини на таква конференција, контактирајте нè.

Посетете ја страницата
на **FLNFree.com** за
бесплатно преземање на
дополнителни материјали за
поучување на вашиот јазик!

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување
на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**

# ВАШАТА ФИНАНСИСКА РЕВОЛУЦИЈА

## Моќта на дарежливоста

**Бог сака да бидете благословени и да напредувате за да можете да бидете дарежливи во секоја прилика!**

Никогаш нема да бидете слободни сè додека не сте слободни во финансиите. И токму како што Дренда и јас говориме во последните 30 години, нема да го знаете вашиот вистински идентитет и нема да можете да чекорите во вашиот духовен повик сè додека не ја промените вашата финансиска состојба.

**МОЖЕТЕ ДА БИДЕТЕ СЛОБОДНИ!**

Јас сум доказ за тоа, но и илјадници други. Божјата благодат е достапна да ви помогне. Постојат задачи што треба да ги извршите но нема да можете без финансии. Мора да бидете слободни во финансиите не само заради вас и вашето семејство, туку и за луѓето да го видат Царството Божјо на дело во вашиот живот.

**Луѓето се во потрага по одговори. Ја бараат вистината. Тие очајно имаат потреба да го видат Царството, а не религија.**

Бог е добар, и Тој е дарежлив. Кога ние сме дарежливи всушност го покажуваме Божјото срце на другите. Како чаша ладна вода во топол ден, нашата дарежливост носи олеснување и надеж на овој свет кој се наоѓа во пустина од сиромаштија.

Во оваа петта и последна книга од серијалот *Вашата Финансиска Револуција*, од Гери Киси, дознајте како можете да бидете партнери со Бог во *Неговата* цел и искусете прекрасни нови нивоа на успех.

Стекнете се со јасно разбирање на дарежливоста како моќен принцип на Царството и како таа функционира во оваа исклучителна книга полна со свежи откровенија, силни примери од Божјото Слово, и инспиративни лични сведоштва од животот на Гери и други луѓе кои ја примениле моќта на дарежливоста во своите животи и како резултат на тоа искусиле драстични резултати.

**Дарежливоста го покажува Божјото и вашето срце на другите.**



Гери Киси е автор, говорник, претприемач, финансиски експерт и пастор, кој има горлива желба да им помага на луѓето да извојуваат победи во животот, особено во областите на верата, семејството и финансиите. Гери и неговата сопруга Дренда имаат создадено неколку успешни бизниси и се основачи на Faith Life Now, во чија продукција се две телевизиски програми – ***Решавање на проблемот со парите*** и ***Дренда***, конференции ширум светот и практични ресурси. Гери и Дренда исто така се пастори на црквата Faith Life, во близина на Колумбус, Охајо.

P.O.Box 779, New Albany, OH 43054 | garykeesee.com

Сакате повеќе БЕСПЛАТНИ материјали за поучување на вашиот јазик? Одете на **FLNFree.com**